Има кодови

- Листата е подредена според тоа дали уредот има дијагностички кодови за грешки.

DX,PC,DIAG,CONTROLLER-A8-22DEC15

Информации за дијагностика

Изберете контролер од листата за дијагностика на контролер за подетални информации.

ЗАБЕЛЕШКА: Дисплејот се поставува во Дијагностички режим кога ќе се избере контролер. Дијагностичкиот режим се отстранува кога се затвора страната за контролер.

Дијагностички адреси

ВАЖНО: Променувањето на поставките во Дијагностичките адреси може да ја оштети машината или контролерите на приклучниот уред. Следете ги упатствата и бидете внимателни кога ги променувате вредностите на адресите.

Контролерите имаат адреси кои ги складираат вредностите за различните поставки. Секоја адреса е идентификувана преку број и тип на адресата. Податочните адреси можат само да се гледаат (на пример, информација за верзијата на софтверот) додека пак влезните адреси можат да се уредуваат (на пример, поставки за калибрација).

Дијагностички кодови за грешки

Се прикажуваат тековните и складираните кодови за избраниот контролер. Изберете код од листата за да ги видите деталите за кодот.

Информации за контролерот

Информациите за контролерот прикажуваат детални спецификации и информации за идентификација од контролерот. Ова информација е корисна за дијагностика на ISOBUS.

DX,PC,DIAG,INFO-A8-22DEC15

Криење на дијагностичкиот центар

PC15331—UN—08JUL13

Криење на дијагностичкиот центар

Дисплејот се поставува во дијагностички режим откако ќе се избере контролер. Изберете Криење на дијагностичкиот центар за да ја минимизирате апликацијата и да се вратите во главната страница.

Копчето Криење е корисно за пристапување до друг дел од дисплејот за време на постапката на калибрација. За да се вратите во истата страница за дијагностика, изберете ја апликацијата Дијагностички центар од менито.

ЗАБЕЛЕШКА: Оставањето на дисплејот во дијагностички режим не се препорачува, затоа што може негативно да влијае на перформансите.

Отстранете го дијагностичкиот режим преку затворање на страницата за контролерот.

DX,PC,DIAG,HIDE-A8-22DEC15

Дијагностички кодови за грешки

PC15332—UN—08JUL13

A—Копче за освежување
B—Копче за бришење на кодови

Картичката дијагностички кодови за грешки ги прикажува сите тековни и складирани кодови кои се појавиле за системот.

Одберете го копчето за освежување (A) за да избришете, и потоа да ги превземете сите кодови.

Одберете го копчето за бришење на кодови (B) за да ги отстраните сите кодови од екранот.

Прикажување и подредување

PC15333—UN—09JUL13

Типови кодови

A—Аларм за стопирање
B—Аларм за сервисирање
C—Аларм за информации

Изберете го копчето до **View by** (приказ според) за да го промените начинот на прикажување на кодовите. Достапните прикази се:

Код

- Приказот според "Код“ ги наведува сите кодови на дисплејот. Тип на код (A—C), детали, статус и броење, сето тоа е прикажано. Изберете код од листата за да ги видите деталите за кодот.

Уред

- Приказот според “Уред” ги наведува сите контролери на магистралата CAN Bus. Се прикажуваат ID на уредот, мрежа CAN и дали уредот има кодови. Изберете контролер во листата за да ги видите кодовите за уредот.

Детали за код



PC15334—UN—09JUL13

Детали за код

A—Тип на дијагностички код за грешка
B—Број на дијагностичкиот код за грешка
C—ID на уред
D—Мрежа CAN Bus
E—Статус на код
F—Број
G—Дијагностички код за грешка
H—Опис на дијагностичкиот код за грешка

Изберете го дијагностичкиот код за грешка за да ги видите деталите за кодот.

DX,PC,DIAG,DTC-A8-07APR17

Приказ на хардверот

Следниве информации се достапни на графичкиот хардвер:

Хардвер

- Дисплеи и процесор
  - Броеви на дел
  - Сериски броеви
  - Работни часови
- Присуство на УСБ

Електричен

- Директен напон
- Напон преку контактниот клуч
- Магистрала CAN на приклучниот уред и на возилото
  - Висок напон за магистралата CAN
  - Низок напон за магистралата CAN

ЗАБЕЛЕШКА: Моменталниот напон на CAN bus се дава просечно секоја секунда.

Друго

ЗАБЕЛЕШКА: Машината мора да биде опремена за да се добиваат одредени информации.

- Влезен статус за радарот

- Фреквенција на радарот
- Статус на прекинувачот за приклучен уред

DX,PC,DIAG,READINGS-A8-07APR17

Информации за магистралата CAN Bus

Картичката Информации за магистралата CAN Bus го прикажува статусот на комуникацијата помеѓу контролерите на магистралата CAN Bus. Магистралата CAN Bus на возилото ги приклучува контролерите како што се моторот, хидрауликата и преносот. Магистралата CAN Bus на приклучниот уред ги поврзува контролерите како што се приемникот StarFire™, втор ISOBUS дисплеј и ISOBUS приклучни уреди.

PC15335—UN—09JUL13

A—Зелен индикатор, нормален опсег
B—Жолт индикатор, надвор од опсегот

Некои вредности прикажуваат зелен индикатор или жолт индикатор со извичник. Во зависност од конфигурацијата на машината и на приклучниот уред, може да се очекува жолта.

- Зелен индикатор (A) — вредност во делот на нормален опсег.
- Жолт индикатор (B) — вредност вон делот на нормален опсег.

DX,PC,DIAG,CANINFO-A8-07APR17

Вредности за магистралата CAN Bus

Мрежен статус

Активно

- Системот работи како што е очекувано. Покрај дисплејот, најмалку уште еден контролер е поврзан и комуницира со магистралата CAN Bus.

Неактивно

- Дисплејот не комуницира со ниеден друг контролер на магистралата CAN Bus. Ако дисплејот е единствениот контролер на магистралата CAN Bus, се зголемува Бројот на вкупни пораки, но мрежниот статус не е активен.

Број на вкупни пораки

Бројот на вкупни пораки е бројот пораки испратени преку магистралата CAN Bus. Кога машината работи, оваа вредност постојано се зголемува затоа што секогаш има пораки кои се испраќаат преку магистралата CAN Bus.

Висок напон за магистралата CAN Bus и низок напон за магистралата CAN Bus

Врвниот напон е највисокиот просечен напон кој настанал од последното ладно стартување. Мерењата на напонот се средни вредности за секоја секунда. Напоните за највисок напон за CAN и за најнизок напон на CAN најчесто се во опсегот помеѓу 1,8 и 3,3 волти.

ЗАБЕЛЕШКА: Ладно стартување настанува кога дисплејот бил исклучен за 24 часа или откако директниот напон бил исклучен од дисплејот.

Искористеност на магистралата Bus

Информациите за магистралата CAN Bus се испраќаат во пораки помеѓу контролерите. CAN Bus-от на John Deere приклучниот уред работи со бауд стапка од 250 kbd, што значи може да го префрла напојувањето до 256,000 пати во секунда за пренос на пораки. Ова е 100% искористеност на Bus-от.

Ако еден контролер, како што е на приклучен уред, не работи како што се очекува, причина за тој проблем може да биде 45% или повисоката искористеност на Bus-от. Некои уреди не можат да ги испратат или да ги добијат сите потребни пораки поради високо оптоварување на магистралата Bus.

ЗАБЕЛЕШКА: Некои ISOBUS приклучни уреди не работат со оптеретеност на Bus-от поголема од 25%.

Еден StarFire™ приемник во работна состојба прави оптеретеност на Bus-от околу 5—7%.

Одвојувањето на приклучни уреди или GPS приемници може да ја намали искористеноста на магистралата Bus.

Брзина на пренос на податоци

Брзината на преносот на податоците покажува колку брзо работи магистралата Bus. Магистралата Bus за ИСОБУС и за John Deere приклучни уреди работат со брзина од 250 kbd. Каков било контролер поврзан со овој систем мора да работи на 250 kbd, во спротивно тој нема да работи соодветно.

Состојба на магистралата CAN Bus и број на грешки

Можни се четири состојби на магистралата CAN Bus:

- Активна – магистралата CAN Bus работи без проблеми.
- Пасивна – настанале пасивни грешки.
- Предупредувачка – настанале грешки за предупредување за магистралата Bus.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

- Исклучена – настанале грешки кои ја исклучиле магистралата Bus.

Ако настане една од овие грешки, дисплејот го запишува бројот колку пати настанала таа грешка.

Број на пасивни грешки

- Ако вредноста е поголема од нула, тогаш контролерот на магистралата CAN Bus ги нема примено сите пораки. Важни информации можат да бидат загубени. Ова е најверојатно поради висока искористеност на магистралата CAN Bus.

Број на предупредувања на магистралата BUS

- Ако вредноста е поголема од нула, тогаш постои проблем со некој контролер на магистралата CAN Bus.

Број на исклучувања на магистралата BUS

- Ако вредноста е поголема од нула, тогаш постои проблем со некој контролер на магистралата CAN Bus. Има испуштено одреден број пораки и повеќе не прима пораки. Важни информации се загубени. Ова се случува најверојатно во комбинација со висока искористеност на магистралата CAN Bus.

Број на грешки со пречекорување

- Бројот на грешки со пречекорување укажува дека апликациите или контролерите на магистралата CAN Bus добиваат пораки побрзо отколку што тие можат да се процесираат. Ова доведува до пораки кои недостасуваат како и до неисправност на системот. Ова се случува најверојатно во комбинација со висока искористеност на магистралата CAN Bus.

DX,PC,DIAG,CANVALUES-A8-22DEC15

Мрежа

Мрежното префрлачко копче ги прикажува дијагностичките очитувања за машините што имаат модуларен телематски пристапен дел (MTG). MTG е еден од главните делови што овозможува телематски решенија за John Deere, како што се JDLink™, Service ADVISOR™ Далечински, и Далечински екрански пристап на John Deere (RDA).

MTG содржи управувачки софтвер firmware, целуларен модем и SIM уред. Тој праќа и прима податоци и пораки преку целуларни мрежи.

RDA бара непрекината целуларна врска со функцијата. JDLink™ не бара непрекината целуларна врска затоа што MTG може да складира до 1000 часови на податоци.

DX,PC,DIAG,NETWORK-A8-21OCT16

Синхронизација на податоци

Табот за синхронизација на податоци ги прикажува дијагностичките очитувања за споделените апликации и преносот на податоците.

Споделената работна идентификација ID е единствен број на работната група на која е доделена машината. Секој член на работната група го споделува работниот ID број.

Клиентот на тимот, фармата на тимот и полето на тимот се имињата на клиентот, фармата и полето поврзани со тековната работна група. Користете ја апликацијата за споделување за да направите промени на овие поставувања.

DX,PC,DIAG,DATASYNC-A8-23OCT17

Корисници и пристап

PC17262—UN—12JUL13

Корисници и пристап

Корисници и пристап управува со поставките за корисничките профили за да ги блокира корисниците од одредени функции.

Картичка Кориснички профили

- Промена на профилот за дисплејот и поставување PIN за административен пристап.

Картичка Групи за пристап

- Складирање карактеристики за дисплејот кои се блокирани.

Навигација до Корисници и пристап

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката за системот.
3. Одберете апликација за корисници и пристап.

DX,PC,USERS-A8-22DEC15

JDLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Service ADVISOR е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Кориснички профили

PC17265—UN—15JUL13

A—Профил за администратор
B—Профил за оператор

Дисплејот може да се постави за еден од двата профила, Администратор или Оператор. Активниот профил е прикажан над листата со профили.

Администраторски профил (A)

Профилот за администратор секогаш припаѓа на Групата со целосен пристап. Овозможува неограничен пристап до сите карактеристики и способноста да блокира и деблокира карактеристики за профилот на оператор. Може да се постави PIN за да се блокираат корисниците надвор од профилот за администратор.

Операторски профил (B)

Профилот за оператор секогаш припаѓа на Групата со ограничен пристап. Ограничен е само на карактеристиките до кои има овозможено пристап. Профилот за оператор мора да биде активниот профил и профилот за администратор мора да има PIN за да може да се блокираат карактеристики.

Промена на активниот профил

PC17266—UN—15JUL13

A—Копче Промени профил
B—Копче Уреди
C—Копче Приказ

Одберете го копчето за менување на профил (A) и одберете профил од листата.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако е креиран PIN за профилот за администраторот, мора да биде внесен кога се променува од профил за оператор во профил за администратор.

Додади/промени PIN

Одберете го копчето за уредување (B) за администраторски профил. Изберете го копчето Додади/промени PIN.

DX,PC,USERS,PROFILES-A8-07APR17

Групи за пристап

Групите за пристап ги складираат карактеристиките за дисплејот до кои корисниците имаат пристап. Групата со целосен пристап може да ги користи сите карактеристики на дисплејот, додека пак групата со ограничен пристап може да биде ограничена да користи само одредени карактеристики.

ЗАБЕЛЕШКА: Групата со целосен пристап не може да се уредува.

Групите со ограничен пристап можат да се уредуваат само ако активниот профил е профилот за администратор.

PC17267—UN—15JUL13

A—Копче Приказ
B—Копче Уреди група

Одберете го копчето за приказ (A) за да се прикаже резимето на пристапната група. Одберете го копчето за уредување на група (B) за да направите промени на пристапната група.

Уреди група за пристап

PC17268—UN—15JUL13

A—Икона Деблокирај
B—Икона Блокирај

За секоја наведена апликација, ако нема блокирано карактеристика, се прикажува “Нема блокирано”. Кога карактеристиките се блокирани, тие се наведени под името на апликацијата и иконата се променува во блокирана.

Изберете некоја апликација за да ја означите и изберете го копчето Уреди.

Страницата Уредување на правата за пристап прикажува листа со карактеристики кои можат да бидат блокирани или деблокирани преку променување на прекинувачот за блокирање/деблокирање. Зачувајте ги промените со затворање на страницата.

DX,PC,USERS,GROUPS-A8-07APR17

Управувач на распоредот

PC16678—UN—18MAR13

Управувач на распоредот

Употребете го уредувачот за изглед (Layout Manager) за создавање и измена на работните страни и лентата со кратенки така да важните информации и функции може да бидат достапни од главната страна.

Работните страници се составени од “модули” или блокови кои содржат одредени информации и копчиња. На една работна страница можат да се додаваат, отстрануваат или подредуваат модули.

Неограничен број на работни страници може да бидат создадени и сочувани. Само еден сет на работни страници со до десет работни страници може да бидат создадени.

Прилагодените страници за извршување може да се увезат од друг екран од генерација 4 со иста големина. Увезените страници за извршување се достапни во Сите страници за извршување.

Навигација до Управувач на распоред

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја апликација Управувач на распоред.

DX,PC,LAYOUT-A8-22DEC15

Активна група

PC15336—UN—10JUL13

Активна група

Активниот сет е колекција од најмногу десет работни страни кои се групирани заедно за една дадена работа (т.е. садење или обработување). Кога се кружи низ работните страници на главната страница, се појавуваат само страниците во Активната група.

Изберете ја Активната група за да се прикаже страницата Уреди група на работна страница.

Додавање Работна страница во Активната група

PC15341—UN—10JUL13

Копче за додавање на работна страна

Изберете го копчето Додади работна страница за да се прикаже листа со работни страници кои можат да бидат додадени во групата. Изберете една од работните страници и изберете OK.

Уредување на работните страници во Активната група

PC15338—UN—10JUL13

A—Копче Уреди
B—Копче Дуплирај
C—Копче нагоре
D—Копче надолу
E—Копче Отстрани

Изберете една од работните страници за да се прикаже ред со копчиња за уредување на таа работна страница.

Одберете го копчето за уредување (A) за да ги менувате модулите на сите работни страни.

Одберете го копчето за удвојување (B) за да создадете нова работна страна со истите модули.

Одберете ги копчињата за горе и долу (C и D) за да го смените редоследот на работните страни. Редоследот на работната страница се користи кога се движите низ страниците на главната страница.

Одберете го копчето за отстранување (E за да ја избришете работната страна од активниот сет. Работната страница останува присутна во Сите работни страници, но не и во Активната група.

ЗАБЕЛЕШКА: Копчето Отстрани не се прикажува ако во Активната група има само една работна страница.

DX,PC,LAYOUT,ACTIVESET-A8-07APR17

Лента со кратенки

PC17276—UN—13AUG13

A—Меки копчиња за скратен пристап

Лентата со кратенки е збирка од кратенки на функциски тастери што прикажуваат информации за состојбата и овозможуваат брз пристап до апликациските функции.

Одберете примарна лента со кратенки за да ја измените лентата со кратенки.

Измена на лента со кратенки

PC17386—UN—15MAY14

PC17387—UN—15MAY14

A—Копче Додади
B—Поместување на икона на кратенка
C—Копче кратенка за отстранување

Кратенките може да се додаваат, отстрануваат и преуредуваат на лентата со кратенки.

ЗАБЕЛЕШКА: Иста кратенка може да се стави на лентата со кратенки само еднаш.

Одберете го копчето за додавање на кратенки (A) и изберете апликација со соодветна содржина. Апликациите без достапни кратенки се избледени. Од листата, најдете кратенка која ја изведува посакуваната функција и одберете го копчето за додавање.

Откако е додадена на лентата за кратенки, одберете ја кратенката за да ја нагласите. Притиснете ја кратенката (B) и со лизгање преместете ја на слободен простор.

За отстранување на кратенка, одберете ја кратенката за да ја нагласите и одберете го копчето за отстранување (C).

DX,PC,LAYOUT,SHORTCUTBAR-A8-07APR17

Сите работни страници

PC15340—UN—10JUL13

Сите работни страници

Картичката Сите работни страници ги прикажува сите работни страници кои се креирани на дисплејот. Ова ги вклучува тековните работни страници кои се во Активната група, како и работните страници кои ќе бидат користени при идните операции.

Уредување работна страница



PC15339—UN—10JUL13

A—Копче Уреди
B—Копче Дуплирај
C—Копче Отстрани

Изберете една од работните страници за да се прикаже ред со копчиња за уредување на таа работна страница.

Одберете го копчето за уредување (A) за да ги менувате модулите на сите работни страни.

Одберете го копчето за удвојување (B) за да создадете нова работна страна со истите модули.

Одберете го копчето за отстранување (C) за да ја избришете работната страна од екранот. Ова трајно ја отстранува работната страница од дисплејот и од Активната група.

ЗАБЕЛЕШКА: Копчето Отстрани не се прикажува ако е избрана фабричката стандардна работна страница.

Креирање работна страница

PC15341—UN—10JUL13

Копче Додади нова

Изберете го копчето Додади нова за да креирате нова работна страница.

DX,PC,LAYOUT,ALLRUNPAGES-A8-07APR17

Додавање, уредување или дуплирање работни страници

Истиот интерфејс се прикажува при додавање, уредување или дуплирање работна страница. Нова работна страница е празна, додека дуплирани или уредувани работни страници имаат постоечки модули.

Име на работна страница

PC15337—UN—10JUL13

A—Копче Уреди
B—Копче Додади модул

Секоја работна страница мора да има уникатно име. Одберете го копчето за уредување (A) за да именувате или преименувате работна страна.

Додавање модул

Одберете го копчето за додавање на модул (B) и изберете апликација со соодветна содржина. Од листата, пронајдете го модулот со посакуваните информации и изберете го копчето Додади.

ЗАБЕЛЕШКА: Истиот модул може да биде поставен само еднаш во работната страница.

ЗАБЕЛЕШКА: Започнете со поголеми модули пред да додавате помали модули за целосно да го исполните просторот.

Употребете ја мрежата за да ја одредите големината на простор потребен за модулот.

Подредување модули

PC15342—UN—10JUL13

Поместување модул

Откако ќе биде додаден на работна страница, изберете го модулот за да го означите. Притиснете и лизгајте го модулот за да го поместите во отворена површина.

Отстранување модул

PC15343—UN—10JUL13

Копче Отстрани модул

Изберете го модулот за да го означите, а потоа изберете го копчето Отстрани.

DX,PC,LAYOUT,ADDRUNPAGES-A8-07APR17

Навигација низ работните страници на главната страница

Ако повеќе од една работна страница е во Активната група, постојат повеќе начини за избирање која работна страница ќе се прикажува на главната страница.

Насловна лента

PC17357—UN—03DEC13

A—Насловна лента

Изберете ја насловната лента (A) на врвот на главната страница за да се прикаже листа на сите работни страници што се активни за поставки. Изберете работна страница за да се вратите во главната страница.

Копчиња за следна и претходна работна страница

PC17358—UN—03DEC13

B—Копчиња за следна и претходна работна страница
C—Лизгање со прстот

Изберете ги стрелките или за десно или за лево (B) за да се движите циклично низ работните страници.

Лизгање со прстот

Повлечете со прстот (C) низ екранот, лево или десно, за циклично движење низ работните страници.

Копче за брз пристап до лентата за навигација

PC17359—UN—03DEC13

D—Копче за брз пристап до лентата за навигација

Изберете ја десната стрелка (D) под екранот на CommandCenter™ лентата за навигација.

Проширен екран

Прошириениот екран претставува секундарен приказ кој се користи за прикажување на секундарна активна работна страница.

PC23154—UN—10OCT16

Копче Замени

Одберете го копчето за размена за да ја префрлите активната работна страна на секундарниот приказ. Сите функции на префрлената работна страна си останууваат активни на издолжениот екран. Следната работна страница во активниот склоп станува активна работна страница на примарниот екран.

За повеќе информации околу издолжениот екран, видете на помошта на екранот.

DX,PC,LAYOUT,NAV-A8-30APR18

Полиња и граници

PC17260—UN—11JUL13

Апликација за полиња и граници

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Имињата на полињата обезбедуваат информативна организираност така да е полесно да се најдат и користат податоците, како што се наведувачките линии. Користењето на имињата на полињата е изборно, и се појавува "---" за недефинирани имиња.

Користете ја апликацијата за полиња и граници за да:

- За да го изберете името за локација на полето што се користи за сите други апликации.
- За да создадете име за клиент, фарма или поле.
- Го менува името на клиентот, фармата или полето.
- Поврзува поле на различна фарма или клиент.
- Го брише клиентот, фармата или полето.
- Создадете граници.

Изберете го полето Клиент, фарма и поле за да ја поставите тековната локација и изберете име на полето што ќе го користите за сите други апликации.

Интеграција со наведувањето

- Едно дадено поле може да биде поврзано со една наведувана патека кога патеката е креирана, или со уредување на курсот.
- Листата на наведувани патеки може да биде филтрирана според името на полето.

Страна за стартување на модул

Модулот за локација за полињата на апликацијата се достапни кај апликацијата за уредување на изгледот. Таа е достапна на зададената страна за стартување на наведувањето, и тоа може да биде додадено на секоја страна за стартување.

Одберете поле во модулот за локација за да:

- Ја филтрирате листата на патеките за наведување.
- Ги поврзете новите патеки на полето кога тие се создадени.
- Почнете со нови или продолжете со претходните работни податоци.

Навигација до полињата

1. Изберете мени
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете апликација за полиња.

DX,PC,FIELDS-A8-22DEC15

Управувате со клиентите, фармите и полињата

Организација на поле

PC17389—UN—15MAY14

A—Клиент
B—Фарма
C—Поле

Користете ја следната хиерархија за полесно да се организираат податоците:

- Клиенти (A) се на највисоко ниво на организација.
- Фарми (B) се на средно ниво на организација. Фармата може да биде поврзана со клиент.
- Полиња (C) се на основно ниво на организација. Полето може да се поврзе со фарма и со клиент.

Не е потребна строга хиерархија, иако е можно да се користат само имиња на полињата, и да се остават имињата на фармата и на клиентот празни. Дури не мора воопшто да се користат имиња за полињата.

Овие одлуки зависат од количината на податоци што се чуваат. Повеќе податоци бараат да се има структура со цел да се најде некое поле.

ЗАБЕЛЕШКА: Во претходните прикази на John Deere, мапите и линиите за водење на беа зачувани врз основа на имињата на полињата. Во приказот од 4. генерација, податоците се зачувуваат по точки на географска ширина и должина. Името на полето треба само за да се филтрираат податоците.

Избор и филтер на имиња

Во хиерархијата на клиент, фарма и поле, изберете клиенти и фарми за да ги најдете полињата.

1. Изберете ја картичката за клиенти.
2. Од листата, изберете клиент. Името на клиентот е прикажано на табот на клиентот.
3. Табот на фармата е прикажан автоматски. Ќе се излистаат само фармите поврзани со клиентот.
4. Од листата, изберете фарма. Името на фармата е прикажано на табот на фармата.
5. Табот на полето е прикажан автоматски. Ќе се излистаат само полињата поврзани со клиентот и фармата. Изберете поле.

Отстранете го филтерот

Отстранете го филтерот со избирање на копчето за чистење на избраниот дел.

Креирајте и уредувајте имиња

ЗАБЕЛЕШКА: Клиентите, фармите или полињата не треба да бидат преименувани откако податокот е снимен. Ако е преименувано, променете го името на другите места, како што е John Deere оперативниот центар.

Имињата на клиентот, фармата и полето не може да се удвојат. Имињата поврзани со различни клиенти и фарми мора да бидат единствени.

Картички за клиенти и за фарми

Кога се избрани картичките за клиент или фарма, изберете го копчето Edit (уредување) на дното на страницата за да се прикаже списокот за уредување на клиенти или уредување фарми.

На било која листа, изберете едно име на клиент или фарма за да го уредите истото, или изберете ново копче на дното од страната за да креирате име.

Картичка за полиња

Кога табот на полето е избрано, нагласено е името на полето и изберте го копчето за уредување за да го уредите полето. Изберете ново копче на дното од страната за да креирате име.

Бришење на име

За да избришете име, уредете го клиентот, фармата или полето, и изберете го копчето за бришење на страната за уредување.

- Со бришење на клиентот исто така се бришат сите фарми, полиња и наведувачки патеки поврзани со клиентот.
- Со бришење на фарма исто така се бришат сите полиња и наведувачки патеки поврзани со фармата.
- Со бришење на поле исто така се бришат сите наведувачки патеки поврзани со полето.

DX,PC,FIELDS,MANAGE-A8-07APR17

Граници на полето



PC21838—UN—19NOV15

A—Надворешна граница (Розева)
B—Внатрешна непреминлива граница (Розева)
C—Внатрешна преминлива граница (Жолта)
D—Необработен граничен појас (Жолта)

Надворешната граница (A) го означува периметарот на даденото поле.

ЗАБЕЛЕШКА: Создавање и користење на внатрешни граници има потреба од една надворешна граница.

Внатрешните граници означуваат важни области во полето. Тие може да бидат или непреминливи (розева) (B) или преминливи (жолта) (C). Пример на непроодна граница е бунар, а пример за проодна граница е воден пат.

Необработени гранични појаси (жолти цртички) (D) ги означуваат местата во полето каде што завршуваат редовите или има завртување на редовите. Тие се создаваат во внатрешноста на надворешната граница и околу внатрешните непроодни граници.

Кога се користат со контролата за секции, границите спречуваат примена на производот во внатрешноста на означените области во полето и надвор од него.

Пресметка на површината

Приближната област на границата се пресметува на дводимензионална рамнина. Сите активни области со внатрешни граници се извлекуваат од областа на надворешната граница. Промената на висината не се користи во пресметување на областа во рамките на границата.

Вкупната работа ги вклучува промените во висината во вкупно сработените области. Поради разликите во пресметката, границата и вкупната работа се разликуваат.

За создавање на граница со користење на мапа на покриеност потребно е следново:

- Име на поле.
- Карта на покриеност без празнини на покриеноста околу надворешниот дел на полето.

За создавање на возна граница потребно е следново:

- Име на поле.
- StarFire™ приемник со SF1 или подобар сигнал.

DX,PC,FIELDS,BOUNDARIES-A8-23APR18

Наведување AutoTrac™

PC16676—UN—18MAR13

Водење

Користете ја апликацијата за водење за управување на машините низ теренот долж патеките за водење. Водењето може да се биде рачно или автоматски, со користење на AutoTrac™.

Рачно водење (вклучена карактеристика)

Рачното водење, познато и како Parallel Tracking™, му овозможува на операторот рачно да управува долж патеките за водење со користење на светлосните ленти на екранот, мапа и звучни сигнали. Потребен е приемник StarFire™ за да се работи со рачно водење. Parallel Tracking™ ја покажува положбата на машината во полето релативно со одредената патека при првото минување низ полето. Parallel Tracking™ има режими за следење права, кружна, гранична или закривена патека. Користете ја иконата на машината, светлосната лента и линијата на дисплејот за да знаете во која насока да управувате за да останете на патека што е паралелна со последната. Звучните предупредувања овозможуваат операторот да се фокусира на полето.

Водење AutoTrac™ (потребна е активација)

AutoTrac™ е систем за потпомогнато управување кој автоматски ја управува машината низ полето. За AutoTrac™ да работи, потребен е приемник StarFire™ и интегриран систем за управување во машината. Откако операторот ќе внесе референтна патека (Патека 0) во AutoTrac™, машината ќе биде управувана по патека која е паралелна со внесената патека ако сите услови се исполнети.

Апликацијата AutoTrac™ водење ги нуди алатките за:

- Поставување патека на управување.
- Менување на ширината на патеката.
- Прилагодување на поставките за подобрување на работата за водење.
- Вклучување на AutoTrac™.
- Прикажување излезни кодови.

DX,PC,AUTOTRAC-A8-30APR18

Управник за опремата

PC20410—UN—22MAY15

Управник за опремата

Изберете ја апликацијата за менаџирање со опрема за да внесете поставки за профилот на машината и приклучниот уред. Поставките за профилот се важни за точно извршување на John Deere апликациите за прецизно земјоделство, како што е AutoTrac™, контрола на секција и мапите со работни податоци.

Навигација до управникот за опремата

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете апликација за менаџирање со опрема.

DX,PC,EQUIP-A8-22DEC15

Профил на машината

Општи поставувања

Доколку екранот препознае дадена машина, автоматски некои информации се поставени од страна на машинските контролни единици.

Во моментов, поставките на профилот не може да се увезат или извезат од екранот.

Поставките што се специфични за одредени типови на машини, ќе се појават на одредената страна, единствено ако се применливи.

- ***Зглобна точка на зглобен трактор***

  Предна оска

  - Растојание од артикулационата точка до центарот на предната осовина. Артикулациона точка е зглобната точка на машината кога се врши вртење.

  Задна оска

  - Растојание од зглобната точка до центарот на задната оска. Артикулациона точка е зглобната точка на машината кога се врши вртење.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company
AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Parallel Tracking е регистриран заштитен знак на Deere & Company

- ***Центар на ротација кај гусеничар трактор***

  Центар на ротација

  - Растојание од зглобната точка на машината до задната осовина.

GPS офсет

- ***Страничен GPS офсет***
  - Странично растојание (лево или десно) од централната линија на машината до центарот на GPS приемникот. Вредноста вообичаено е поставена на 0.0 освен ако GPS приемникот е изместен лево или десно од централната линија на машината. Апликациите за водење и мапирање бараат нагодување на страничниот GPS офсет.

- ***Надолжен GPS офсет***
  - Должно растојание од центарот на не-управувачката осовина на машината до центарот на GPS приемникот. Апликацијата за мапирање бара нагодување на надолжниот GPS офсет.

- ***Висина на GPS***

  - Вертикално растојание од GPS приемникот до тлото.

Изедначувања на поврзувањето

- Должно растојание од средината на задната осовина до приклучната точка. Точката на поврзување е место каде приклучниот уред се спојува со машината. Апликацијата за мапирање бара поставки на изедначувањето на поврзувањето.

Враќање на фабрички поставениот профил

ЗАБЕЛЕШКА: Само на машините што се пронајдени на екранот може профилните поставки да се вратат на фабрички зададените вредности.

Зададените поставки за профилот на машината се зачувани во машинските контролни единици. Измените на овие поставки се складирани на екранот. За обновување на профилот на зададените фабрички вредности, одберете ги поставките на врвот од страната за машински профил. Потоа, одберете го копчето за ресетирање на профилот.

Користете го центарот за помош преку помошта од екран за повеќе информации околу менаџирање со опрема и машинскиот профил.

DX,PC,EQUIP,MACHINE-A8-07APR17

Профил на алат

Името на профилот се поставува автоматски врз основа на приклучниот уред што се открива автоматски и неможе да биде сочувано. Кај приклучните уреди без контролна единица, името на профилот се поставува од страна на операторот.

Зачувување на поставките за профил

Изберете го копчето Зачувај за да ги складирате поставките од сите картички и затворете ја апликацијата за профили на алатот. Бирањето за зачувување не е потребно кога се префрлувате меѓу картичките.

Поставките за профил на приклучниот уред се зачувани на екранот според следниве фактори:

- Име на профилот
- Име за ISO за откриената контролна единица за алатот

ЗАБЕЛЕШКА: Поставете ги предоперативните поставки во контролната единица на алатот, како што е конфигурација на возењето, пред да ги конфигурирате поставките за профили на алатот.

Името за ISO се менува кога ќе се смени некоја поставка за контролната единица за алатот. Тука спаѓа и промената на поставките за контролната единица помеѓу ѓубриво и сеење.

Автоматско препознавање на профилните поставки

ЗАБЕЛЕШКА: Делот за контрола мора да биде ИСКЛУЧЕН за да се откријат SeedStar™ 2 или SeedStar™ XP сеалките кога првпат се поврзуваат на трактор. Откако ќе настане првото поврзување, сеалката ќе се препознава без разлика дали Контролата на делот е ВКЛУЧЕНА или ИСКЛУЧЕНА.

Ако е приклучена контролна единица на некој приклучен уред, некои профилни поставки на приклучниот уред автоматски вршат поставување на приклучниот уред од страна на контролната единица.

При првото поврзување на контролната единица, ќе се прикаже предупредувањето "Создаден е профилот на алатот". Кога ќе го поврзете алатот повторно во иднина, тој ќе се препознае благодарение на неговото ISO-име и кога ќе се вчитаат поставките за профилот на алатот зачувани во екранот.

ЗАБЕЛЕШКА: Предупредувањето продолжува да се појавува ако е избрано "Подоцнежно поставување".

SeedStar е заштитен знак на Deere & Company

Кога е поврзан приклучен уред кој што не се препознава, мора да се создаде профил за тој приклучен уред. Изберете го копчето за додавање на приклучен уред во делот за уредување на опремата за да создадете профил за приклучниот уред.

За да го видите моментално препознаеното ISO име, одберете дијагностички центар > табот за дијагностика на контролер > одберете контролна единица на приклучен уред > табот за информации на контролер.

Проверете ги сите неопходни поставки пред оперирање. Работната точка не се поставува автоматски.

Видови поврзување

- Типот на поврзување или јазолот го опишуваат начинот на којшто алатот е прикачен за машината и го контролираат начинот на којшто екранот го одредува движењето на алатот зад машината.

  Картата на покриеност, документацијата и делот за контрола бараат поставување за видот на поврзувањето.

- ***Зглобно изместување***

  Некои приклучни уреди имаат зглобна спрега што се поврзува на 3 полната задна спрега на машината. За ова зглобно место е потребен офсет, со цел екранот да го одреди движењето на приклучниот уред позади машината. Опцијата е достапна кога како конекциски тип ќе се одбере 3 полна задна спрега.

Работна ширина

- Работната ширина е ширината на подрачјето што се копа, сади, прска или жнее на секое поминување преку полето. Тоа се користи за да се креираат мапи на работни податоци и за пресметување на одработената област. Апликациите за водење, мапирање, и вкупна површина на подрачјето имаат потреба од работна ширина.

Димензии

- ***Странично отстапување***

  Странично растојание од централната точка на машината до централната точка на работна широчина на приклучниот уред. Апликациите за водење и мапирање бараат нагодување на страничниот офсет.

- ***Центар на ротација***

  Надолжно растојание од точката на поврзување до центарот на ротација на приклучниот уред додека е во работна положба. Обично, токму овде деловите на приклучниот уред кои го носат оптоварувањето се во допир со тлото.

  Растојанието на центарот на ротација е важно за правилно моделирање на редовите со алатот околу кривини. Апликацијата за мапирање бара поставки на центарот на ротација.

- ***Работна точка***

  Надолжно растојание од точката на поврзување до точката каде што се појавува операцијата. На пример, онаму каде што семето или производот паѓа, каде што културата се жнее или земјата се копа. Апликацијата за мапирање бара нагодување на работната точка.

- ***Изместување на секција (ISOBUS приклучни уреди)***

  Линиско растојание од центарот на ротација до точката каде се одвива работата. На пример, онаму каде што семето или производот паѓа, каде што културата се жнее или земјата се копа. Апликацијата за правење на мапи бара да се направи поставка за изместување на секција.

Работен запис

- Активаторите на снимањето одредуваат кога се вклучуваат и исклучуваат снимањето на мапата и вкупните износи на работниот монитор. Не се достапни сите активирачи на снимање за сите типови на машини.

ЗАБЕЛЕШКА: Во рачен режим, операторот мора да го притисне копчето за снимање или паузирање за да го ВКЛУЧИ или ИСКЛУЧИ снимањето на мапите за работните податоци.

Механичко одложување

- Механичко одложување претставува просечното време потребно за производот да дојде до почвата преку командата ВКЛУЧЕНО или ИСКЛУЧЕНО. Можеби ќе треба да се менува со секоја комбинација на машина, алат и екран. Апликацијата за правење на мапи бара да се направат поставки за механичкото доцнење. Поставките се од клучно значење за перформансите на контролата на секција.

Користете го центарот за помош преку помошта од екран за повеќе информации околу менаџирање со опрема и профилот на приклучниот уред.

DX,PC,EQUIP,IMPLEMENT-A8-25APR18

Уредувач на поставки

PC22543—UN—22APR16

Уредувач на поставки

Користете го уредувачот на поставки за да вчитате, уредите, или да ги зачувате конфигурациите на машината и поставките за приклучните уреди. Зачуваните конфигурации се користат за лесно обновување на поставките што машината и приклучниот уред ги користат за време на работењето.

Навигација до уредувачот на поставки

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја апликација за уредување на поставки.

DX,PC,SETTINGS-A8-10MAY16

Монитор на машината

PC15318—UN—16MAY13

Монитор на машината

Мониторот на машината ги прикажува вредностите на специфични перформанси на машината. Групирањето на вредностите вклучува:

- Брзина и моќност
- Гориво и притисок
- Температура
- Електричен
- Часови

ЗАБЕЛЕШКА: Вредностите достапни во секоја група зависат од моделот на машината.

За да префрлувате помеѓу групите, изберете ги соодветните картички на левиот дел од страница. Изберете вредност за да се прикаже скокачки прозорец само за таа вредност.

Ако вредноста не е достапна, ќе се прикажат испрекинати линии.

Навигација до Следење на машината

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја апликацијата Следење на машината.

DX,PC,MACHMON-A8-23DEC15

Работен монитор

PC15317—UN—16MAY13

Работен монитор

Работниот монитор ги прикажува просечните и вкупните специфични вредности на машината и операциите. Изберете вредност од страницата за да се прикаже скокачки прозорец само за таа вредност. Секоја од овие вредности може да се постави на главната страница за извршување.

Користете го копчето за ресет на дното на страната за да ги исчистите сите вредности, освен моменталните вредности. Датумот и времето од последното ресетирање ќе се прикажуваат до копчето.

Оддесно на копчето за ресетирање, Снимање на работата посочува дали работниот монитор е активен и тековно одбројува. Пулсирачка сијаличка посочува дека е активен.

Навигација до Следење на работата

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја апликацијата Следење на монитор.

DX,PC,WORKMON-A8-23DEC15

Снимање на работата

Кога Снимањето на работата е ВКЛУЧЕНО, се акумулираат снимањата на мапата и бројачите кои имаат потреба од активатор за снимање. Бројачите кои имаат потреба од Снимање на работата вклучуваат:

- Изработена површина
- Изработено време
- Продуктивност
- Просечно гориво по површина
- Просечна работна брзина

Изберете Снимање на работата во долниот десен агол за да се прикаже скокачки прозорец со поставките за снимањето.

Статусот за снимањето е базиран врз моменталното

избрано чкрапало за снимање во профилот на приклучниот уред. Ако активаторот за снимање не одговора со тековните операции, притиснете го копчето Уреди за да го промените избраниот активатор за снимање. За повеќе информации, погледнете го делот за профил на приклучниот уред.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако активаторот за снимање е поставен на рачен режим, снимањето на работата може да се биде вклучувано и исклучувано преку притискање на копчето за снимање.

DX,PC,WORKMON,REC-A8-23DEC15

Одржување и калибрации

PC15324—UN—21MAY13

Одржување и калибрации

Апликацијата за одржување и калибрации му овозможува на операторот да ги постави периодите за сервис и да изведува калибрации на машинските компоненти.

Навигација до одржување и калибрации

1. Изберете мени.
2. Изберете ја картичката Поставки за тракторот.
3. Одберете апликација за одржување и калибрации.

DX,PC,MAINT-A8-23DEC15

Сервисни проверки

ЗАБЕЛЕШКА: Достапните карактеристики кај сервисните проверки зависи од направениот избор при нарачката.

Сервисните проверки изведувајте ги со машина на рамна подлога и изгаснат мотор. За прецизни очитувања, пред проверка на нивоата на течностите почекајте најмалку 40 минути откако моторот е изгаснат.

Дадено светло ја покажува состојбата на контролната точка каде што се врши сервисот на машината.

- Зелено светло — Нормално ниво
- Црвено светло — Високо ниво или ниско ниво

Следниве контролни точки се достапни:

PC17385—UN—15MAY14

A—Ниво на масло во моторот
B—Ниво на средство за ладење во моторот

- Ниво на моторно масло (A)
- Ниво на разладно средство на моторот (B)

DX,PC,MAINT,SERVCHECK-A8-07APR17

Интервали на сервисирање

Интервалите на сервисирање се потсетници за редовното одржување што е потребно да се изврши на машината.

Изберете го копчето за додавање на сервисен интервал за да создадете нов сервисен интервал. Можат да се додаваат неограничен број интервали за сервисирање.

Откако ќе се креира интервал за сервисирање, истиот е додаден во листата и се прикажува заедно со име, изминато време и должина на интервалот.

- Операторот го избира името за да го идентификува одредениот интервал на сервисирање.
- Изминатото време го покажува бројот на работните часови откако бил ресетиран интервалот на сервисирање.
- Интервал е бројот на работни часови помеѓу секое сервисирање.

Интервалите се подредени од интервали со најмало време кон интервали со најголемо време. Потоа, тие се подредени според името, по алфанумерички редослед, каде приоритет имаат имињата кои почнуваат со броеви.

Дваесет часа пред да измине времето за интервалот на сервисирање, системот го информира операторот дека машината треба да се сервисира наскоро. Откако ќе се потврди пораката, системот ќе го информира операторот за претстојното сервисирање при секое стартување, сè додека не се ресетира интервалот на сервисирање.

DX,PC,MAINT,SERVINTERVAL-A8-23DEC15

Калибрации

Користете ја оваа апликација за извршување калибрација на пролизгувањето на тркалата и за калибрација на радарот.

Калибрација на радарот

PC23946—UN—22MAR17

Калибрација на радарот

Радарскиот уред треба да се калибрира кога за прв пат се става на машината или ако има разлика меѓу реалната теренска брзина и радарската брзина кога се работи во неоптоварени услови на тврда подлога.

ЗАБЕЛЕШКА: При ветровити услови, подвижни предмети како што се листови, прашина или песок можат да предизвикаат непрецизна брзина од радарот.

Калибрација на пролизгувањето на тркалата

PC23947—UN—22MAR17

Калибрација на пролизгувањето на тркалата

Калибрирајте го пролизгувањето кај тркалата ако радарската брзина не се совпаѓа со брзината на тркалата кога се работи во неоптоварени услови на тврда подлога. За повеќе информации, види го машинскиот екран.

Извршете ја калибрацијата додека возите со ненатоварена машина на тврда, сува, чиста и рамна површина.

ЗАБЕЛЕШКА: Калибрацијата за пролизгување на тркалата е достапна само со приклучен и калибриран радарски уред.

Осигурајте се дека брзината на радарот е точна пред изведување на калибрација на пролизгување на тркало.

DX,PC,MAINT,CAL-A8-07APR17

ISOBUS VT

PC16682—UN—18MAR13

ISOBUS VT

Овој екран на John Deere поддржува контролори компатибилни со ISOBUS фондација за земјоделска индустрија (AEF) според ISO 11783. Овие контролери може да се прегледуваат и управуваат во рамките на ISOBUS виртуелниот терминал (VT).

Кога ќе се поврза ИСОБУС контролер, графичките датотеки за корисничкиот интерфејс се вчитуваат во ИСОБУС ВТ. Потоа, ИСОБУС ВТ нуди начини за операторот да се движи низ и да работи со достапните функции на ИСОБУС контролерот.

Навигација до ИСОБУС ВТ

1. Изберете Мени.
2. Изберете картичка Апликации.
3. Изберете ја апликацијата ISOBUS VT.

Приклучени ISOBUS приклучни уреди и контролери

Дисплејот од генерација 4 постојано вчитува и комуницира со различните ИСОБУС контролери. Листа со сите приклучени ISOBUS контролери се прикажува откако ќе се изберете копчето за мени.

Изберете го посакуваниот ISOBUS контролер и притиснете го копчето OK за да го видите корисничкиот пристап.

Решавање проблеми

Доколку интерфејсот за ISOBUS-контролерот не се прикаже правилно;

- Побарајте го ISOBUS-контролерот во центарот за статус и следете ги чекорите за решавање проблеми за наведениот статус. За повеќе информации, погледнете ги ISOBUS-контролерите во центарот за дијагностика.

Доколку интерфејсот и понатаму не се прикажува правилно;

1. Одберете поставки на врвот од апликацијата ISOBUS VT.
2. Одберете ја опцијата за чистење на ISOBUS VT во напредните поставки за да ги исчистите складираните кориснички интерфејс датотеки на ISOBUS контролерот.

Корисничкиот интерфејс ќе биде одново наполнет следниот пат кога контролерот ќе биде поврзан.

Страна за стартување на модул

Модулите на ISOBUS VT може да се додадат на страницата за извршување со помош на апликацијата Управувач со распоредот.

Модулите се вчитуваат од контролерот за алатот и се достапни додека контролерот е поврзан. Типовите достапни модули зависат од производителот на контролерот. Овој екран може да ја прикажува верзијата 3 од ISOBUS VT.

DX,PC,ISOBUSVT-A8-23APR18

GPS Приемник StarFire

PC17388—UN—15MAY14

Приемник StarFire

GPS приемникот StarFire™ добива глобално позиционирање и сигнал за диференцијална корекција преку единствен приемник.

Теренскиот компензирачки модул (TCM) е интегриран во приемникот и ја корегира динамиката на машината, како што е тркалањето и навалувањето на стрмнини, лошиот терен, или различните услови на почвата. За правилна работа е потребно прецизно калибрирање на TCM.

Видете во Прирачникот за работа со приемникот StarFire™, за инструкции при местење и калибрирање.

Навигација до GPS приемникот StarFire™

1. Изберете мени.
2. Изберете картичка со апликации.
3. Изберете ја StarFire™ апликацијата.

DX,PC,STARFIRE-A8-07APR17

Видео

PC15312—UN—15MAY13

Видео

ВНИМАНИЕ: Не сметајте на камерата за избегнување на судар или откривање на лица во близина. За да избегнете можна повреда или смрт на возачот или на други лица, секогаш бидете внимателни и свесни за она што се случува околу Вас додека работете на машината. Прочитајте и разберете за ИЗБЕГНУВАЊЕ НА НЕСРЕЌИ ОД ДВИЖЕЊЕ ВО РИКВЕРЦ во делот за безбедност.

Видео апликацијата се користи за набљудување на областа околу машината. Може да се гледа само едно видео.

Процесорот 4600 може да поддржи до четири влезови за камери, додека процесорот 4100 и 4200 може да поддржи само еден влез за камера.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

За повеќе информации за различните типови дисплеи, погледнете во поглавјето Вовед во дисплејот.

Навигација до Видео

1. Изберете Мени.
2. Изберете картичка Апликации.
3. Изберете ја апликацијата Видео.

Префрлување камери

PC23948—UN—22MAR17

Икона Камера

Ако се поврзани повеќе од една камера, изберете помеѓу влезовите за видео преку избирање на различните броеви за камера.

Отсликување видео

PC23949—UN—22MAR17

Копчето Отсликај видео

Изберете го копчето Отсликај видео за да симулирате заден ретровизор. Ова ги префрлува левата и десната страна на сликата од видеото.

Контраст

PC23950—UN—22MAR17

Икона контрастот на видеото

Нагодете го контрастот на видеото со користење на копчињата плус (+) и минус (-). Осветлете го видеото со избирање на копчето плус, а затемнете го видеото со избирање на копчето минус.

ВАЖНО: Утврдете дали апликацијата за видео или слика се одразува пред да користите видео апликација.

DX,PC,VIDEO-A8-23APR18

Активатори за видео

Видеото може да се прикажува кога се извршуваат одредени функции на машината (на пример: возење наназад, вклучување на погонско вратило).

1. Изберете Уреди активатори за да ги конфигурирате поставките.
2. Изберете активатор.
3. Изберете влез за камера за тековниот активатор. Оваа камера се прикажува кога е активиран активаторот.

ЗАБЕЛЕШКА: За да спречите да не се прикажува видео за некој активатор, изберете Без камера.

4. Внесете Должина на истекот време за видеото. Ова е временски период во кој видеото се прикажува откако активирачкото копче станало неактивно.

DX,PC,VIDEO,TRIGGERS-A8-23DEC15

Чистење на екранот

Оваа декларација за сообразност се издава согласно одговорноста исклучиво на производителот.

Место на декларација: Фарго, Северна Дакота, САД
Датум на декларација: 14 Април 2014

Име: Orrin West
Титула: Пресонален инженер

CE

DXCE01—UN—28APR09
AL70325,0000440-A8-25APR17

ЕУ декларација за сообразност

Deere & Company
Молин, Илиноис, С.А.Д.

Долупотпишаниот со ова изјавува дека:

Име на производ: 4600 Премиум сервер
Модел(и): 4600

пополни(ете) ги сите соодветни одредби и основни барања на следниве директиви:

ДИРЕКТИВА	БРОЈ	МЕТОД НА СЕРТИФИКАЦИЈА
Директива за електромагнетна компатибилност	EMC 2014/30/EU	Анекс II на директивата

Производот е во согласност со следниве стандарди и/или други нормативни документи:

EN ISO 14982:2009 UN-ECE R10 Rev 5

Име и адреса на лицето од Европската заедницата овластено да ја состави техничката конструкциска датотеката:

Brigitte Birk
John Deere GmbH & Co. KG
Mannheim Regional Center
John Deere Strasse 70
D-68163 Mannheim, Германија

Оваа декларација за сообразност се издава согласно одговорноста исклучиво на производителот.

Место на декларација: Урбандејл, Ајова, САД
Датум на декларација: 31 октомври 2016 година

Име: Scott Torgerson
Титула: Менаџер за испорака - хардверска инфраструктура

CE

DXCE01—UN—28APR09
AL70325,000043B-A8-25APR17

ЕУ декларација за сообразност

Deere & Company
Молин, Илиноис, С.А.Д.

Долупотпишаниот со ова изјавува дека:

Име на производ: John Deere Екран од 7”
Модел(и): John Deere 7” екран, JD 7” екран, PFA10759

пополни(ете) ги сите соодветни одредби и основни барања на следниве директиви:

ДИРЕКТИВА	БРОЈ	МЕТОД НА СЕРТИФИКАЦИЈА
Директива за електромагнетна компатибилност	2014/30/EU	Анекс II на директивата

Производот е во согласност со следниве стандарди и/или други нормативни документи:

EN ISO 14982:2009 UN-ECE R10 Rev 5

Име и адреса на лицето од Европската заедницата овластено да ја состави техничката конструкциска датотеката:

Brigitte Birk
John Deere GmbH & Co. KG
Mannheim Regional Center
John Deere Strasse 70
D-68163 Mannheim, Германија

Оваа декларација за сообразност се издава согласно одговорноста исклучиво на производителот.

Место на декларација: Урбандејл, Ајова, САД
Датум на декларација: 31 октомври 2016 година

Име: Scott Torgerson
Титула: Менаџер за испорака - хардверска инфраструктура

CE

DXCE01—UN—28APR09
AL70325,000043D-A8-25APR17

ЕУ декларација за сообразност

Deere & Company
Молин, Илиноис, С.А.Д.

Долупотпишаниот со ова изјавува дека:

Име на производ: John Deere 10.4” монитор
Модел(и): 10.4” екран, PFA10760, екран JD 10.4” монитор, G410

пополни(ете) ги сите соодветни одредби и основни барања на следниве директиви:

ДИРЕКТИВА	БРОЈ	МЕТОД НА СЕРТИФИКАЦИЈА
Директива за електромагнетна компатибилност	2014/30/EU	Анекс II на директивата

Производот е во согласност со следниве стандарди и/или други нормативни документи:

EN ISO 14982:2009 UN-ECE R10 Rev 5

Име и адреса на лицето од Европската заедницата овластено да ја состави техничката конструкциска датотеката:

Brigitte Birk
John Deere GmbH & Co. KG
Mannheim Regional Center
John Deere Strasse 70
D-68163 Mannheim, Германија

Оваа декларација за сообразност се издава согласно одговорноста исклучиво на производителот.

Место на декларација: Урбандејл, Ајова, САД
Датум на декларација: 07 Март 2017

Име: Daniel Pflieger
Титула: Менаџер за инженерство - вградени решенија

CE

DXCE01—UN—28APR09
AL70325,000043A-A8-25APR17

Приемник на StarFire™ 6000 (ако има во опрема)

Теориско работење на приемникот StarFire™ 6000

Приемникот StarFire™ 6000 е приемник со глобален навигациски сателитски систем (GNSS) со вградена 3 осна теренска компензација. Приемникот StarFire™ 6000 обезбедува различни нивоа на точност кои може да бидат надградени. Како што потребите во земјоделието се менуваат, може да се користат повисоки нивоа на точност без да има потреба да се купи нов приемник.

Модулот за теренска компензација (TCM) е вграден во приемникот. TCM претставува навигациска помош што се користи со приемникот за подобрување при позиционирање на машината и одредување податоци за правец. TCM ја корегира динамиката на машината, како што е навалувањето на стрмнини бочно и напред-назад, лошиот терен или различните услови на почвата.

Мрежата на Starfire™ е составена од глобална мрежа на референтни станици и седум диференцијални сателити за корекција кои обезбедуваат корекции за Starfire™ приемниците. Постојат три сигнални нивоа: SF1, SF3, и кинематика во реално време (RTK). SF3 обезбедува сезонска повторливост се додека индикаторот за прецизност покажува 100%. Може да одземе 30 минути за индикаторот за прецизност да достигне 100% за прецизност од 3 см (1,2инчи). Приемникот Starfire™ 6000 гледа и надгледува до три сателити за диференцијална корекција. Ако тековниот сателит е блокиран од видикот, приемникот ги следи информациите од други сателити, и го избира оној со најдобри перформанси. Перформансите на сателитот се проверуваат неколку пати во минута пред да се направи префрлување за да се обезбеди најдобра можна прецизност.

Приемникот може да ги следи сигналите на системот за глобално позиционирање (GPS) и на глобалениот навигациски сателитски систем (GLONASS). Приемникот има USB влез за побрзо ажурирање на софтверот и за собирање на податоци за настанот од плочата.

RTK-X Теорија на работа

Кога даден ровер ги загуби RTK корекциите од базичната станица, сигналот се префрла на RTX-X доколку се исполнети одредени барања. Решението RTK-X е пресметано преку споредување на разликата помеѓу сигналот RTK од базичната станица и сигналот SF3 кај роверот. Овие пресметки создаваат еден вектор на изместеноста кој се користи за корегирање на сигналот SF3.

Векторите на изместеност се разликуваат меѓу базичните станици. Ако еден ровер се поврзе на различна база од изворно сочуваниот вектор на изместеност, роверот ќе го изгуби сочуваниот вектор на изместеност и се пресметува нов вектор на изместеност. Откако ќе се сочува векторот на изместеност, RTK-X е достапен во текот на 14 дена доколку се изгуби RTK сигналот. После 14 дена, позиционирот режим преминува во WAAS, EGNOS или 3D-None, освен доколку роверот повторно се поврзе на некоја базична станица. Откако ќе се поврзе на базична станица и ќе се сочува векторот на изместеност, 14-дневниот тајмер се ресетира и RTK-X е достапен во наредните 14 дена.

ЗАБЕЛЕШКА: Работата со RTK-X бара роверот да работи под отворено небо и да ги прима корекциите од StarFire™.

ЗАБЕЛЕШКА: Следниве информации го побаруваат најновиот софтвер на StarFire™.

Користење на базичната станица StarFire™ 6000

Откако базичната станица StarFire™ 6000 работи повеќе од 1 час со корекциите од StarFire™, роверите StarFire™ 3000 или StarFire™ 6000 можат да ги сочуваат векторите на изместеност откако ќе бидат поврзани приближно 2 минути на базичната станица.

Користење на базичната станица StarFire™ 3000 или мобилна RTK базична станица

Откако базичната станица StarFire™ 3000 работи повеќе од 1 час со корекциите од StarFire™, роверите StarFire™ 6000 можат да ги сочуваат векторите на изместеност откако ќе бидат поврзани приближно 45 минути на базичните станици StarFire™ 3000 или мобилна RTK базична станица.

RW00482,00006D5-A8-05JUN18

Компатибилност на екранот

ЗАБЕЛЕШКА: StarFire™ Приемникот 6000 не е поддржан на оригиналниот GreenStar™ екран.

Приемникот StarFire™ 6000 е поддржан на следниве John Deere екрани:

- Екран GreenStar™ 2 1800
- Екран GreenStar™ 3 2630
- GreenStar™ 3 CommandCenter™
- 4100 CommandCenter™
- 4600 CommandCenter™
- Екран 4640 (само за Австралија, Канада, Нов Зеланд и САД)

HC94949,0000BAB-A8-22JUN17

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Заштита од прашина за приемникот StarFire™ 6000



PC24822—UN—03NOV17

Заштита од прашина

A—Поклопец против прашина на пристапен влез на RTK
B—Гумен чеп (опција на затварање)
C—Гумен чеп
D—Капаче против прашина за мрежен влез (USB)

Секогаш држете го поклопецот против прашина (A), гумените чепови (B и C) и капачето против прашина (D) на сите отвори и приклучоци кои не се користат.

HC94949,0000C58-A8-13NOV17

Инсталирање на приемник StarFire™ 6000



PC21385—UN—23JUL15

Инсталирање на приемник

A—Задна кука
B—Осовинска шипка
C—Опција на затварање
D—Рачка за отпуштање

1. Лизгајте ја задната кука (A) под осовинската шипка (B).
2. Повлечете ја прекривката на приемникот надолу за да се забрави резето. За да си потврдите дека е забравено, повлечете го предниот дел на прекривката нагоре.

   Ако го користите опцијалната брава (C), повлечете ја рачката за ослободување (D) за да отклучите, и повлечете го предниот дел на прекривката за да се осигурате дека бравата е активирана.

PC24823—UN—11OCT17

A—12 пински приклучок

3. Поврзете го кабелскиот сноп на 12-пинскиот приклучок (A).

HC94949,0000C59-A8-13NOV17

Отстранување на приемник StarFire™ 6000

PC24824—UN—11OCT17

Приемник StarFire™ 6000



PC24826—UN—11OCT17

Одбравување на приемник StarFire™ 6000

A—12 пински приклучок
B—Заклучување на приемник
C—Рачка за отпуштање

1. Исклучете го кабелскиот сноп од 12-пинскиот приклучок (A).
2. Ако сте опремени со опцијална брава (B), употребете го копчето за да го отклучите приемникот.
3. Повлечете ја рачката за ослободување (C) за да отклучите, и повлечете го предниот дел на прекривката и извадете го приемникот.

HC94949,0000C5A-A8-13NOV17

Навигација до главната страна на StarFire™ користејќи ги екраните GreenStar™ 2 и GreenStar™ 3

PC8663—UN—29APR15

Копче Мени

1. Изберете копче Мени.

PC21222—UN—02JUN15

Копче за StarFire™ 6000

2. Одберете го копчето StarFire™ 6000.

PC21228—UN—03JUN15

Софтверско копче за StarFire™ 6000

3. Изберете го софтверско копче за StarFire™ 6000.

HC94949,0000AED-A8-03FEB17

Навигација до главната страна на StarFire™ користејќи 4-та генерација на CommandCenter™

PC17269—UN—15JUL13

Копче Мени

1. Изберете копче Мени.
2. Изберете картичка со апликации.

PC20690—UN—19JAN15

Апликација за StarFire™

3. Изберете ја StarFire™ апликацијата.
4. Изберете приемник.

HC94949,0000AEE-A8-06FEB17

Картичка Активации

PC21311—UN—02JUL15

Картичка Активации

Табот за активирања ги прикажува активациите на приемникот.

HC94949,0000839-A8-24JUL15

Активации



PC21418—UN—30JUL15

A—Активации
B—SF3 Претплата
C—SF3 Завршен датум
D—S.N. (сериски број) за StarFire™

Активирања (A)– ги прикажува активациите на приемникот.

- SF1–Активирано на секој приемник.
- SF3 Спремно (ако е достапно)–Приемникот мора да има SF3 спремно за да му се даде SF3 сигнал за лиценца за претплата или активирајте кинематички во реално време (RTK). Надградбата SF3 спремно може да се купи.
- RTK–Потребна е активација на RTK спремно.

SF3 Претплата (B)–го прикажува статусот на SF3 претплата.

- Да овозможено–постои валидна SF3 претплата, и избран е режимот за диференцијална корекција на SF3.
- Да оневозможено–постои валидна SF3 претплата, но не е избран режимот за диференцијална корекција на SF3.
- Не–не постои валидна SF3 претплата или претплатата за SF3 е истечена.

Завршен датум за SF3 (C)–го прикажува датумот кога истекува претплатата за SF3.

StarFire™ S.N. (D)–Сериски број за StarFire™ приемникот.

HC94949,0000824-A8-28AUG15

Кодови за активација и деактивација

Кодовите за активација се потребни за активација на SF3 спремно и RTK спремно, и лиценца за SF3 претплати. Кодовите за деактивација се потребни за пренос на сите активации и лиценца за претплати. Одвоените 24-цифрени кодови се потребни кога се прави активирање или пренесување.

HC94949,000083A-A8-30JUL15

Внесете код за активирање

PC21370—UN—16JUL15

Копче Внеси



PC21371—UN—16JUL15

A—Поле за внесување на цифрите 1–8
B—Поле за внесување на цифрите 9–16
C—Поле за внесување на цифрите 17–24
D—Копче Потврди

1. Одберете внес (Enter), и се појавуваат полиња за активирачки код со три полиња за внесување.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако се внесат повеќе од 8-цифри во полето за внесување, се појавува “99999999”. Одново одберете го полето и напишете само 8-цифри во полето за внесување.

2. Изберете го полето за внесување (A) на цифрите 1-8, и внесете ги првите 8-цифри од 24-цифрениот код.
3. Изберете го полето за внесување (B) на цифрите 9-16, и внесете ги вторите 8-цифри од 24-цифрениот код.
4. Изберете го полето за внесување (C) на цифрите 17-24, и внесете ги последните 8-цифри од 24-цифрениот код.
5. Одберете прифаќам (Accept) (D).
6. Се појавува потврдна порака кога правилно е внесен важечки 24-цифрен код.

HC94949,000083B-A8-28AUG15

Статусен прозорец за активација/претплата

PC21207—UN—28MAY15

Статусен прозорец за активација/претплата

Се прикажуваат пораките кога претплата за SF3 е истечена и го обезбедува корисникот со можност да користите грејс период.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

ЗАБЕЛЕШКА: Достапни се три 24 часовни грејс периоди кога ќе истече претплатата. Грејс периодите се предвидени за да се даде доволно време за обнова на претплатата. Грејс периодите обезбедуваат SF3 сигнал.

Ако клиентите SF1 сакаат да пробаат SF3, тие имаат три 24-часовна грејс-периоди за користење на SF3 сигналот без купување на претплата.

Употреба на одложен период

1. Одберете Use 1 за прво користење.
2. Одберете Yes (Да) кога ќе излезе прозорец.

HC94949,0000BAC-A8-22JUN17

Режим за корекција кај приемникот



PC21199—UN—27MAY15

Режим за корекција

ЗАБЕЛЕШКА: Со избирање на Off (исклучено) му се забранува на StarFire™ приемникот да прима SF1 и SF3 сигнали за корекции. Се уште е можно да се примаат WAAS/EGNOS сигнали за корекции.

Паѓачкото мени во режимот за корекции содржи StarFire™ лиценцирани корекции за приемникот. SF1 е секогаш достапен. SF3 е достапно со важечка SF3 претплата (види го делот за активации). Кинематското реално време (RTK) е достапно со важечка активација на RTK спремно и кога е избран RTK режимот.

(Референци во RTK прирачникот за работа.)

HC94949,0000C6A-A8-13NOV17

Таб за поставки на приемникот

PC21198—UN—27MAY15

Таб за поставки

Одберете го табот за поставки за да го поставите приемникот StarFire™ 6000.

HC94949,0000825-A8-23JUL15

Монтажна насоченост на приемникот



PC21201—UN—02JUN15

Правец на поставување

ЗАБЕЛЕШКА: Приемниците што се прикачени на тракторите, прскалките и комбајните вообичаено се во предна позиција. Приемниците што се прикачени на мали повеќе наменски теренски возила, т.е. Gators™ може да се во задна позиција.

Монтажна насоченост ја одредува ориентацијата при монтажа на приемникот. Калибрацијата на теренскиот компензирачки модул (TCM) ги користи овие поставки за да се одреди точната насока на машинското бочно навалување и навалувањето напред-назад.

Одберете насока на монтажа.

- Напред–приемникот е свртен во правец на движењето на машината.
- Назад–приемникот е свртен обратно од правецот на движењето на машината.

HC94949,0000828-A8-28JUL15

Внесување на напред/назад поставеност на приемникот



PC8278—UN—22JUN04

Машини со пловечка предна осовина

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Gator е заштитен знак на Deere & Company



PC8277—UN—01MAY06

Машини со тркала на фиксни осовини или гусеница машини

PC21388—UN—24JUL15



PC19989—UN—03SEP14

Поле за внесување на вредност за напред/назад

A—Централна точка–машини со пловечка предна осовина
B—Централна точка–машини со тркала на фиксни осовини или гусеница машини
C—Јазиче

Напред/назад е растојанието помеѓу приемникот и централната точка на машината (A или B). Измерете од рабовите (C) на било која страна од приемникот.

Кај некои машини со AutoTrac™ опрема, вредноста за напред/назад се наоѓа автоматски и истата се внесува за време на вклучувањето.

- Доколку е прикажана вредноста за напред/назад и полето за внесување е оневозможено, вредноста е поставена автоматски и не може да биде променета. Прикажаната вредност може да не биде точното растојание меѓу приемникот и централната точка на трактерот, но е најдобрата напред/назад вредност за AutoTrac™.
- Доколку е прикажана вредноста за напред/назад и полето за внесување е овозможено, вредноста мора да се внесе мануелно.

За да внесете мануелно вредност за напред/назад:

1. Изберете го полето за напред/назад.
2. Внесете ја вредноста користејќи нумеричка тастатура.
3. Одберете дека прифаќате.

ЗАБЕЛЕШКА: За најголема прецизност, рачно измерете го растојанието за напред/назад.

HC94949,0000829-A8-24JUL15

Внесување на висина на приемникот

PC21389—UN—24JUL15



PC19991—UN—03SEP14

Поле за внесување на висина

A—Стрелка

Висината се мери од земјата до стрелката (A) на предната страна од куполата на приемникот.

За внесување на висина:

1. Изберете го полето за внесување висина.

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

2. Внесете ја висината користејќи ја нумеричката тастатура.
3. Одберете дека прифаќате.

Компензирање под или над се случува за машини кои се навалуваат бочно под агол ако внесената висина при поставките е неточна.

Пример: При наклон од 10 степени со направена грешка за висина на приемникот од 30.5 cm (12 in) резултира со позиционо изместување од 5 cm (2 in) на земјата.

Фабрички зададена вредност е 320 cm (126 in). Кај некои машини со AutoTrac™ опрема, вредноста за висина се наоѓа автоматски и истата се внесува за време на вклучувањето. Измерете го вистинското растојание секој пат кога модулот за теренска компензација (TCM) се поставува на различна машина. Оваа димензија е од критична важност за правилно работење на TCM и варира зависно од машинската конфигурација и величините на гумите. Рачно измерете ја вредноста за растојанието на висината од приемникот за да постигнете најголема прецизност.

ЗАБЕЛЕШКА: Вистинската висина варира во зависност од величината на гумите или напумпаноста на гумите.

HC94949,000082A-A8-24JUL15

Часови на вклученост после изгаснување

PC21475—UN—28AUG15

Часови на вклученост после изгаснување

A—Часови на паѓање на вклученоста после изгаснување

Часовите на вклученост после изгаснување одредува колку долго приемникот останува вклучен откако палењето е исклучено. Зададената и препорачаната поставка за ова е 3 часа. Одберете 0, 3, 6, 12, 24 часа од паѓачкото мени (A). Ако палењето се вклучи во текот на дефинираните часа, приемникот повторно воспоставува целосна SF1 или SF3 точност во рок од неколку секунди (под претпоставка дека имало SF1 или SF3 кога палењето било исклучено).

AE77568,00001D8-A8-26APR16

Брз почеток

Брзиот почеток го намалува времето потребно за постинување на целосна прецизност. Ако приемникот има SF1 или SF3 кога ќе се исклучи од напојување, позицијата на приемникот е сочувана за следното стартување. Ако напојувањето за приемникот се врати во рамките на периодот дефиниран кај Часови на вклученост по исклучување, Брзиот почеток нема да се користи бидејќи напојувањето на приемникот не било прекинато. Ако периодот го надмине бројот на ЧАсови на вклученост по исклучување, тогаш се вклучува Брзиот почеток. Се користи зачуваната позиција за да го заобиколи периодот за загревање. QuickStart (Брзо-стартување) одзема до 6 минути до комплетирањето.

ЗАБЕЛЕШКА: Не ја поместувајте машината или приемникот StarFire™ се додека QuickStart се комплетира.

AE77568,00001D5-A8-26APR16

Таб за сериски влез

PC21208—UN—28MAY15

Таб за сериски влез

За да го конфигурирате RS232 и информативните електронски пораки на националната морска асоцијација (NMEA), одберете го табот за сериски влез.

HC94949,000082D-A8-23JUL15

Бауд стапка и излезна стапка



PC21209—UN—21JUL15

A—Паѓачко мени за бауд стапка
B—Копче за излезна стапка

Стапки

Одберете ја бауд стапката од паѓачкото мени (A).

- 4800
- 9600
- 19200
- 38400
- 57600
- 115200

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Употребете го копчето (B) за да ја одберете излезната стапка.

- 1 Hz
- 5 Hz
- 10 Hz

HC94949,000082F-A8-24JUL15

NMEA Пораци

Messages



PC21210—UN—28MAY15

A—GGA
B—RMC
C—ZDA
D—GSA
E—VTG

Одберете NMEA излезни редови.

NMEA Редови

NMEA има развиено спецификација која ги дефинира односите помеѓу деловите на електронската опрема.

ЗАБЕЛЕШКА: За да ги користите податоците од NMEA, купете комплет на радарски кабелски сноп.

GGA (A)–Основни податоци за одредената положба кои обезбедуваат 3D локација и податоци за точноста.

Пример на GGA ред:

$GPGGA,123519,4807.038,N,01131.000,

E,1,08,0.9,545.4,M,46.9,M,,*47

Каде:

GGA	Податоци за одредената положба добиена од системот за глобално позиционирање
123519	Одредената положба земена во 12:35:19 UTC (координирано универзално време)
4807.038,N	Географска ширина 48, степени 07.038' N (север)
01131.000,E	Географска должина 11, степени 31.000' E (исток)
1	Квалитет на одредената положба: 0 = Неважечки 1 = GPS одредена положба (SPS) 2 = DGPS одредена положба 3 = PPS одредена положба 4 = Кинематско реално време 5 = Пловечко RTK 6 = Проценето (пресметување на рута) 7 = Мануелен влезен режим 8 = Режим на симулација
08	Број на сателити што се следат
0,9	Хоризонтално разредување на позицијата
545.4,M	Надморска височина, метри, значи над нивото на морето
46.9,M	Висина на геоид (се мисли на морско ниво) над WGS84

RMC (B)–NMEA има своја верзија на есенцијални податоци за GPS PVT (позиција, брзина, време). Тој се нарекува RMC, препорачаниот минимум.

Пример на RMC ред:

$GPRMC,123519,A,4807.038,N,01131.000,

E,022.4,084.4,230394,003.1,W*6A

Каде:

RMC	Препорачана минимална реченица C
123519	Одредената положба земена во 12:35:19 UTC (координирано универзално време)
A	Статус A=активен или V=неважечки.
4807.038,N	Географска ширина 48, степ. 07.038' N (север)
01131.000,E	Географска должина 11, степ. 31.000' E (исток)
022,4	Брзина над земјата во јазли
084,4	Агол на патеката во степени точно
230394	Датум - 23-ти Март 1994
003.1,W	Магнетна варијација
*6A	Податок за контролна цифра, секогаш започнува со *

ZDA (C)–Датум и време

Пример на ZDA ред:

$GPZDA,hhmmss.ss,dd,mm,yyyy,xx,yy*CC

$GPZDA,201530,00,04,07,2002,00,00*6E

Каде:

hhmmss	Час, минута, секунда
dd,mm,yyy	Ден, месец, година
xx	Часа на локалната зона -13..13
yy	Минути на локалната зона 0..59
*CC	Контролна цифра

GSA (D)–GPS Разредување на прецизноста (DOP) и активни сателити. Оваа реченица дава детали за

видот на исправката за сателитската меѓуположба. Тука се вклучени бројот на сателитите што се користат при моменталните пресметки и DOP (резредувањето на прецизноста). DOP е показател за ефектот на сателитската геометрија врз прецизноста при одредувањето на положбата. Тоа е неименуван број, кој што колку е помал толку е подобро. За 3D одредена положба при користење на четири сателити 1.0 би се сметал за совршен број. За решенија добиени со прекумерно одредување, можно е да се видат броеви под 1.0.

Пример на GSA ред:

$GPGSA,A,3,04,05,,09,12,,,24,,,,,2.5,1.3,2.1*39

Каде:

GSA	Сателитски статус
A	Автоматско бирање за 2D или 3D одредување на положба (M = мануелно)
3	3D одредување на положба - вредностите вклучуваат:: 1 = нема одредена положба 2 = 2D одредена положба 3 = 3D одредена положба
04,05,,09,12-,,,24,,,,,	PRNs на сателити што се користат за одредување положба (има место за 12)
2,5	PDOP (Разредување на прецизноста)
1,3	Хоризонтално разредување на прецизноста (HDOP)
2,1	Вертикално разредување на прецизноста (VDOP)
*39	Податок за контролна цифра, секогаш започнува со *

VTG (E)–Постигната брзина е добра. GPS приемникот може да го користи префиксот LC наместо GP ако истиот се угледува на Loran излезот.

Пример на VTG ред:

$GPVTG,054.7,T,034.4,M,005.5,N,010.2,K*33

Каде:

VTG	Постигнатото следење е добро и брзината на движење
054.7,T	Постигнато точно следење е добро (степени)
034.4,M	Постигнато магнетното следење е добро
005.5,N	Брзина на движење, јазли
010.2,K	Брзина на движење, километри на час
*33	Контролна цифра

HC94949,0000AD5-A8-08FEB17

StarFire™ 6000–Главен

PC21476—UN—28AUG15

A—Информативен таб

Информативниот таб ги прикажува информациите и статусот на навигација и сигналите за корекција на StarFire™. Информациите од страната можат само да се гледаат.

HC94949,0000833-A8-28AUG15

Позиционирачки режим на приемникот



PC21375—UN—17JUL15

Режим за позиција

Позиционирачкиот режим покажува дали приемникот пресметува 3-D позиционирање, 2-D позиционирање или нема позиционирање. Исто така го прикажува сигналниот статус на StarFire™:

- SF1
- SF3
- Кинематско реално време (RTK)
- RTK Extend™ (RTK-X)

HC94949,00007EE-A8-29JUL15

Машинска локација и брзина



PC21194—UN—27MAY15

Машинска локација и брзина

A—Ширина
B—Должина
C—Копче Префрли
D—Висина
E—GPS Курс
F—GPS брзина

Географска ширина (Lat) (A)–Прикажана е локацијата на машината преку координатите на

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company
RTK Extend (продолжено) е заштитен знак на Deere & Company

географската ширина во однос на екваторот (северно или јужно).

Географска должина (Lon) (B)–Прикажана е локацијата на машината преку координатите на географската должина во однос на главниот меридијан, т.е. Гринич (источно или западно).

ЗАБЕЛЕШКА: Префрлачкото копче (C) го менува начинот на кој се прикажуваат географската ширина и должина од степени, минути и секунди до децимални степени.

Надморска височина (D)–Прикажана е височината на приемникот во метри (стапки) над морското ниво, мерено од врвот на куполата на приемникот.

GPS Курс (E)–Прикажан е правецот на движење, во степени во однос на вистинскиот север (нулти степени). 90 Степени е исток, 180 степени е југ и 270 степени е запад.

GPS Брзина (F)–Прикажана е брзината на движење на машината во km/h (mph) како што се мери од приемникот.

ЗАБЕЛЕШКА: Курсот и брзината вообичаено покажуваат мали осцилации дури и кога машината не се движи.

HC94949,0000834-A8-24JUL15

Индикатор за прецизност на приемникот

ЗАБЕЛЕШКА: Може да одземе 30 минути за индикаторот за прецизност да достигне 100% за прецизност од 3 см (1,2инчи).



PC21218—UN—08JUL15

Индикатор за прецизност

Индикаторот за прецизност ја прикажува прецизноста во одредувањето на позицијата која е постигната од приемникот, и е прикажана во проценти (0–100%).

Кога приемникот почетно ќе се вклучи, прикажаната прецизност е 0% и се зголемува како што се подобрува прецизноста во одредувањето. За да се постигне наведената прецизност и повторливост, потребна е 100% прецизност.

HC94949,0000C67-A8-03NOV17

Прецизност на приемникот при одредување на позиција

Многу фактори влијаат врз прецизноста во позиционирањето. Доколку не се постигне целосна прецизност во рок од 30 минути земете ги во предвид следниве можности како причина за тоа:

- Попречен поглед на небото–дрвја, згради или други структури ги блокираат приемните сигнали од достапните сателити.
- L1/L2 Односот меѓу сигнал и шум (SNR)–радио пречките од 2-насочно радио или други извори предизвикуваат ниска вредност за SNR (проверете го сателитското софтверско копче–графиконот).
- Сателитската позиција на небото–сиромашната сателитската геометрија може да ја намали прецизноста (проверете го сателитското софтверско копче–SkyPlot (комбиниран приказ на сателитите на небото)).
- Бројот на сателитите земени при пресметувањето–вкупниот број на сателити што приемникот ги користи за пресметување на позицијата (проверете го сателитското софтверско копче–SkyPlot (комбиниран приказ на сателитите на небото)).

HC94949,0000AD4-A8-31JAN17

Квалитет на приемниот сигнал



PC21383—UN—21JUL15

A—Квалитет на сигнал за GPS
B—Квалитет на сигнал на SF

Квалитет на GPS сигналот (A)–Прикажан е квалитетот на сигналите што се примени од констелацијата на GNSS (вклучителни GPS и GLONASS) сателитите.

Квалитет на SF сигналот (B)–Прикажан е квалитетот на применият StarFire™ сигнал за корекција во приемникот.

HC94949,0000837-A8-28JUL15

Модул за теренска компензација кај приемникот



PC21196—UN—29MAY15

Модул за компензација на терен

A—Агол на нишање
B—Агол на нагиб
C—Стапка на отстапување

Модулот за теренска компензација (TCM)–Прикажан е аголот на бочното навалување (A), аголот на навалување напред-назад (B) и стапката на вртење (C).

- Агол на наваленост настрана–Графичко и цифрено прикажување на износот на навалувањето на TCM што е измерено, во однос на калибрираниот нулти референтен степен. Позитивниот агол на наваленост настрана укажува дека машината е навалена на десно (опишува како би изгледал хоризонтот од кабина).
- Агол на навалување напред-назад–Позитивниот агол на наваленост напред-назад се случува кога машинската кабина е навалена на назад и негативен агол на наваленост напред-назад се случува кога машинската кабина е навалена на напред.
- Стапка на вртење–Графичко преставување и цифрен знак за износот на ротација на TCM што е измерена. Позитивната стапка на вртење покажува дека машината се врти во десно.

HC94949,0000838-A8-24JUL15

Сателитски информации

PC8663—UN—29APR15

Копче Мени

1. Изберете копче Мени.



PC21222—UN—02JUN15

Копче за StarFire™ 6000

2. Изберете го StarFire™ копчето 6000.

PC24843—UN—12OCT17

Софтверско копче за сателитски информации

3. Изберете го софтверско копче за сателитски информации.

HC94949,0000C5B-A8-12OCT17

Сателитски информации за следење



PC20544—UN—11DEC14

Сателитски информации за следење

A—Следени сателити
B—Решение за брзина
C—Решение за позиција
D—Време на корекции (секунди)
E—VDOP
F—HDOP
G—PDOP

Информациите од сателитското следење се прикажуваат на дното на комбинираниот приказ на сателити на небо и на графичките табови.

- Сателити што се следат (A)–Вкупен број на сателити што се следат од приемникот.
- Решавање на брзината (B)–Број на сателити што се достапни на приемникот и се пет степени над маската за висинската кота.
- Решавање на позицијата (C)–Број на сателити кои се користат за пресметување на позицијата.

Решавањето на позицијата ги користи единствено податоците со висока доверливост при пресметување на позицијата на приемникот. Решавањето на брзината користи што е можно повеќе сателити за пресметување на средните вредности врз основа на претходно пресметаното решение за позицијата. Како резултат на тоа, прикажаниот број за сателити за решавање на брзината се повеќе од сателитите за решавањето на позицијата.

- Време на корекции (D)–Временски интервал за диференцијалните корекциони сигнали до приемникот (вообичаено помалку од 10 сек.).

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

- VDOP (E)–Вертикално разредување на прецизноста
- HDOP (F)–Хоризонтално разредување на прецизноста
- PDOP (G)–Позиционо разредување на прецизноста

Овие три вредности се показател за сателитската геометрија што се гледа од страна на приемникот. Пониско PDOP укажува на подобра сателитска геометрија за пресметување на двете, т.е. хоризонталната и вертикалната позиција.

HC94949,00007B3-A8-22JUL15

Таб за комбиниран приказ на сателити на небото

PC21322—UN—21JUL15

Таб за комбиниран приказ на сателити на небото

Комбинираниот приказ на сателитите на небото ја прикажуваат сателитската геометрија во однос на приемникот.

HC94949,0000820-A8-22JUL15

Читање на небесната шема на сателитите



PC21381—UN—20JUL15

Планетарен распоред

A—Паѓачко мени за сателитски систем

- Одберете го сателитскиот систем од паѓачкото мени (A).
  - GPS–Систем за глобално позиционирање
  - GLONASS–глобален навигациски сателитски систем
  - StarFire™

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

- Небесната шема е фиксна и север е секогаш горе.
- Сателитите се прикажани како нивен сателитски идентификационен број (ID) што одговара на табелата од сателитското следење.
  - Црвен–Покажува дека сателитот е во режим на барање.
  - Син–Покажува дека сателитот се следи.
  - Зелен–Покажува дека сателитот се користи за корекции.
- Небесната шема се состои од три концентрични кругови отсликани со 0, 30 и 60 степени искачување со насочено пресекување во форма на крст кое што претставува 90 степени на искачување.
- Радијалните линии што се шират од центарот на комбинираниот приказ го претставуваат азимутот, и се раздвоени на 30 степени.
- Насоченото прекрстување преставува север, југ, исток и запад, но и азимути на 0, 90, 180 и 270 степени.

HC94949,00007B7-A8-28JUL15

Табела на сателитско следење



PC20515—UN—09DEC14

Табела на сателитско следење

A—Сателитски ID
B—Elv Позиција
C—Azm Позиција
D—L1 SNR
E—L2 SNR
F—Статус

- Сателитска идентификација (Sat ID) (A)–Број за идентификација на сателит.
- Позиција на висинска кота (Elv) (B)–Висинска кота на сателитот во степени над хоризонтот.
- Позиција на азимут (Azm) (C)–Азимут на сателитот во степени од вистинскиот север.

ЗАБЕЛЕШКА: Вредностите за L1/L2 односот меѓу сигнал и шум (SNR) се прикажуваат кога е одбран GPS, и вредностите за G1 и G2 SNR се прикажани кога е одбран глобалниот навигациски сателитски систем (GLONASS).

- L1 SNR (D)–L1 систем за глобално позиционирање (GPS) однос меѓу сигнал и шум.
- L2 SNR (E)–L2 GPS однос меѓу сигнал и шум.
- G1 SNR–G1 GLONASS однос меѓу сигнал и шум.
- G2 SNR–G2 GLONASS однос меѓу сигнал и шум.
- Статус (F)–Статус на сателитскиот сигнал.
  - Барање–Барање на сателитскиот сигнал.
  - Следење–Следење на сателитскиот сигнал и негово користење за позиционирање.
  - OK–Следење на сателитскиот сигнал и негово користење за позиционирање.
  - OK SF1–Следење на сателитскиот сигнал и негово користење за позиционирање со SF1 сигнал.
  - OK SF3–Следење на сателитскиот сигнал и негово користење за позиционирање со SF3 сигнал.
  - OK Кинематско реално време (RTK)–Следење на сателитскиот сигнал и негово користење за позиционирање со RTK сигнал.

HC94949,00007B6-A8-27JUL15

Таб за графикон

PC21323—UN—22JUL15

Таб за графикон

Табот за графикон ги прикажува вредностите за односот меѓу сигнал и шум (SNR).

HC94949,0000808-A8-22JUL15

Графикон



PC21324—UN—06JUL15

Вредности за однос меѓу сигнал и шум (SNR)

ЗАБЕЛЕШКА: Вредностите за L1/L2 односот меѓу сигнал и шум (SNR) се прикажуваат кога е одбран GPS на табот за комбиниран приказ на сателити на небото, и вредностите за G1 и G2 SNR се прикажани кога е одбран глобалниот навигациски сателитски систем (GLONASS).

- Лентите се обоени според статусот.
- Вредностите за SNR се прикажани во обоените ленти.

ЗАБЕЛЕШКА: Само зелените ленти се користат во пресметувањето на позиционото разредување на прецизноста (PDOP), вертикалното разредување на прецизноста (VDOP), и хоризонталното разредување на прецизноста (HDOP).

HC94949,00007B5-A8-27JUL15

Индикатор за прецизност на системот за глобално позиционирање (GPS)

Одберете го копчето за мени > GreenStar™ копче > софтверското копче за наведување.

Екранот GreenStar™ 2, екранот GreenStar™ 3 и генерацијата 4 на CommandCenter™ го предупредуваат операторот кога моменталниот StarFire™ сигнал не е оптимален за операции со голема прецизност. Постојат три нивоа на аларм во овој систем (нормално, гранично и лошо). Нивоата се одредени преку вредноста за позиционото разредување на прецизноста (PDOP) кај StarFire™ приемникот и преку бројот на сателитите што се следат.

Бидете внимателни кога приемникот StarFire™ се

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company
StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

употребува во работи со голема прецизност бидејќи може да се случи намалување на прецизноста.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога работите во реално кинематско време (RTK) или RTK Extend™ (RTK-X), се користат обете вредности, и за PDOP и за бројот на сателити при одредување на нивото на аларм.

Кога работите со ниво на сигнал помало од RTK (SF3, SF1 или WAAS), за одредување на ниво на аларм се користи само PDOP.

Индикаторот за прецизност на GPS мора да биде целосно зелена за сезонска повторливост со SF3.



PC21376—UN—17JUL15

Нормално

Нормално

- Зелена лента
- Нормален работен опсег
- Прифатлив опсег за операции со голема прецизност
- PDOP Вредност: 0—3,5
- Шест или повеќе сателити земени при пресметување



PC21377—UN—17JUL15

Гранично

Гранично

- Портокалова лента со константен алармирачки знак кон операторот
- Граничен работен опсег
- Умерен ризик за намалување на прецизноста
- PDOP Вредност: 3,5—4,5
- Пет сателити земени при пресметување



PC21378—UN—17JUL15

Лошо

Лошо

- Црвена лента и трепкачки алармен знак кон операторот
- Лош работен опсег
- Значителен ризик за намалување на прецизноста–не се препорачуваат операции со голема прецизност
- PDOP вредноста поголема од 4.6
- Четири сателити или помалку во пресметувањето

AE77568,00001D7-A8-08FEB17

Уредувач на датотека StarFire™

PC8663—UN—29APR15

Копче Мени

1. Изберете копче Мени.

PC21222—UN—02JUN15

Копче за StarFire™ 6000

2. Изберете го StarFire™ копчето 6000.



PC25569—UN—24APR18

Софтверско копче за уредување датотеки

A—Индикатор за USB

ЗАБЕЛЕШКА: Индикаторот за USB уред (A) станува зелен кога приемникот препознава дека е внесен USB уред.

RTK Extend (продолжено) е заштитен знак на Deere & Company

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

3. Одберете го софтверското копче за уредување датотеки.

RW00482,00006D7-A8-05JUN18

Собирање податоци

Копчето за собирање на податоци ги складира дијагностичките информации внатрешно во приемникот. Не е потребен USB уредот за собирање на податоците. Содавањето датотеки со внатрешни податоци се одвива постојано, на тој начин бележејќи ги дијагностичките информации. Постапката на собирање ги вклучува податоците од претходните 2 часа и податоците приближно 15 минути откако ќе се одбере копчето за собирање на податоци.

PC21313—UN—06JUL15

Копче за собирање на податоци

1. Одберете го копчето за собирање на податоци. Се појавува прозорец за обработка на преносот на податоци.
2. Откако ќе се појави дека било успешно собирањето на податоците, одберете го копчето за прифаќање.

PC21319—UN—06JUL15

Копче за вршење извоз веднаш

PC21320—UN—07JUL15

Копче за подоцна

3. Одберете го копчето за вршење извоз веднаш или копчето за подоцна.

HC94949,0000C7C-A8-06NOV17

Управување со податоци

PC21314—UN—06JUL15

Копче за управување на податоци

Користете го копчето за управување на податоци за да увезете податоци или извезете податоци на USB уредот, или да избришете податоци од приемникот.

ЗАБЕЛЕШКА: Опциите за увоз на податоци и извоз на податоци се достапни кога USB уредот е поврзан со StarFire™ 6000 USB порт.

PC21315—UN—06JUL15

Копче за увоз на податоци

PC21316—UN—06JUL15

Копче за извоз на податоци

PC21317—UN—06JUL15

Копче за бришење на податоци

1. Одберете го копчето за увоз на податоци, копчето за извоз на податоци или копчето за бришење на податоци.
2. Одберете ги посакуваните податоци.

HC94949,0000C62-A8-13NOV17

Ажурирање на приемникот

Копчето за ажурирање на приемникот овозможува директно ажурирање на софтверот на приемникот што е побрзо отколку ажурирањето преку GreenStar™ екранот.

PC21318—UN—07JUL15

Копче за ажурирање на приемникот

1. Одберете го копчето за ажурирање на приемникот.
2. Одберете ги посакуваните ажурирања.
3. Одберете го копчето за ажурирање.

HC94949,0000C7B-A8-06NOV17

Хардверски дефект

PC24862—UN—17OCT17

Индикатор

Прикажано е црвено индикационо светло кога е

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company
GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

откриен дефект кај хардверот. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

HC94949,0000C79-A8-06NOV17

Дијагностика

PC8663—UN—29APR15

Копче Мени

1. Изберете копче Мени.

PC21222—UN—02JUN15

Копче за StarFire™ 6000

2. Изберете го StarFire™ копчето 6000.

PC13049—UN—10NOV10

Софтверско копче за дијагностика

3. Изберете функциско копче за дијагностика.

HC94949,0000AF3-A8-14FEB17

Таб за дијагностичко очитувања

PC23362—UN—03FEB17

Таб за дијагностичко очитувања

Одберете информација од паѓачкото мени.

Харвер и софтвер

- Број на дел од софтвер
- Број на верзија на софтвер
- Број на дел од хардвер
- Сериски број на хардвер

Волтажа на системот

- Директен напон
- Напон преку контактниот клуч
- CAN Висок напон (CAN Bus на возило)
- CAN Низок напон (CAN Bus на возило)

Статус на приемникот

- Часови на приемникот
- Адреса на приемникот
- Надворешна антена
- Сериски NMEA

Следниве очитувања се појавуваат кога приемникот има активација на реално кинематско време (RTK).

RTK

- Број на верзија за RTK (верзија на софтверот за радио за RTK)
- Сериски број на RTK (сериски број за радио на RTK)
- Статус на RTK
- RTK Време(иња) на барање
- Пребарувани стелити со RTK (над 10 степени издигнување)
- RTK-X–RTK Се продолжува до 14 дена кога е изгубен RTK сигналот.

RTK-X

- Преостанати денови со RTK X
- StarFire™ Состојба на изместеност
- StarFire™ сигнал
- Режим за последна грешка на RTK X
- Време на последна грешка

MRTK

- MRTK мрежна порака
- Растојание на базна станица (km)
- Вид на решение

HC94949,0000A7C-A8-15NOV16

Таб за дијагностички податочни записи

Одберете информација од паѓачкото мени.

- Позиционо разредување на прецизноста (PDOP)–

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Тоа е комбинација на вертикална и хоризонтална грешка (или три димензионална). Подобра е пониска вредност на PDOP. Вредност под 2 се смета за оптимална.

- Сателити што се користат–Тоа е бројот на сателитите што приемникот ги користи во решавањето на моменталната позиција. Сателитите не се користат во пресметувањето се додека не бидат над пет степени од маската за висинската кота за WAAS/EGNOS, SF1 или SF3. Сателитите се користат во пресметувањето се додека сателитите паднат под пет степени од маската за висинската кота за WAAS/EGNOS, SF1 или SF3.
- Режим на навигација–Тој е претставен како три различни типови; нема навигација, 2D и 3D. Режимот на навигација помага во одредувањето дали сателитските сигнали паднале во последните 60 минути.
- Диференцијален режим–Го прикажува нивото на применият диференцијален сигнал во текот на изминатите 60 минути. Нивото на купениот сигнал за приемникот ја одредува највисоката точка на графиконот со рамки.
- Квалитет на GPS сигналот–Го прикажува квалитетот на примените сигнали од сателитите на системот за глобално позиционирање (GPS). Наспроти индикаторот за прецизност на GPS, квалитето на сигналот не ги опфаќа WAAS/EGNOS, SF1, SF3 или времетраењето на приемот на сигналот.
- Квалитет на диференцијалниот сигнал–Тоа претставува јачината на StarFire™ мрежниот сигнал (SF3 или SF1). Нормалниот опсег е од 5 до 15, но максималното исчитување на индикаторот е 10. Нумеричката вредност се прикажува оддесно на индикаторот. Секоја вредност над 5 е нормална.
- Прецизност на GPS–Тоа претставува релативен показател на вкупните диференцијални перформанси на GPS.

HC94949,00007FD-A8-22JUL15

Таб за дијагностика преку етер



PC20009—UN—10SEP14

A—Пораки преку етер
B—Историја на пораки
C—Копче за бришење на историја

Пораките (A) преку етер (OTA) му овозможуваат на приемникот StarFire™ 6000 да ги прима лиценците за претплати и активациите преку StarFire™ мрежата. Наместо да се добива кодот за лиценците за претплати преку телефон или интернет, кодот за лиценците за претплати се пренесува безжично преку сателит на StarFire™.

Одете на StellarSupport.com, и внесете барање за да се испрати лиценца за приемникот веднаш или после одредено време. Кај машината, приемникот мора да биде напојуван и да ги следи сателитите за да ја прифати OTA активацијата. Ако активацијата не се вчита успешно, повикајте StellarSupport™ со серискиот број од приемникот за да ја обновите активацијата.

Порака за историја (B)–Ги покажува OTA пораките што биле примени откако приемникот е напојуван. Историјата покажува дали активацијата OTA е успешно применета или не.

Копче за бришење на историја (C)–Ја брише историјата на OTA пораките.

HC94949,00007FE-A8-30JUL15

StarFire™ 6000 – Опции на USB уредот

ВНИМАНИЕ: Неуспешноста во поставувањето или отстранувањето на електронски компоненти поставени на опремата може да предизвика сериозни повреди. Не пристапувајте до USB влезот на приемникот додека машината работи.

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company
StellarSupport е регистриран заштитен знак на Deere & Company

ЗАБЕЛЕШКА: Пакувањата со поголема податочна соодржина може да одземе неколку минути за обавување на преносот. Губењето на напојување или отстранувањето на USB уредот за време на преносот на податоци може да предизвика губење на податоците.



PC24832—UN—11OCT17

A—USB приклучок

Приемникот StarFire™ 6000 има USB влез за побрзо ажурирање на софтверот и за собирање на податоци за настанот од плочата.

HC94949,0000C5E-A8-11OCT17

Најдобар начин на работа со USB уредот

Почекајте 10 секунди после ставањето на USB уредот. Кај поголемите со капацитет USB уреди може да потрае за да бидат препознаени.

Користете USB уред што е поголем од 2 GB или поголем, така да може да складирате повеќе копии.

Исчистете ги сите папки од USB уредот што не се поврзани со StarFire™ приемниците или GreenStar™ екраните.

HC94949,00007C9-A8-20JUL15

Опции на УСБ-диск

Опциите за USB уредот прикажуваат:

- Сериски број за StarFire™
- Последно собирање на податоци
- Пакувања на собраните податоци
- Вкупна величина

HC94949,0000812-A8-22JUL15

Побарувања за USB уредот

Формат–Windows™ табеларен начин на распределба на датотека или (FAT) 32.

Капацитет–Не постои ограничување во големината на меморискиот капацитет за уредот.

Поврзување–USB 2.0 или подобро.

Нема лозинка, енкрипција или BitLocker® можностите се на USB уредот, дури и ако е исклучен.

Кога е приклучен на компјутер, USB уредот требе да се појави како “преносен диск”. Не го користете ако USB уредот се појави како “локален диск”..

HC94949,0000832-A8-19AUG15

Пристап до GreenStar™ 2 екранот и дијагностики на GreenStar™ 3 екранот

Проблематични кодови

PC8663—UN—29APR15

Копче Мени



PC8664—UN—05AUG05

Копче за центар за пораки

PC8655—UN—05AUG05

Копче за центар за пораки

Центарот за пораки ги прикажува сите пораки со активни аларми.

За да отидете до центарот за пораки, одберете го копчето за центар за пораки (прикажува време) или одберете го копчето за мени > копчето за центар за пораки.

Дијагностички адреси

StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company
GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Windows е заштитен знак на Microsoft Corporation во Соединетите Држави и другите земји
BitLocker е заштитен знак на Microsoft Corporation во Соединетите Држави и другите земји

ЗАБЕЛЕШКА: Дијагностичките адреси се достапни за да пристапите до одредените дијагностички информации. Овие информации им помгаат на John Deere трговците во пронаоѓање на проблемите. Различни контролери од дадени уреди може да бидат одбрани од паѓачкото мени.



PC20149—UN—29OCT14

Дијагностички адреси

A—Софтверско копче за дијагностичка адреса

Одберете го софтверското копче за дијагностичка адреса (A). Бројот на достапните уреди зависат од машинската конфигурација. Движете се низ листата за да ги видите адресите. Одберете дадена адреса за да се прикажат деталите.

HC94949,0000B45-A8-14MAR17

Пристап до дијагностика за CommandCenter™ од 4-та генерација

PC17272—UN—17JUL13

Дијагностички центар

Одберете мени > таб за систем > апликација за дијагностички центар.

HC94949,000081B-A8-22JUL15

Екрани GreenStar™ 2 и 3–дијагностички информации



PC12120—UN—11JUN09

GreenStar



PC12121—UN—11JUN09

GreenStar™–дијагностички информации 2/3



PC12122—UN—11JUN09

GreenStar™–дијагностички информации 3/3

A—Преглед–GPS
B—Информации
C—Машина
D—Приклучен уред 1
E—Претходна страница
F—Наредна страница

Одберете го копчето за мени > GreenStar™ копчето > софтверското копче за дијагностика > GPS од прегледот на паѓачкото мени (A).

HC94949,00007BF-A8-22JUL15

Статуси на LED диоди кај StarFire™ 6000

Базна станица	Машина	Статусна порака
OFF (исклучено)	OFF (исклучено)	Напојувањето преку прекинувачот е ИСКЛУЧЕНО
Свети виолетово	Свети виолетово	Слабо напојување (напонот на системот е под 9 VDC)
Трепка жолто	Трепка жолто	Грешка во апликација
Свети жолто	Свети жолто	Хардверски дефект
Трепка цијан (сино-зелена боја)	Трепка цијан (сино-зелена боја)	Репрограмирање
Трепка жолто/цијан	Трепка жолто/цијан	Неуспешно репрограмирање на флеш
Свети циклама	Свети циклама	Сите други држави
Трепка сино	Не е применливо	Брзо пребарување: Корекции што се пренесувани за помалку од 5 сателити
Свети сино	Не е применливо	Брзо пребарување: Корекции што се пренесувани за најмалку 5 сателити
Трепка зелено	Не е применливо	Апсолутно пребарување: Корекции што се пренесувани за помалку од 5 сателити
Свети зелено	Не е применливо	Апсолутно пребарување: Корекции што се пренесувани за најмалку 5 сателити
Не е применливо	Трепка сино	Стекнување на решение
Не е применливо	Трепка зелено	Одредената 2D/3D положба е постигната со прецизност под одбраното ниво на корисникот
Не е применливо	Свети зелено	Одредената 2D/3D положба е постигната со прецизност на одбраното ниво на корисникот

HC94949,0000ADA-A8-23JUN17

ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА СОФТВЕРОТ НА САТЕЛИТСКИОТ ПРИЕМНИК JOHN DEERE STARFIRE™

ВАЖНО – ПРОЧИТАЈТЕ ВНИМАТЕЛНО: ОВОЈ ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА ("ДОГОВОР") Е ПРАВЕН ДОГОВОР МЕЃУ ВАС И ЗАЕДНИЧКИТЕ СЛУЖБИ НА JOHN DEERE, INC., КОРПОРАЦИЈАТА ИМА ГЛАВНА АДРЕСА ЗА ЕДНО МЕСТО НА JOHN DEERE, MOLINE, IL 61265 ("JOHN DEERE") И УПРАВУВА СО ВАШЕТО КОРИСТЕЊЕ НА САТЕЛИТСКИОТ ПРИЕМНИК JOHN DEERE STARFIRE™ КОЈ Е СПОСОБЕН ЗА ПРИМАЊЕ НА КОРЕКЦИОНИ ПОДАТОЦИ, СПОРЕД ОВДЕ ДЕФИНИРАНОТО, КАКО ШТО Е КАЈ САТЕЛИТСКИОТ ПРИЕМНИК STARFIRE 3000 ИЛИ САТЕЛИТСКИОТ ПРИЕМНИК STARFIRE 6000 ("ПРИЕМНИК"). ОВОЈ ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА НЕ СЕ ПРИМЕНУВА НА САТЕЛИТСКИОТ ПРИЕМНИК 300.

СО АКТИВИРАЊЕТО ИЛИ КОРИСТЕЊЕТО НА ПРИЕМНИКОТ НА ПОИНАКОВ НАЧИН, ВИЕ ГИ ПРИФАЌАТЕ И СО СОГЛАСУВАТЕ СО ОДРЕДБИТЕ НА ОВОЈ ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА ВО ОДНОС НА СОФТВЕРОТ ("СОФТВЕР") КОЈ ШТО Е ОДНАПРЕД ИНСТАЛИРАН НА ПРИЕМНИКОТ. ВИЕ СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА ОВОЈ ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА, ВКЛУЧИТЕЛНО ГАРАНЦИСКИТЕ ОДРЕКУВАЊА, ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ОДГОВОРНОСТА, ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ И ОДРЕДБИТЕ ЗА АРБИТРАЖА КОИ СЕ НАВЕДЕНИ ПОДОЛУ, СЕ ОБВРЗУВАЧКИ ЗА ВАС ОД ДАТУМОТ КОГА ГО АКТИВИРАТЕ ИЛИ НА ПОИНАКОВ НАЧИН

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

ЗА ПРВПАТ ГО КОРИСТИТЕ ПРИЕМНИКОТ ("ЕФЕКТИВЕН ДАТУМ"), И ЗА БИЛО КОЈА КОМПАНИЈА КОЈА ЌЕ ГО КОРИСТИ СОФТВЕРОТ КАКО И ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЕДНА ТАКВА КОМПАНИЈА (КОЛЕКТИВНО ОДРЕДЕНО КАКО "ВИЕ" ВО ОВОЈ ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА). АКО НЕ СТЕ ВО МОЖНОСТ ИЛИ НЕ САКАТЕ ДА СЕ СОГЛАСИТЕ СО БИЛО КОЈ ОД ОВИЕ УСЛОВИ, ВИЕ МОРА ВЕДНАШ ДА ПРЕСТАНЕТЕ ДА ГО КОРИСТИТЕ СОФТВЕРОТ, И ДА ГО КОНТАКТИРАТЕ ВАШИОТ ТРГОВЕЦ ЗА JOHN DEERE. ОВОЈ ДОГОВОР Е САМО МЕЃУ ВАС И JOHN DEERE. НЕМА ТРЕТА СТРАНА – ВКЛУЧИТЕЛНО НО И НЕ Е ОГРАНИЧЕНО ЗА БИЛО КОЈ ТРГОВЕЦ НА JOHN DEERE – ИМА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПРОМЕНА ИЛИ ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОВОЈ ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА. ДОКОЛКУ ОВОЈ ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА ВИ Е ДОДЕЛЕН ОД ТРЕТА СТРАНА (КАКО ШТО Е ТРГОВЕЦОТ НА JOHN DEERE), ВИЕ РАЗБИРАТЕ И СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА НЕ СЕ ПОДРАЗБИРА АГЕНЦИСКА ОДГОВОРНОСТ ПОМЕЃУ JOHN DEERE И ТАА ТРЕТА СТРАНА НИТУ Е ПРЕДЛОЖЕНО СО ФАКТОТ ДЕКА ТРЕТАТА СТРАНА ГО ДОДЕЛИЛА ОВОЈ ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА НА ВАС. ОВОЈ ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА ГО ПРЕТСТАВУВА ЦЕЛИОТ ДОГОВОР ШТО СЕ ОДНЕСУВА ЗА СОФТВЕРОТ ПОМЕЃУ ВАС И JOHN DEERE И ТОЈ ГИ ЗАМЕНУВА СИТЕ ПРЕТХОДНИ ПРЕДЛОЗИ, ПРЕТСТАВУВАЊА ИЛИ РАЗБИРАЊА ПОМЕЃУ ВАС И JOHN DEERE.

1. Опис на софтверот. Вашиот приемник доаѓа со целосно однапред инсталиран софтвер. Софтверот му овозможува на приемникот да ги прима и користи податоците за локација на глобалниот сателитски систем за навигација ("GNSSS") и податоците за корекција на GNSS ("GNSS корекциони податоци") кои може да се пренесуваат преку една или повеќе сателитски мрежи. Приемникот е однапред конфигуриран да ги прима јавно достапните, диференцијалните GNSS корекциони податоци, и да овозможи користење на GNSS корекционите податоци на ниво на SF1 ниво на прецизност согласно опишаното во условите што го регулираат вашето користење на приемникот и со него поврзаниот софтвер.

2. Кодовите за активација на прецизност. Ако сакате да му овозможите на вашиот приемник да добие ниво на прецизност повисока од SF1, можете да го активирате нивото на прецизност SF2/SF3 на приемникот преку i) ако вашиот приемник не е моментално подготвен за SF2/SF3, со нарачка и активирање на постојан активационен код кој ќе му овозможи на софтверот да прима активација за SF2/SF3 врз временска база и ii) со нарачка и активирање на активационен код за SF2/SF3 врз временска база. Ако сакате повисоко ниво на прецизност од SF2/SF3, можете да го активирате нивото на прецизност RTK на приемникот преку i) со нарачка и активирање на постојан RTK активацион код и ii) со нарачка на било кој дополнителен хардвер и/или услуги потребни за поврзување на извор на RTK корекциони податоци, како што се дополнителен приемник, RTK радио, RTK модем, претплата за RTK мрежа на трговецот со John Deere, и/или претплата за мобилна RTK. Контактирајте со вашиот трговец на John Deere или друг овластен дистрибутер за нарачка на било кој од кодовите за активација идентификувани во овој параграф, и обрнете внимание дека вашиот трговец на John Deere, овластениот дистрибутер или Deere & Company или подружниците или филијалите може да наплатат дополнителни такси за таквото активирање на кодовите. За да ги разберете конкретните барања за секој извор на RTK корекционите податоци што се достапни во вашата област, ве молиме контактирајте го вашиот трговец со John Deere. Вчитување на кој било од овие кодови за активирање во приемникот со помош на дисплејот за одобрување од страна на John Deere или со помош на компјутерскиот софтвер обезбеден од John Deere (следејќи ги упатствата на John Deere, на пр. во прирачникот за работа) ќе ви овозможи да го користите софтверот во согласност со условите на овој договор, условите што го регулираат вашето користење на приемникот и, согласно применливото, условите што го уредуваат вашето користење на системот за прикажување на John Deere. Активирањето на софтверот за приемникот обично се случува после издавањето на кодот за активација на John Deere, но во некои случаи може да се изведе безжично, преку интернет страната на John Deere (www.stellarsupport.deere.com). Вие сте одговорни за одржување на доверливоста на сите кодови за активирање, за тоа дека нема да ги откриете на било која трета страна или да дозволите нивно користење на трета страна без плаќање на применливите такси за активација.

3. Лиценца. John Deere со ова ви одобрува, и вие прифаќате, лиценца без индивидуално ограничување за користење на софтвер кој може да се чита од машина, форма на објектен код, само како што е овластено со овој договор и применливите одредби за прирачникот за работа со приемникот, за кој вие се согласувате внимателно да го разгледате пред да го користите софтверот. Софтверот може да се користи само на приемникот на која првично бил инсталиран. Вие се согласувате дека нема да доделувате, подлиценцирате, пренесувате, заложувате, изнајмувате или да ги споделувате вашите права според овој договор, освен при можност трајно да ги пренесете сите ваши права според овој договор во врска со продажба на приемникот на кој е инсталиран софтверот опфатен со овој договор. Ако го продадете или на друг начин ја пренесете сопственоста на приемникот, вие се сложувате дека ќе барате од наследникот на сопственоста да ги прифати одредбите без ограничување на истите одредби во овој договор. Во прилог на горенаведеното, вие се согласувате дека нема да го добиете ниту ќе се обидете да го добиете

софтверот или било каков код за активирање, со користење на погрешни или невистинити информации или без плаќање на соодветни такси и давачки, ниту пак свесно ќе им дозволите на другите да го сторат тоа, и вие се сложувате да ги платите таксите и давачките за било какви дозволи за кои поинаку би било потребно. Никаква друга употреба не е дозолена со овој договор освен како што е наведено во овој параграф 3.

4. Права на John Deere. Вие прифаќате и се согласувате дека софтверот е сопственост на John Deere, или давачот на лиценцата и е заштитен со авторско право. Понатаму вие признавате и се согласувате дека сите права, наслови и интереси околу софтверот, вклучувајќи ги и придружните права на интелектуалната сопственост, се и ќе останат на John Deere и на неговиот давател на лиценцата. Овој договор не пренесува на вас никакво именување ниту корист од или на софтверот, туку само ограничено право кое што може да се отповика согласно условите во овој договор. Се согласувате дека нема: (a) користење на приемникот со било која опрема, производи или услуги различни од оние на John Deere, во неговите спецификации, билтени или брошури, назначени дека се компатибилни со приемникот; (b) обратно склопување, обратно составување, менување или поинакво преведување на софтверот, или обидот да се совлада заштитата на авторското право и апликации со механизми за истото да се овозможи; (c) копирање или репродукција на софтверот; или (d) отстранување или бришење на било какво авторско право, заштитен знак или други сопственички права забележани со софтверот, освен ако тоа е изречно дозволено во писмена форма од John Deere или неговите добавувачи или експлицитно дозволено според важечкиот закон и покрај овие ограничувања. Исто така се согласувате да не ѝ дозволите на ниедна трета страна што дејствува под ваш надзор да прави нешто од горенаведеното.

5. Надоместоци за лиценца. Сите такси за лиценца за софтверот на приемникот за почетно активирање на софтверските функции на приемникот се вклучени во цената при првичната нарачка на приемникот, но имајте предвид дека може да се применат посебни трошоци за активација за дополнителни функционалности како што е опишано во делот 2 погоре. Според овој договор, од страна на John Deere, нема да биде наплатена дополнителна такса за лиценца или друга такса. Такси за првична нарачка на приемникот или било какви кодови за активација може да бидат наплатени од страна на вашиот трговец со John Deere, од овластениот дистрибутер или од подружниците или филијалите на Deere & Company.

6. Ограничена гаранција. John Deere гарантира, само во ваша полза но не и за било која друга страна, дека во текот на **"Гарантниот период"** дефиниран подолу, дека софтверот во главно, ќе работи во согласност со применливите функционални спецификации **("Спецификации")** утврдени во документацијата за приемникот. **JOHN DEERE НЕ ГАРАНТИРА ДЕКА РАБОТАТА НА СОФТВЕРОТ ЌЕ БИДЕ БЕЗ ПРЕКИНИ ИЛИ БЕЗ ГРЕШКИ, НИТУ ДЕКА ИСТИОТ ЌЕ ГИ ИСПОЛНИ ВАШИТЕ ПОТРЕБИ.** Ваше единствено правно средство и единствена обврска на John Deere и (согласно применливото) и неговите сервисни партнери во случај на секое барање за гаранција или за било каков недостаток на договор со John Deere или (согласно применливото) неговите сервисни партнери, е тоа дека треба да се користат комерцијалните разумни напори за корекција на таквиот недостаток или, ако корекцијата неможе да се изведе во рок од триесет (30) дена, да се поврати правичниот дел од надоместоците за лиценцата за софтверот утврдено со референците за вашето претходно користење на софтверот и влијанието на недостатокот. Вие прифаќате дека оваа гаранција не се применува онаму каде недостатокот во работењето на софтверот се должи на околности што се надвор од разумната контрола на John Deere и/или е предизвикана од дејство или пропуст на трето лице, вклучувајќи но и не ограничувајќи се, дефектна опрема, Божји дела, удари или други слични причини. Понатаму вие прифаќате дека недостатоците во покриеноста, достапноста или функционирањето на податоците за локација на GNSS, податоците за корекција на GNSS или на софтверот предизвикано со атмосферските услови (вклучително и сцинтализацијата), топографските услови, движење на тектонските плочи или прекин на преносот на податоците од орбиталните сателити се надвор од разумната контрола на John Deere и се сметаат за виша сила. Во таквите случаи, John Deere не превзема одговорност за покривање и проблеми со квалитетот поврзано со овие услови. "Гарантниот период" е една (1) година од денот кога ќе ја преземете испораката на приемникот. .

7. ОДРЕКУВАЊЕ НА ГАРАНЦИЈАТА. СЕ СЛОЖУВАТЕ ДЕКА ПОГОРЕ ДОДЕЛЕНАТА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА ("**ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА**") ПРЕТСТАВУВА ВАШ ЕДИНСТВЕН И ЕКСКЛУЗИВЕН ЛЕК ЗА КАКВИ БИЛО ПРОБЛЕМИ СО СОФТВЕРОТ. ОСВЕН КАКО ШТО Е ПОСТАВЕНО ВО ОГРАНИЧУВАЊЕТО НА ГАРАНЦИЈАТА, СОФТВЕРОТ Е ЛИЦЕНЦИРАНИ "КАКО ШТО Е" И "СПОРЕД ДОСТАПНОТО", И JOHN DEERE, НЕГОВИТЕ ПАРТНЕРИ И ПОНУДУВАЧИ ОД ТРЕТА СТРАНА ИЗРИЧНО СЕ ОДРЕКУВААТ И ВИЕ ИЗРИЧИТЕ ОДРЕКУВАТЕ, ИЗЈАВУВАТЕ И ГИ ОДРЕКУВАТЕ СИТЕ ГАРАНЦИИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ВО ОДНОС НА СОФТВЕРОТ, ВКЛУЧУВАЈЌИ, НО НЕ ОГРАНИЧУВАЈЌИ СЕ НА: КАКВА И ДА БИЛО ИМПЛИЦИРАНА ГАРАНЦИЈА ЗА ПОДГОТВЕНОСТА НА ПРОИЗВОДОТ ЗА ПРОДАЖБА ИЛИ ПОДОБНОСТ ЗА ОДРЕДЕНА ЦЕЛ; КАКВА И ДА БИЛО ИМПЛИЦИРАНА ГАРАНЦИЈА ШТО

ПРОИЗЛЕГУВА ОД ТЕКОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО, ВО ТЕКОТ НА РАКУВАЊЕТО ИЛИ ТРГОВСКАТА УПОТРЕБА; КАКВА И ДА БИЛО ГАРАНЦИЈА ЗА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ ИЛИ НЕПРЕКРШУВАЊЕ; И, КАКВА И ДА БИЛО ГАРАНЦИЈА ШТО ПРОИЗЛЕГУВА ОД КОЈА И ДА Е ПРАВНА ТЕОРИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГРАЃАНСКИ ПРЕКРШОК, НЕБРЕЖНОСТ, НЕПОСРЕДНА ОДГОВОРНОСТ, ДОГОВОР ИЛИ ДРУГА ПРАВНА ИЛИ ПРАВИЧНА ТЕОРИЈА. JOHN DEERE НЕ ДАВА ГАРАНЦИЈА ЗА СПОСОБНОСТА НА ПРИЕМНИКОТ ДА ГИ ДОБИЕ ПОДАТОЦИТЕ НА GNSS, НИТУ ДЕКА КОРЕКЦИОНИТЕ ПОДАТОЦИ НА GNSS ЌЕ БИДАТ БЕЗ ПРЕКИНИ ИЛИ БЕЗ ГРЕШКА. НИКАКВИ ПРЕТСТАВУВАЊА НИТУ ДРУГИ ПРИКАЖУВАЊА НА ФАКТИ ВКЛУЧИТЕЛНО, НО И НЕ ОГРАНИЧЕНО НА ИЗЈАВИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА КАПАЦИТЕТОТ ИЛИ НАМЕНАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ, НЕМА ДА СЕ СМЕТАА ДЕКА СЕ ГАРАНЦИЈА ОД JOHN DEERE ИЛИ ОД БИЛО КОЈ ОД НЕГОВИТЕ ПАРТНЕРИ ИЛИ ПОНУДУВАЧИ ОД ТРЕТА СТРАНА.

8. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА. ОСВЕН КАКО ШТО Е НАВЕДЕНО ВО ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА, ПОД НИКАКВИ ОКОЛНОСТИ JOHN DEERE, НЕГОВИТЕ ПАРТНЕРИ ИЛИ ПОНУДУВАЧИ ОД ТРЕТА СТРАНА НЕМА ДА БИДАТ ОДГОВОРНИ ЗА ВАС ИЛИ ЗА НЕКОИ ТРЕТИ ЛИЦА ЗА ДИРЕКТНО, ИНДИРЕКТНО ИЛИ ПОСЛЕДИЧНО ОШТЕТУВАЊЕ ОД БИЛО КАКОВ ВИД, ВКЛУЧУВАЈЌИ БИЛО КАКВА ЗАГУБА ИЛИ ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД СОФТВЕРОТ; БИЛО КАКОВ ДЕЛУМЕН ИЛИ ЦЕЛОСЕН ДЕФЕКТ НА СОФТВЕРОТ; ИЗВЕДБАТА, НЕИЗВЕДБАТА ИЛИ ДОЦНЕЊЕТО ВО ПОВРЗУВАЊЕТО СО БИЛО КАКВА ИНСТАЛАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ, ГАРАНЦИЈА ИЛИ ПОПРАВКИ НА СОФТВЕРОТ, ОШТЕТУВАЊА ПОРАДИ ЗАГУБИ ВО ПОСЕВ, ОШТЕТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ, ОШТЕТУВАЊЕ НА МАШИНАТА, ГУБИТОК НА ПРОФИТ, ГУБИТОК НА БИЗНИС ИЛИ ГУБИТОК НА УГЛЕДОТ, ЗАГУБА ПОРАДИ УПОТРЕБА НА ОПРЕМАТА ИЛИ СЕРВИСИРАЊЕ ОШТЕТУВАЊЕ НА БИЗНИСОТ ИЛИ РЕПУТАЦИЈАТА КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИЗВЕДБАТА ИЛИ НЕИЗВЕДБАТА ОД БИЛО КОЈ АСПЕКТ НА ОВОЈ ДОГОВОР, БИЛО ДА Е СО ДОГОВОР, ДЕЛИКТ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН, И БИЛО ДА Е JOHN DEERE ИЛИ ДА НЕ Е ИСТИОТ, НЕГОВИТЕ ПАРТНЕРИ И ПОНУДУВАЧИ ОД ТРЕТА СТРАНА ШТО БИЛЕ ИЗВЕСТЕНИ ЗА МОЖНОСТА ОД ТАКВИ ШТЕТИ. ВО НИКОЈ СЛУЧАЈ НЕМА КУМУЛАТИВНА ОДГОВОРНОСТ НА JOHN DEERE ЗА ВАС ИЛИ ЗА КАКВА БИЛО ДРУГА СТРАНА ЗА БИЛО КОИ ЗАГУБИ ИЛИ ШТЕТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ ОД БИЛО КОИ БАРАЊА, ТУЖБИ, БАРАЊА ИЛИ ДЕЛУВАЊА КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД ИЛИ ВО ОДНОС НА КОРИСТЕЊЕТО НА СОФТВЕРОТ И ГО НАДМИНУВА ВАШЕТО ВКУПНО ПЛАЌАЊЕ ЗА ПРИЕМНИКОТ, ЛИЦЕНЦАТА НА СОФТВЕРОТ И БИЛО КАКОВ КОД ЗА АКТИВАЦИЈА.

9. Одржување на софтверот. John Deere може, по сопствен избор, да ви понуди одржување на софтверот, дури и ако гарантниот период е истечен. Таквото одржување може да вклучи обезбедување модификации, корекции или подобрувања (**"Надградби"**) на софтверот и/или применетите пприрачници за работа. John Deere го задржува правото, на сопствена дискреција, да ви наплати за одржувањето (освен во случаи каде корекциите се обезбедени под ограничената гаранција). Вашето прифаќање на овој договор претставува ваш договор дека сите надградби ќе се сметаат за вклучени во софтверот како што е дефинирано со овој договор и дека тие ќе бидат регулирани со условите кои се применуваат на софтверот според овој договор.

10. Рок на лиценца. Овој договор ќе започне од датумот на стапување на сила и ќе истече пред i) работниот век на користење на приемникот ii) датумот кога John Deere го раскинува овој договор согласно условите во овој параграф 10. Овој договор не се обновува автоматски. Траењето на вашата лиценца за користење на кој било дел од софтверот овозможен со активирачки код, како што е временски-базираниот SF2/SF3 активирачки код, ќе бидат регулирани со условите што ќе ви бидат презентирани при купувањето на кодот за активирање.

11. Одземање на лиценцата. John Deere може да ја раскине лиценцата дадена согласно овој договор по писмено известување за престанок како што ви е обезбедено ако прекршите било каков одредба од материјалот во овој договор кои се однесуваат на вашето користење на софтверот или на John Deere, вклучувајќи ги, без ограничување, горенаведените одредби од деловите 3 и 4.

12. Усогласеност со законот. Се сложувате дека ќе го употребувате софтверот во согласност со законите на Соединетите Американски Држави и законите во земјата во која што се наоѓате во согласност со применливоста, вклучувајќи ги законите и регулативите за контрола на надворешната трговија. Софтверот може да биде предмет на извозни контроли и други контроли на надворешната трговија со кои се ограничува препродажба и/или трансфери до други земји и страни. Со прифаќање на условите на овој договор, вие потврдувате дека разбирате дека софтверот може да биде така контролиран, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, прописите за извозната администрација, и/или прописите за контрола на надворешната трговија на Министерството за финансии на САД. Софтверот останува предмет на применливите закони на САД. Понатаму се согласувате дека ниту софтверот ниту приемникот нема да се користат за било каква воена намена.

13. Обесштетување. Вие се сложувате да ги браните, обесштетите и задржите John Deere, неговите партнери и понудувачите од третата страна, и нивните, офицери, директори, вработени, агенти и претставници (секоја **"Обезштетена**

страна"), без опасност од или заштитетни од сите побарувања, побарувачка постапка, повреди, задолженија, загуби или трошоци и надоместоци (вклучително и разумни правни трошоци) донесена од која било трета страна против такви лица кои произлегуваат од или се во врска со вашата злоупотреба на приемникот или на софтверот или вашата повреда на било каков термин од овој договор.

14. Заштитена трговска марка. Во продолжението не е доделено никакво право, дозвола или лиценца ниту интерест, и вие се согласувате дека немате такво право, лиценца или интерест што би била потврдена во ваша полза за заштитните знаци на John Deere.

15. Трошоци за парници. Ако било кое барање или дејство е донесено од било која страна во овој договор против другата страна во врска со предметот на овој закон, страната што ќе преовлада ќе има право на надомест, со секое дополнително олеснување, за разумни адвокатски надоместоци, за арбитри и за централните административни такси за решавање спорови и за трошоците за судските постапки.

16. Салваторна клаузула и одрекување. Доколку било која одредба од овој договор биде прогласена за ништовна или неспроведлива од кој било суд на надлежна јурисдикција, таквата декларација нема да влијае врз останатите услови од овој договор. Неможноста некоја од страните да спроведе некое од правата доделени со овој договор или преземањето активности против другата страна во случај на прекршување на договорот нема да се смета за одрекување од таа страна во однос на понатамошното спроведување на правата од понатамошни дејства во случај на идни прекршувања.

17. Клаузула за јазик. Освен ако законите на локацијата во која живеете не бараат поинаку, тогаш страните со ова потврдуваат дека тие бараат овој договор, и сите други документи поврзани со овој договор да се изготвени само на Англиски јазик. Може да постои и преведена верзија на овој договор за лиценца. Доколку постои недоследност или контрадикција помеѓу преведената верзија и Англиската верзија на овој договор, Англиската верзија на овој договор ќе има првосходна контрола освен ако законите на локацијата во која живеете не бараат различна контролна верзија.

18. Доделување од John Deere. John Deere може да го додели овој договор без ваша претходна согласност на било која компанија или на поврзан субјект со John Deere, или со доделувањата поврзани со корпоративно преструктуирање, спојување или стекнување.

19. Меродавно право и суд. Овој договор ќе се регулира и ќе се толкува во согласност со суштинските закони што важат во државата Илиноис, САД. Соодветните судови на Rock Island County, Illinois имаат исклучива надлежност над сите спорови поврзани со овој договор. Правата и обврските на страните според овој договор нема да бидат регулирани со конвенцијата на Обединетите нации за договори за меѓународна продажба на стоки ("CISG") а страните во оваа насока јасно ја исклучуваат применливоста на CISG кон овој договор за лиценца.

20. Арбитража. ДАЛИ ЌЕ ОСТАНЕТЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ КАДЕ ВО СИЛА СЕ ОДРЕДБИТЕ ОД ДЕЛОТ 17 ЗАВИСИ ОД СТРАНИТЕ ШТО СЕ СОГЛАСУВААТ ДА ЈА ПОТПИШАТ АРБИТРАЦИЈАТА, ТОГАШ БИЛО КАКВИ СПОРОВИ ИЛИ БАРАЊА ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИЛИ СЕ ПОВРЗАНИ СО ОВОЈ ДОГОВОР ТРЕБА ДА СЕ ОДРЕДАТ СО АРБИТРАЦИЈА ВО СОГЛАСНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ПРАВИЛА ЗА АРБИТРАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИОТ ЦЕНТАР ЗА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ ("ICDR") СО СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА ВО ВРЕМЕТО НА НЕГОВОТО ПОВЕДУВАЊЕ. АРБИТРАЖАТА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ПРЕД САМО ЕДЕН АРБИТЕР ШТО ЌЕ ГО НАЗНАЧИ ICDR. МЕСТО НА АРБИТРАЖАТА Е ЧИКАГО, ИЛИНОИС, САД, А ЈАЗИКОТ НА АРБИТРАЖАТА Е АНГЛИСКИ.

21. Изјави на корисникот на лиценцата. ПРИФАЌАЈЌИ ГО ОВОЈ ДОГОВОР, ВИЕ: (A) ПОТВРДУВАТЕ ДЕКА СТЕ ГО ПРОЧИТАЛЕ И РАЗБРАЛЕ ОВОЈ ДОГОВОР; (B) ИЗЈАВУВАТЕ ДЕКА ИМАТЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ДА ВЛЕЗЕТЕ ВО ОВОЈ ДОГОВОР; (C) СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА ОВОЈ ДОГОВОР Е ПРИМЕНЛИВ ЗА ВАС И ЗА БИЛО КОИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО ГО ДОБИЛЕ СОФТВЕРОТ И ЗА КОИ СЕ УПОТРЕБУВА; (D) ГИ ПРИФАЌАТЕ ОБВРСКИТЕ ОД ОВОЈ ДОГОВОР; И (E) ГИ ПРЕСТАВУВАТЕ И СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА СИТЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ИНФОРМАЦИИ ОД ВАША СТРАНА СЕ ВИСТИНИТИ И ТОЧНИ СПОРЕД НАЈДОБРОТО ВАШЕ ЗНАЕЊЕ.

22. Известувања. Сите известувања до John Deere ќе бидат испратени со заверена или препорачана пошта на заедничките служби на John Deere, Inc., One John Deere Place, Moline, IL 61265 U.S.A. Понатаму, примерок од известувањето треба да се испрати до John Deere Intelligent Solutions Group, ATTN: John Deere StarFire 3000, 4052 114th Street, Urbandale, IA 50322 U.S.A. Сите известувања до John Deere ќе бидат ефективни по приемот. Сите известувања треба да ви бидат дадени, по дискреција од John Deere, или да бидат испратени преку заверена или препорачана пошта на адресата дадена на John Deere, трговецот на John Deere, или друг дистрибутивен партнер на John Deere поврзано со купувањето на приемникот. Било кој начин на известување што го користи John Deere ќе биде ефективен по испраќањето. Вие се согласувате да го известите John Deere за секоја промена на вашата адреса на начин како што е наведено погоре.

OUCC002,0005D7C-A8-14JUL18

JDLink™ (ако има во опрема)

ZXLink™

ZXLink™ е синоним за JDLink™ Секогаш кога ќе се спомне JDLink™ тоа се однесува и на JDLink™ и на ZXLink™.

CC20638,00017CA-A8-05MAY17

Теоретска работа на модуларен безжичен телекомуникациски уред

Модуларниот безжичен телекомуникациски уред (MTG) е еден од главните делови што овозможува телематски решенија, вклучувајќи JDLink™. MTG е контролна единица која содржи фирмвер (софтвер впишан во ROM меморија), мобилен модем, уред за идентификација на претплатници (SIM). MTG пренесува податоци до и од услужниот сервер на JDLink ™ преку мобилна мрежа. MTG исто така содржи и безжичен модем кој се користи за пренос на податоци кога е поврзан на безжична мрежа.

JDLink ™ побарува купување на соодветен хардвер и претплата за JDLink ™. Кога MTG ќе се вклучува на машината за прв пат, се регистрира на услужниот сервер на JDLink ™ и добива овластување за пријавување на податоци.

MTG комуникацијата

MTG испраќа и прима податоци и пораки преку мобилни или безжични мрежи. MTG Поддржува други телематски решенија, вклучително Service ADVISOR™ далечинско, John Deere далечински пристап преку екран, John Deere безжичен пренос на податоци и синхронизирано споделување податоци за машините на John Deere. Апликациите со телематски решенија, како што е далечинскиот пристап преку екран бара непрекинато поврзување преку мобилна мрежа за да функционира. Други апликации со телематски решенија, како што е безжичниот пренос на податоци и синхронизираното споделување податоци за машините, ги складираат информациите на екранот и ги пренесуваат податоците кога е воспоставена мобилна врска. Телематските решенија како со JDLink™ не бараат непрекината мобилна поврзаност бидејќи MTG може да складира машински податоци до 1000 часа. Кога MTG ќе се врати во област покриена со мобилна мрежа, податоците од последните 1000 часа се проследуваат до услужниот сервер во следното закажано време.

Кога ја исклучите машината, MTG останува вклучено за потребното време за извршување на функциите. MTG влегува во состојба на мирување до 7 дена. Во текот на состојбата на мирување, MTG повикува во текот на закажаните времиња. Кога се поставени предупредувања за временско ограничување и геоподрачје кај JDLink™, MTG проверува дали има било какви промени во неговата околина. После состојбата на мирување, MTG влегува во состојба на хибернација и не може да испраќа или прима податоци. Единствениот начин да се разбуди MTG од состојбата на хибернација е да се вклучи контактниот клуч и вклучи машината.

Можности на синхронизирано споделување податоци за машините

MTG ја поддржува машината во машинската комуникација. Користејќи ја активацијата на машинската синхронизација, екраните може да споделуваат податоци помеѓу повеќе машини, како што се мапите на покриеност и линиите за наведување.

Можности за далечински услуги

MTG има можност да поддржи далечински услуги. Далечинското сервисирање ADVISOR™ е алатка за техничкото лице на трговецот за сервисирање на контролните единици на други машини користејќи го MTG. Операторот ги прифаќа процедурите за превземање и инсталација. MTG ги добива ажурирањата за фирмверот од John Deere, кои што не тражат делување на операторот или трговецот.

Веб-страна

Испратените податоците од MTG им се достапни на регистрираните корисници користејќи ја веб-страницата на JDLink ™ која е обезбедена со лозинка. Известувањата се испраќаат до корисниците преку e-mail или текстуални SMS пораки. Трговецот мора да се логира за пренос на MTG на нова корисничка сметка.

Погледнете ја моменталната состојба и историјатот на опремата на веб-страницата на JDLink ™. Собраните информации вклучуваат локација, машински часа, време на мирување, интервали на одржување и други поставки за машината. Користете ја веб-страницата за да испратите барање до MTG за да ја видите состојбата на една машина, во реално време.

Безжична мрежа

Безжичниот модем во рамките на MTG овозможува комуникација со локалните мрежи (како што се другите машини, мобилните уреди и компјутерите) и локалните пристапни точки (како што е домашната мрежа или куповната мрежа). MTG може да испраќа и прима податоци и пораки преку безжична мрежа исто како и преку мобилна мрежа.

Користете ги апликациите 4600 CommandCenter™ или SolutionsPlus за да се поврзете на мобилен уред или на некоја пристапна точка.

Bluetooth®

ZXLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company
JDLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Service ADVISOR е регистриран заштитен знак на Deere & Company

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Bluetooth® безжичната технологија овозможува поврзување на мобилни уреди, како што се паметен телефон или таблет, за безжична мрежна конфигурација и преглед на информации кај машини кои немаат поддршка за приказ на возилата.

Апликација SolutionsPlus (Решение плус)

ЗАБЕЛЕШКА: Кога се прави безжично поврзување од машината на локалната мрежа, може да се применат поединечни податочни брзини од таа мрежа.

Апликацијата SolutionsPlus управува со безжичните мрежи за MTG на машината. SolutionsPlus ги сочувува безжичните мрежни ингеренции и ги користи тие информации за поврзување на достапните локални безжични мрежи.

Апликацијата SolutionsPlus е достапна за обата уреди Apple® и Android™ и може да се симне преку Apple App Store® или Google Play™. Таа е достапна како дел од примената на апликацониот центар на John Deere или како самостојна апликација.

Комуникацијата помеѓу SolutionsPlus и MTG е достапна само кога контактниот клуч е свртен на Run и моторот е исклучен. Мобилниот уред мора исто така да биде во рамките на 12,2 m (40 ft) од кабината на машината. После завртувањето на контактниот клуч на Run, пптребна е околу 1 минута за поврзување на Bluetooth®. Само еден мобилен уред може да се поврзе на машината за време на користењето на Bluetooth®.

(За повеќе информации за SolutionsPlus обратете се на помошта преку екранот.)

AE77568,0000351-A8-07JUN17

СИМ-картичка во сопственост на корисникот

Пред инсталирање на претплатничкиот идентификационен модем (SIM) картичката во сопственост на корисникот, потребно е следново:

- Активирана JDLink™ претплата
- Сметка на JDLink™

ЗАБЕЛЕШКА: Се применуваат засебни давачки за податоците коишто ги наплаќа мрежата кога се користи СИМ-картичка во сопственост на корисникот.

MTG содржи порта за микро СИМ-картичката за употреба во земји каде што корисниците обезбедуваат своја СИМ-картичка.



PC20433—UN—04DEC17

A—Мини СИМ-картичка
B—Микро СИМ-картичка

ЗАБЕЛЕШКА: Ако има надградба од MTG 3G, постојната мини СИМ-картичка (A) не е компатибилна со портата за микро СИМ-картичката (B) на MTG 4G LTE.

За да вметнете микро СИМ-картичка:

ЗАБЕЛЕШКА: Исклучете го клучот за контакт пред да вметнете или смените СИМ-картичка.



PC22044—UN—20JAN16

A—Шраф со глава (2 употребени)
B—Вметнување СИМ

1. Отстранете ги и сочувајте ги завртките (A) и делот за вметнување на SIM картичката (B).



PC23789—UN—23FEB17

A—Микро СИМ-картичка
B—Порта за микро СИМ-картичка

2. Вметнете ја микро SIM картичката (A) во местото (B).
3. Повторно инсталирајте го делот за вметнување и завртките.

Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG
Apple е регистриран заштитен знак на Apple, Inc.
Android е регистриран заштитен знак на Google Inc.
Apple App Store е регистриран заштитен знак на Apple, Inc.
Google Play е регистриран заштитен знак на Google Inc.
JDLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Видете се со вашиот John Deere трговец или стручен сервисен услужител за за дополнителни информации за поставување.

AE77568,0000005-A8-04DEC17

Теоретска работа на сателитскиот модул

Во одредени региони, се нуди опционален сателитски модул кој е придружник на модуларниот безжичен телекомуникациски уред (MTG). JDLink™ Хардверот на сателитскиот модул изгледа како хардверот на MTG, но содржи сателитски модем. Сателитскиот модем му овозможува на MTG да пренесува податоци до и од услужниот сервер на JDLink™ преку сателитска врска, кога валидна мобилна или безжична мрежа е недостапна.

Откако е инсталиран сателитскиот модул на MTG, за сателитскиот модул да комуницира преку сателитска мрежа мора да биде активирана сателитската услуга.

Сателитска комуникација

Стандардно планираната честота на повици е на еден повик дневно кога се користи сателитскиот модул. Оваа честота може да биде променета на еднаш неделно на веб-страницата.

Се додека MTG има мобилна покриеност, сателитскиот модул не се користи. MTG се обидува да повика со користење на последниот успешен метод (мобилен или сателитски сигнал). Ако машината се помести во област со слаба мобилна покриеност или без мрежа, MTG не може да го заврши повикот. Веб-страницата на JDLink™ покажува дека машината пропуштила повик. Еден час после неуспешниот повик, MTG го ескалира повикот преку сателитскиот модул.

Ако MTG е поставен за дневен повик, го завршува повикот, и излегува од мобилната покриеност без никакви црвени предупредувања или итни повици, следниот обид за повик е за 24 часа. Може да одземе 25 часа пред да се прими или испрати порака до машината.

Повиците преку сателитскиот сигнал на веб-страницата на JDLink™ се обележани со икона за сателит. Машината мора да има јасен видик на небото за да се поврзе на сателитската мрежа.

Предупредувачки пораки со сателит

Сите телематички пораки имаат класа на насочување и приоритет што одредуваат дали пораките се испраќаат веднаш или во следниот обид на повик. Постои посебна логика за да се утврди дали пораките ќе се испратат преку MTG или сателитскиот модул, доколку почетниот мобилен повик не успеал.

- Црвените предупредувања се испраќаат веднаш.
- Жолтите и информативните предупредувања се стари најмалку 2 часа пред да бидат испратени со следниот планиран повик, или со повик иниран од веб-страницата или на барање од машината.
- Безбедносните предупредувања, како што се временско ограничување и гео-подрачје, зависат од дефинираните поставки за веб-страната од корисникот.
- Барањата испратени од веб-страница до машината се враќаат во рок од околу 5 минути. Ако барањето била прва комуникација со машина по напуштањето на областа на мобилна покриеност, барањата можат да потраат до 1 саат.

Некои ограничувања постојат кога се користи сателитскиот модул. Апликациите за кои е потребна непрекината мобилна врска не се поддржани. На пример, Service ADVISOR™ далечинско, John Deere далечински пристап преку екран, John Deere безжичен пренос на податоци и синхронизирано споделување податоци за машините на John Deere не се поддржани поради ограниченият капацитет на сателитската врска и временското доцнење.

AE77568,00001F0-A8-28JUN16

Собирање податоци

Производите JDLink / ZXLink овозможуваат на John Deere и на John Deere трговците да пристапат до било кој податок создаден со користењето на, собран од, или складиран во производот JDLink / ZXLink или било кој уред што се поврзува со производот JDLink / ZXLink (“Машински податоци”). Купување на производот JDLink / ZXLink, или одделно или како дел од машина, го означува договорот на купувачот дека трговците на John Deere и John Deere може да се соберат, користат и обелоденат податоците за машината како што е наведено во политиката за податоци на машините на John Deere (www.JohnDeere.com/MachineDataPolicy). Купувачите можат да го отстранат пристапот на трговците или на John Deere до податоците за машините преку веб-страницата на Deere Telematics (JDLink.Deere.com). Меѓутоа, отстранувањето на пристапот на John Deere до податоците за машината ќе го спречи купувачот да ги прегледува податоците за машината и од користење на далечинската услуга ADVISOR. Податоците за машината може да се пренесат надвор од земјата од каде што е генерирана, вклучително и во САД.

CZ76372,0000542-A8-26NOV12

JDLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Service ADVISOR е регистриран заштитен знак на Deere & Company

JDLink™ Функции

ЗАБЕЛЕШКА: Сите функции не се вклучени во сите нивоа на услугата. За повеќе информации, контактирајте го вашиот John Deere трговец или посетете ја страната StellarSupport.com.

ЗАБЕЛЕШКА: Не се сите нивоа на услуги достапни во сите земји. За достапност, контактирајте го вашиот John Deere трговец или посетете ја страната StellarSupport.com.

ЗАБЕЛЕШКА: Не се сите нивоа на услуги компатибилни со сите машини. За комплетна листа, контактирајте го вашиот John Deere трговец или посетете ја страната Stellar Support. com.

JDLink™ ги нуди следниве функции, во зависност од нивото на услугата:

Функција	Опис
Состојби на машината	Земјоделските машини се надгледуваат преку следниве состојби на машината: Лер, работна и превозна. Детални состојби се достапни за некои видови машини. Машините C&F се надгледуваат преку следниве состојби на машината: Вклучен контакт, лер, мало оптоварување, средно оптоварување и големо оптоварување. (Побарајте помош на веб-страницата на JDLink™ за повеќе информации, вклучувајќи ги и дефинициите за состојбите на машините за секој тип на машина.)
Патна карта и локација на сателитска карта и насоки за возење	Картата ја прикажува локацијата на машината кога последен пат била повикана услугата за Esri® приказ на карта. Картата може да биде прикажана како карта со улици, сателитска слика без информации за улиците, сателитска слика со преклопена улична карта или карта со контурите на земјиштето со преклопена улична карта. Избирањето на иконата на машината му овозможува на корисникот да генерира насоки за возење до или од машината.
Машински саати	Машинските саати ги прикажуваат часовите кога машината била вклучена или исклучена и датумите кога тие саати биле пријавени. Корисникот може да користи временски филтер за да ги види саатите за одреден временски период.
Предупредувања за временско ограничување и гео-подрачје	Гео-подрачјето му овозможува на корисникот да постави дефинирана област. Може да се постави предупредување за да се извести сопственикот ако машината влегува или излегува од тоа специфично гео-подрачје. Функцијата за временско ограничување им овозможува на корисниците да постават кога и е дозволено на машината да биде вклучена. На пример, ако корисниците сакаат машината да работат само од 9 пред пладне до 5 часот по пладне, и таа машина е стартувана во 06:05 по пладне, на корисниците им се испраќа предупредување. Овие предупредувања може да се испратат преку e-mail или текстуални SMS пораки, во зависност од изборот на операторот.
Работни часови	Функцијата на работни часа ги прикажува часовите и времето од денот кога машината работи или исклучува по месец. Месечните извештаи може да бидат испечатени или испратени или како CSF или PDF датотеки.
Извештај за испраќање по e-mail или планиран извештај	Користените моторни саати и извештаите за далечински пристап преку екран може да се побараат како e-mail извештаи. Известувањата за предупредување, крајна—употреба, крајно—гориво и извештаите за одржување може да се испраќаат до пет примачи на одредена фреквенција.
Service ADVISOR™ од далечина	Далечинското сервисирање ADVISOR™ (SAR) му овозможува на техничкото лице на трговецот од далечина да пристапи до информацијата за дијагностичкиот код на грешка, да создаде очитувања и записи и да ги програмира контролерите без да мора да је посети машината. (Референца за работа—За повеќе информации далечинско сервисирање ADVISOR™).
Напредно користење на машината	MTG ги снима податоците од сензорите во целата машина. Типовите на напредното користење на собраните машински податоци варира според типот на машината и моделот. Еден пример на машинското користење на информацијата е табела со износ на потрошено гориво од секоја машина. Други примери се просечна стапка на гориво, просечна патна брзина, просечни вртежи на моторот и просечна температура на течноста за ладење.
Информации за користење на системот (процент на AutoTrac™ искористеност)	Информациите за користењето на системот покажуваат колку време се користат одредени компоненти и функции на машината (на пример, AutoTrac™ или IVT™).
Управување со одржувањето	Профилот за одржувањето им овозможува на корисниците да видат кога нивните машини се должни да идат, се планирани или се задоцнети за одржување. Корисниците може да изберат дозволен пристап на трета страна до нивниот локален John Deere трговец, така што одржувањето може веднаш да се закаже.
Далечинско дијагностицирање користејќи ги дијагностичките кодови на грешка	JDLink ™ може да ги предупреди корисниците кога една од нивните машини пријавува дијагностички код на грешка. Менаџерите можат да го видат кодот на веб-страницата за да дознаат точно кои кодови се генерирани на машината. Корисниците можат да дадат пристап на нивните трговци до нивната сметка за JDLink™ за да го видат профилот на одржувањето на нивните машини. Корисниците исто така можат да наместат своја сметка да испраќа предупредување до трговецот преку E-mail или SMS текст.
Далечински екрански пристап на John Deere (RDA)	RDA му овозможува на корисникот да го гледа во живо екранот на машината што работи во поле, на уред прикачен на интернет како што е компјутер, таблет или паметен телефон.

JDLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Функција	Опис
John Deere безжичен пренос на податоци (WDT)	WDT му овозможува на корисникот да испраќа податоци за поставките и рецептите до, и да презема документација од екранот со помош на MTG.

Esri е заштитен знак на институтот за истражување на животната средина, Inc.
Service ADVISOR е регистриран заштитен знак на Deere & Company
AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company
IVT е регистриран заштитен знак на Deere & Company

AE77568,00001F8-A8-28JUN16

Ниво на услуги на сателитскиот модул

Кога сателитскиот модул е во употреба, податоците од повеќе JDLink™ функции се пренесуваат од машината до веб-страницата. Меѓутоа, не се сите функции подржани од страна на сателитскиот модул. MTG може да ги зачува овие преостанати податоци кои не се испраќаат од сателитскиот модул до 1000 часа. На следниот мобилен повик, најновите 1000 часовни складирани податоци се пренесуваат од MTG на веб-страницата.

PC15291—UN—26NOV12

A—Икона на сателит

Во моментов постојат девет податочни ставки кои се заеднички кај земјоделските машини на John Deere, без оглед на услужното ниво на услуги со можност за сателитски пристап. Тие се наведени подолу. За да потврдите дека сателитскиот модул повикува и дека MTG има сателитска конфигурација, проверете ја веб-страницата. На табот за “Поставка на терминалот”, двете и “Комуникација” и “Последен повик” треба да имаат икона на сателит (A).

- Ниво на гориво во резервоар
- Користење гориво
- Последно измерен моторен час
- Употреба на машината
- Максимална температура на разладното средство
- Максимална температура на хидрауличното масло
- Максимална температура на маслото на преносот
- Број.Прекинато.Реген
- Број.Комплетирано.Реген

HC94949,0000B0E-A8-15FEB17

Мобилен со машина

Од мобилен на машина е функција достапна на апликацијата 4600 CommandCenter™ и апликацијата SolutionsPlus. Од мобилен на машина го конфигурира модуларниот безжичен телекомуникациски уред (MTG) како пристапна точка за мобилните уреди и и обезбедува пристап до информации за софтвер на трета страна.

JDLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company
CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company

За конфигурирање на 4600 CommandCenter™:

PC17269—UN—15JUL13

Копче Мени

1. Изберете копче Мени.

PC24253—UN—19MAY17

Системско префрлачко копче

2. Изберете картичка Систем.

PC23092—UN—26SEP16

Копче за поставки на безжична врска

3. Изберете го копчето за поставки на безжичната врска.

PC24254—UN—19MAY17

A—Лента со преклопник

4. Преклопникот за од мобилен на машина ВКЛУЧЕТЕ го (A).



PC24255—UN—19MAY17

A—Копче OK

ЗАБЕЛЕШКА: Задавањето на името и лозинката за мрежата се создаваат автоматски.

Името на мрежата мора да биде со должина 8—13 знаци.

Лозинката на мрежата мора да биде со должина 8—21 знаци.

5. Внесете уникатно име и лозинка за мрежата. Одберете го OK копчето (A).
6. На мобилниот уред, побарајте го името на MTG мрежата. Изберете ја мрежата и внесете ја лозинката.

PC24256—UN—19MAY17

A—Копче Уреди

За да го промените името или лозинката на мрежата или да го видите бројот на поврзаните уреди, одете до страната за безжични поставки и изберете го копчето за уредување (A).

За конфигурирање мобилен уред:

1. Стартувајте ја апликацијата SolutionsPlus на мобилниот уред.
2. Изберете ја соодветната индустрија.

PC24274—UN—26MAY17

Алатки

3. Одберете алатки на дното од екранот.



PC24275—UN—26MAY17

A—Мени
B—Мобилен со машина

4. Изберете мени (A) во горниот десен агол на екранот.
5. Потврдете дека е овозможено од мобилен на машина. Ако не е, изберете од мобилен на машина (B).

PC24276—UN—26MAY17

Мобилен со машина

6. На страната со алатки, изберете од мобилен на машина.

PC24277—UN—26MAY17

Копче за започнување

7. Одберете го копчето за започнување.



PC24278—UN—02JUN17

A—Достапна машина

8. Изберете ја посакуваната машина (A).



PC24279—UN—02JUN17

A—Копче за спарување

9. Изберете го копчето за спарување (A) за да се поврзете на машината.

PC24280—UN—26MAY17

Копче Зачувај

10. Внесете ја лозинката на мрежата и изберете го копчето за сочувување за да го комплетирате поврзувањето.

AE77568,0000353-A8-01JUN17

Компоненти

JDLink™ системот ги содржи следниве хардверски компоненти:

- Модуларен безжичен телекомуникационен уред
- Мобилен, GPS и безжична антена
- Безжична антена (може да не биде вклучена во зависност од типот на машината)
- Сателитски модул и антена (опција)
  - Сателитски модул (само одбрани региони)
  - Сателитска антена (само одбрани региони)
- Интернет преклопник (може да не биде вклучена во зависност од типот на машината)

AE77568,00001F1-A8-15JUN16

Модуларен безжичен телекомуникационен уред



PC22020—UN—15JAN16

Модуларен безжичен телекомуникационен уред

Модуларен безжичен телекомуникационен уред (MTG) 4G LTE содржи:

- Главен процесор
- Мобилен модем
- GPS чипсет
- Место за претплатничкиот идентификационен модем (SIM) картичка, за SIM картичка во сопственост на корисникот во земји каде е применливо
- Комуникациски портови за системот
- LED Индикатор за состојба
- Bluetooth® и безжична функционалност



PC22629—UN—12MAY16

JDLink е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG



PC22024—UN—27JAN16

A—Мобилен конектор
B—GPS приклучок
C—Безжичен конектор—Антена со високи перформанси / низок профил
D—Безжичен конектор—Безжична антена

ЗАБЕЛЕШКА: Двата мобилни конектори (A) на модуларниот безжичен телекомуникациски уред (MTG) можат меѓусебно да се заменат.

MTG користи коаксијални TNC приклучоци и за GPS и за мобилен. Со цел да се спречи неправилно поврзување, конекторите користат обратни машки и женски приклучоци. GPS конекторот (B) е машки TNC приклучок и мобилните конектори се женски TNC приклучоци. Соодветните конектори за мобилен, GPS, и безжично поврзување се интегрирани во антенскиот кабел. На спротивниот крај на MTG, постојат два SMA конектори за безжично поврзување. Безжичниот приклучок од десната страна (C) е за антената со високи перформанси или низок профил. Безжичниот приклучок од лево (D) е за безжичната антена. За спречување неправилно поврзување, безжичните конектори користат обратен поларитет.



PC22663—UN—18MAY16

A—LED Индикатор на состојба

LED Индикаторот за состојба (A) ја покажува моменталната состојба на MTG.

ЗАБЕЛЕШКА: Штом се стартува MTG, LED индикаторот за состојба поминува циклично низ секоја боја за активните опции. LED индикаторот за состојба трепка помеѓу секој циклус.

- **Целосно исклучено**—Исклучено или режим на мирување
- **Целосно жолто**—Подигање
- **Трепка жолто**—Будно но нема активна комуникација
- **Бело**—Повикување
- **Сино**—Активен GPS
- **Зелено**—Активен мобилен
- **Магента**—Активна безжична врска

AE77568,0000352-A8-07JUN17

Мобилен, GPS и безжична антена

Двете антени се:

PC22042—UN—19JAN16

Антена со високи перформанси

- Високи перформанси: Обезбедува најголемо засилување, најдолг опсег и најдобри перформанси.



PC22043—UN—18JAN16

Антена со низок профил

- Низок профил: Има помала физичка висина од антената со високи перформанси.

Секоја антена има четири посебни коаксијални кабли, две за мобилен, еден за GPS, и еден за безжиченна врска. Сите кабли се споени заедно во едно куќиште за лесна монтажа.

ЗАБЕЛЕШКА: За најдобри перформанси на терен, користете ја антената со високи перформанси секогаш кога е тоа можно.

Точноста на GPS е деградирана ако нема јасен поглед на небото. GPS сигналот не може да се прима внатре во зграда.

HC94949,0000B0F-A8-15FEB17

Безжична антена

PC22092—UN—27JAN16

Безжична антена

Безжичната антена се користи за безжично поврзување во непосредна близина или во кабината.

AE77568,00001F6-A8-26MAY16

Сателитски модул и антена

Сателитски модул

ЗАБЕЛЕШКА: Сателитскиот модул не е понуден и неговата употреба не е легална во сите региони. За достапност, контактирајте го вашиот John Deere трговец.



PC12694—UN—19JUL10

Сателитски модул

Опционалниот сателитски модул е наменет да биде потчинета единица на модуларниот безжичен телекомуникациски уред (MTG), и самостојно не функционира правилно. На места со слаба мобилна покриеност, сателискиот модул може да се користи за комуницирање наместо MTG.



PC15191—UN—31MAY12

Преден дел на сателитскиот модул

A—Индикатор за напојување
B—Индикатор за достапност на мрежа

Сателитскиот модул користи еден коаксијален TNC конектор за антената. Конекторот е женски TNC приклучок. Соодветниот конектор е вграден во антенскиот кабел. Постојат два LED индикатори на крајот на сателитскиот модул. Индикаторот за напојување е лево (A) и индикаторот за достапност на мрежа е од десна страна (B). LED индикаторот (зелен) за напојување свети кога модулот е управуван од страна на MTG, и LED индикаторот (црвен) за мрежа свети кога сателитскиот модул ја открие сателитската мрежа.

Сателитска антена

PC12642—UN—11JUN10

Сателитска антена

ЗАБЕЛЕШКА: Сателитската антена не е понудена и нејзината употреба не е легална во сите региони. За достапност, контактирајте го вашиот John Deere трговец.

Сателитската антена испраќа и прима пораки од сателитскиот модул.

HC94949,0000B13-A8-16FEB17

Интернет преклопник

PC19634—UN—15MAY14

Интернет преклопник

Интернет преклопникот OCTOPUS 5TX-EEC е специјално дизајниран за употреба во земјоделски средини. Тој поддржува Интернет од 10 MBit/s и брз интернет од 100 MBit/s. Преклопничките модули за интернет подржуваат префрлање на интернет мрежи

во согласност со стандардот IEEE 802.3 (10BASE-T) или 802.3u (100BASE-TX) користејќи бакарна технологија. Преклопничките модули се поставуваат на инсталационото место користејќи завртки. Модулите OCTOPUS 5TX-EEC имаат извртени пет парови на портови од 10/100 Mbit/s (10BASET/ 100BASE-TX, заштитени M12 конектори). На тие приклучоци можно е да се поврзат до пет DTE (податочна терминална опрема) или други TP/TX мрежни сегменти користејќи кабли со извиткан пар жици. TP портовите поддржуваат автоматско совладување, автополарност и автоматско прекршување. Интернет преклопникот е во согласност со заштитната класа IP67 (заштита од удари и туѓи честички: заштита од прашина, заштита од вода: заштитено од влијание при привремено потопување во вода). Овој уред нуди функција со квалитет на услуга (QoS) базирана на IP.

ЗАБЕЛЕШКА: Интернет преклопникот не е неопходна компонента на JDLink™ системот.

Доколку е опремено, овој уред е наменет да дозволи мрежно поврзување со модуларниот безжичен телекомуникациски уред (MTG) за повеќе од еден уред понуден од страна на John Deere.

Инсталацијата на овој интернет преклопник бара хардверски инсталационен комплет. За нарачка, инсталација и поддршка, контактирајте го вашиот John Deere трговец. Инструкции за инсталација може да најдете со помош на вашиот трговец на John Deere опрема.

AE77568,000001A-A8-03MAR15

Работен напон за интернет преклопникот

Работен напон за интернет преклопникот	
Номинален опсег на напон	12—24 V DC
Минимален опсег на напон	9 V DC
Максимален опсег на напон	32 V DC

AE77568,000001B-A8-24FEB15

Најава на веб-страна

За нови JDLink™ клиенти е потребно да се креира корисничка сметка. Контактирајте го вашиот трговец со John Deere опрема за помош при креирање на корисничко име и лозинка за вашата JDLink™ сметка.

Кога ќе влезете на JDLink™ веб-страната, од операторот ќе биде побарано да внесе корисничко име и лозинка. Операторите со пристап до една организација се носат директно на нивната сметка. На операторите со пристап до повеќе организации им се обезбедува паѓачка листа со нивните организации. Изберете организација за да ги видите информациите за таа сметка.

RW00482,00002FF-A8-23MAY14

Започнување

Поставување на JDLink / ZXLink

Поставувањето за MTG може да биде направено само преку веб-страната на JDLink / ZXLink или од страна на трговецот преку сервисот ADVISOR.

ЗАБЕЛЕШКА: MTG не може да се постави користејќи ја машината или GreenStar екранот.

Потребни информации

Вашиот локален John Deere трговец е одговорен за пренесување на терминалот JDLink на корисничката сметка. Следниве информации ќе бидат потребни за трансферот да биде обработен.

- Информации за организацијата

  Ова е сметка која ги управува сите терминали и корисници за бизнис или група.

- Корисничко име на клиентот

Апликацијата John Deere мобилна жетва ја проверува верзијата на софтверот на безжичниот податочен сервер (WDS) складираните материјали во оперативниот центар на John Deere. Ако е достапна понова верзија на софтверот, апликацијата за мобилна жетва го превзема софтверот од

оперативниот центар на John Deere и го испраќа до WDS.

1. Поврзете го таблет на WDS.

   (За повеќе информации, погледнете за поврзување таблет на безжичен податочен сервер.)

2. Отворете ја апликацијата за мобилна жетва и најавете се на оперативниот центар на John Deere.

3. Ако е достапен понов софтвер, операторот добива известување на GreenStar™ 3 2630 дисплејот. Изберете го копчето за прифаќање (A) и следете го известувањето од дисплејот за препрограмирање на WDS.

PC8663—UN—29APR15

Копче Мени

PC20562—UN—16DEC14

Копче на сервер за безжични податоци

PC18513—UN—26FEB14

Функциско копче



PC21330—UN—16JUL15

Поставување на сервер за безжични податоци

A—Копчето за ажурирање на софтверот

Рачно репрограмирање на WDS

Ако известувањето за ажурирање на софтверот е отфрлено или откажано, операторот може да го препрограмира WDS од страната за поставки на WDS.

1. Изберете копче Мени.
2. Изберете го копчето за Сервер за безжични податоци.
3. Изберете го мекото копче за Поставка.
4. Изберете го копчето за ажурирање на софтверот (A) за да проверите дали е достапен софтверот.

ЗАБЕЛЕШКА: Додека се одвива жнеењето, нема да се појави известување за ажурирање на софтвер. Ако е достапно ажурирање, известувањето за ажурирање на софтвер се прикажува после вклучување на напојувањето или после бирање нов клиент, фарма или поле.

5. Следете го известувањето на дисплејот за да го препрограмирате WDS.

HC94949,00009CF-A8-28APR16

Ажурирање на апликацијата John Deere мобилна жетва

Употребете ја продавницата за апликации на таблетот за да ја ажурирате мобилната жетва. Повеќето производители на таблети ги известуваат корисниците доколку има достапно ажурирање за

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

превземените апликации. Контактирајте го вашиот трговец со John Deere за да се уверите дали ја имате последната верзија на апликацијата пред користење на мобилна жетва.

AE77568,0000113-A8-06JUL15

Лозинка за ресетирање на безжична мрежа

PC8663—UN—29APR15

Копче Мени

PC20562—UN—16DEC14

Копче на сервер за безжични податоци

PC18513—UN—26FEB14

Функциско копче

Ако моменталната лозинка е позната:

1. Изберете копче Мени.
2. Изберете го копчето за Сервер за безжични податоци.
3. Изберете го мекото копче за Поставка.



PC21331—UN—16JUL15

Поставување на сервер за безжични податоци



PC20569—UN—15DEC14

Поставки за лозинка

A—Копче за поставување на лозинка
B—Поле за внес на претходната лозинка
C—Поле за внес на нова лозинка
D—Поле за внесување потврда за новата лозинка
E—Копче Потврди

4. Изберете го копчето за поставки за лозинка (A).
5. Внесете ја претходната лозинката (B).
6. Внесете ја новата лозинка (C) и потврдете ја новата лозинка (D).
7. Изберете го копчето за Прифаќање (E).



PC21331—UN—16JUL15

Поставување на сервер за безжични податоци



PC21309—UN—29JUN15

Поставки за лозинка на серверот за безжични податоци

PC21310—UN—29JUN15

Заборавена лозинка на безжичниот податочен сервер

A—Копче за поставување на лозинка
B—Копче за заборавена лозинка
C—Сериски број на серверот за безжични податоци
D—Код за проверка

Ако лозинката е непозната:

1. Изберете копче Мени.
2. Изберете го копчето за Сервер за безжични податоци.
3. Изберете го мекото копче за Поставка.
4. Изберете го копчето за поставки за лозинка (A).
5. Одберете го копчето за заборавена лозинка (B).
6. Контактирајте го вашиот трговец на John Deere и обезбедете го со серискиот број на WDS (C) и челиңц кодот (D).

AE77568,0000101-A8-12AUG15

Дијагностика на безжичен податочен сервер

PC8663—UN—29APR15

Копче Мени

PC20562—UN—16DEC14

Копче на сервер за безжични податоци

PC18512—UN—26FEB14

Софтверско копче за дијагностика



PC22151—UN—17FEB16

Дијагностика на безжичен податочен сервер

A—Број на делот
B—Сериски број
C—Верзија на софтверот / Број на дел
D—Статус на претплата
E—Копче за фабричко ресетирање
F—CAN броила на приклучен уред

1. Изберете копче Мени.
2. Изберете го копчето за Сервер за безжични податоци.
3. Изберете го софтверско копче за дијагностика.

Број на дел (A) и **сериски број** (B)—Приказ на идентификациони информации за безжичниот податочен сервер (WDS).

Софтверска верзија / број на дел (C)—Приказ на инсталиран софтвер на WDS.

Статус на претплата (D)—Приказ дали е активна или неактивна претплатата за WDS.

ЗАБЕЛЕШКА: Податоците неможе да се повратат после фабричко ресетирање. За да спречите загуба на податоци, осигурајте се податоците на безжичниот податочен сервер (WDS) да се синхронизирани со таблетот пред да ги избришете податоците или да го замените WDS.

Копче за фабричко ресетирање (E)—Ги брише сите податоци од WDS, вклучително информациите за името и лозинката за бежичната мрежа.

CAN броила на приклучен уред (F)—Го прикажува бројот на CAN пораките примени на CAN bus-от. Насобраните броеви или активниот статус укажува на тоа дека има комуникација на CAN bus-от.

ЗАБЕЛЕШКА: CAN броилата може да се користат за дијагностика за трговецот.

Комбајни имаат само еден CAN bus-от. Само CAN1 бројач се зголемува.

RW00482,00005A8-A8-17FEB16

Материјал за дополнителна поддршка

Дополнителен материјал за поддршка е достапен преку мобилната апликација за понатамошно помош на корисниците при користење и решавање проблеми:

- Како со видеа
- Забележување симптоми и препораки за решавање на проблеми
- Препораки за оптимизација

RR94114,0001FE9-A8-17DEC14

Решавање на проблеми—Таблет

Симптом	Проблем	Решение
Таблетот не може да ја превземе апликацијата од продавницата за апликации.	Хардвер на некомпатибилен таблет или оперативниот систем.	Проверете дали се користи таблет со компатибилен хардвер и оперативен систем. Погледнете на Deere.com или кај вашиот John Deere трговец за компатибилна верзија на хардвер и оперативни системи за таблетите.

Симптом	Проблем	Решение
	Недоволна меморијата на таблет.	Уверете се дека таблетот има доволно меморија за да ја превземе мобилната апликација. Обратете се до производителот на таблетот за менаџирање со меморијата на таблетот.
	Нема интернет поврзување.	Проверете дали е овозможен податочниот план или Wi-Fi®. Погледнете го материјалот за поддршка од производителот на таблетот за дијагностицирање на проблеми поврзани со интернет конекција.
	Недоволно ниво на акумулатор.	Осигурете да се исполнети минималните барања за ниво на батеријата од производителот на таблетот за превземање апликации.
	Проблеми за складирање на апликацијата.	Продавницата за апликации може да има проблеми. Обидете се да ја превземете апликацијата подоцна.

AE77568,0000117-A8-12AUG15

Листа за проверка предсезона

- ☐ Ажурирајте ги сите компоненти на апликацијата за мобилна жетва, вклучително:
  - GreenStar™ 3 2630 дисплеј
  - StarFire™ Приемник
  - Сервер за безжични податоци (WDS)
  - Ажурирајте ги сите компоненти на апликацијата за мобилна жетва, вклучително:
- ☐ Осигурајте се комбајната да е правилно поставена и калибрирана.
- ☐ Ажурирајте го оперативниот систем на таблетот.
- ☐ Ажурирајте ја апликацијата John Deere мобилна жетва.
- ☐ Осигурајте се поставувањето на GreenStar™ 3 2630 дисплејот да е комплетиран.
- ☐ Проверете го кабелското ожичување да не е оштетено.
- ☐ Осигурајте се Cinch™ дека приклучокот е поврзан.
- ☐ Проверете дали антена е правилно поставена и поврзана.
- ☐ Осигурајте се сите конектори да се поврзани, и сите пинови правилно наместени.
- ☐ Осигурајте се сите податоци за жетвата да се синхронизирани со посакуваните локации или избришани.

AE77568,0000114-A8-14JUL15

Листа за проверка после сезона

- ☐ Осигурајте се сите податоци за жетвата да се синхронизирани со посакуваните локации или избришани.
- ☐ Проверете го кабелското ожичување да не е оштетено.

RR94114,0001FEC-A8-17DEC14

Дневна листа за проверка

- ☐ Осигурајте се комбајната да е правилно поставена и калибрирана.
- ☐ Осигурајте се сите податоци за жетвата да се синхронизирани со посакуваните локации или избришани.
- ☐ Осигурајте се таблетот да е целосно наполнет пред користење на апликацијата за мобилна жетва. Поврзете на излезниот приклучок за 12 V DC во кабината од комбајната за да го наполните таблетот.

AE77568,0000120-A8-29JUL15

Wi-Fi е регистриран заштитен знак на Wi-Fi Алијансата.
GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
StarFire е регистриран заштитен знак на Deere & Company
GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Cinch е регистриран заштитен знак на Cinch inc.

AutoTrac™ RowSense™ (ако има во опрема)

AutoTrac™ водење

PC16676—UN—18MAR13

Управување со AutoTrac™

AutoTrac™ претставува помошен систем за управување што му овозможува на операторот да ги тргне рацете од волан додека машината се движи по креираната линија за наведување во полето. Операторите сеуште мора да ја свртат машината околу крајот на редовите. Со притискање на копчето за обнова, AutoTrac™ ја враќа контролата и ја насочува машината преку соседниот премин.

AL70325,0000435-A8-13APR17

Рачно водење

Информации за патеките за водење и работа во секој режим на следење се дадени понатаму во поглавјата ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАТЕКАТА НА СЛЕДЕЊЕ и режим на следење.

Откако ќе ја креирате патека за водење, возете ја машината по патеката. Најблиската патека е означена со подебела бела линија. Растојанието на отстапување од патеката се покажува на индикаторот за точност на патеката. Овој број го покажува растојанието од машината до најблиската патека. Бројот на отстапувањето ќе продолжи да брои се додека машината не ја достигне точката на половина пат помеѓу двете патеки. Кога ќе дојде до половина, бројот на грешката ќе почне да одбројува назад како што машината се доближува до следната патека.

Бројот на патеката е прикажан под индикаторот за точност на патеката и автоматски се ажурира од системот како што се доближува до новата патека. Бројот на патеката се менува кога машината е на половина пат меѓу две патеки. Тонови на следење го алармираат операторот кога машината е блиску до патека. Адаптивните криви не ги прикажуваат броевите на патеките.

HC94949,00003A0-A8-25SEP13

Работете безбедно со системите за водење

Не користете ги системите за водење на патишта. Секогаш исклучете ги (деактивирајте ги) системите за водење пред да излезете на пат. Не обидувајте се да вклучите (активирате) систем за водење за време на транспорт по патишта.

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Системите за водење се наменети за да му помогнат на операторот да ги извршува теренските работи поефикасно. Операторот е секогаш одговорен за патеката на машината. Системите за водење не ги откриваат или спречуваат автоматски судирите со пречки или со други машини.

Наведувачките системи вклучуваат било каква апликација што го автоматизира управувањето на машината. Ова вклучува, но може да не биде ограничено на, AutoTrac™, iGuide™, iTEC™ Pro, Автоматското AutoTrac™ вртење, AutoTrac™ Universal (ATU), RowSense™, и синхронизација на машината.

За да не дојде до повреда на операторот и луѓето во близина:

- Никогаш не се качувајте на или симнувајте од машина што е во движење.
- Проверете дали машината, приклучниот уред и системот за водење се правилно поставени.
  - Ако употребувате iTEC™ Pro или автоматското AutoTrac™ вртење , проверете ги точните граници кои се дефинирани.
  - Ако употребувате Machine Sync, проверете дали е калибрирана точката за следење до дома со доволен простор помеѓу машините.
- Бидете претпазливи и обрнете внимание на околината.
- Преземете контрола над воланот, кога има потреба, за да избегнете опасности на теренот, луѓето во близина, опремата или други пречки.
- Престанете со работа ако слабата видливост не ви дозволува да работите со машината или да ги препознавате луѓето или пречките на патот на машината.
- Земети ги во предвид условите во полето, прегледноста и машинската конфигурација кога ја избирате брзината на машината.

JS56696,0000ABC-A8-20DEC17

Општи информации

ВАЖНО: Системот AutoTrac се потпира на системот за глобално позиционирање (GPS) со кој управува владата на САД, и е единствено одговорна за неговата прецизност и одржување. Системот подложи на промени што би можеле да влијаат врз неговата прецизност и работа на целата опрема на GPS.

Операторот мора да ја задржи одговорноста за

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company
iGuidet е заштитен знак на Deere & Company
iTEC е регистриран заштитен знак на Deere & Company
AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company
RowSense е регистриран заштитен знак на Deere & Company

машината и мора да врти на крајот на секоја патека. Овој систем нема да врти на крајот на патеката.

Основниот систем на AutoTrac е наменет за користење како помошна алатка на механичките ознаки. Операторот мора да ја пресмета севкупната прецизност на системот за да ги одреди специфичните теренски операции каде што може да се користи асистирано управување. Оваа проценка е потребна бидејќи прецизноста што се бара за различни теренски операции може да варира во зависност од работата. AutoTrac ја користи мрежата на диференцијална корекција StarFire, покрај GPS. Со текот на времето може да се појават мали изместувања во положбата.

HC94949,000039F-A8-23SEP13

Поставки за водење

PC15305—UN—19MAR13

Икона за поставки

Изберете ја иконата SETTINGS (поставки) на врвот на апликацијата за водење за да ги конфигурирате поставките за водењето.

Мастер за водење

Мастерот за водењето ја вклучува или исклучува апликацијата за водење.

HC94949,00003AD-A8-02OCT13

Предвидувач на вртењето

PC17238—UN—11JUL13

Предвидувачот за вртење го алармира операторот така што го предвидува крајот на преминот и го прикажува растојанието до крајот на преминот во преглед на мапата.

ЗАБЕЛЕШКА: Стандардно предвидувачот на вртењето е вклучен

предвидувачот на вртењето е наменет за да ја предвиди само точката на вртење на машината користејќи Parallel Tracking (паралелно следење) или AutoTrac додека е во режим на права патека. Тој НЕ е аларм за крај на полето. Предвидувачите на вртење се засноваат само на однесувањето на машината на претходните вртења. Точките на вртење се дефинираат и кога AutoTrac е деактивиран и грешката на насоченост е преку 45 степени. Предвидувањата на вртењето нема да се совпаднат со границата на полето ако таа не е линеарна и континуирана, или ако операторот врти пред или по границата на полето.

Растојанието ќе се одбројува до предвиденото вртење, и ќе се слушнат тонови кога машината е на 10 секунди од точката на вртење. Ова се случува секој пат кога ќе се достигне предвидената точка на вртење.

Визуелниот индикатор ќе се смени во жолто за 10 секунди од предвиденото вртење, а потоа во црвено откако ќе го помине местото на предвиденото вртење. Бела линија на пресекувањето го означува местото на вртење.

AutoTrac

Предвидувачот на вртењето ќе се намести автоматски на ON (вклучено) по секое воспоставување на напон или по секој истек на време на прекинувачот за седиште. Предвидувачот на вртењето не може да се исклучи на машината ако прекинувачот за присуство на операторот не е поврзан за CANBUS. Еднаш кога ќе се исклучи, ќе остане исклучен до следното воспоставување на напон, до истекот на времето на прекинувачот за седиште, или ако операторот повторно рачно не го вклучи.

Секогаш кога предвидувачот на вртењето повторно ќе се ресетира на ON (вклучено) по истекот на времето на прекинувачот за седиште (ако операторот не е на седиштето 7 секунди на тракторите), ќе прикаже аларм кој означува дека предвидувачот на вртењето е ресетиран на ON бидејќи операторот го напуштил седиштето. Достапна ќе биде опција за повторно да се исклучи од симболот за предвидувач на вртењето на мапата.

HC94949,000038B-A8-23SEP13

Тонови на следење

Тоновите на следење може да се користат како звучен индикатор за насоката на управување. Ако патеката е десно од машината, два длабоки звучни сигнала. Ако е лево од машината, еден висок звучен сигнал. Алармот се повторува додека отстапувањето меѓу машината и патеката за водење е 10 — 40 цм. (4 — 16 инчи).

ЗАБЕЛЕШКА: Тоновите на следење се стандардно вклучени.

HC94949,00003AE-A8-23SEP13

Промена на патека



PC16665—UN—18MAR13

A—Центар на поместување на патека
B—Лево поместување на патека
C—Десно поместување на патека

Поместувањето на патека ја прилагодува положбата на машината во лево, централно, или десно при поставување на патека. Користете го поместувањето на патеката за надоместување на отстапувањето на GPS-от.

Поместувањето на патеката ја прилагодува патеката 0 и сите линии за наведување поврзани со патеката. Линиите за наведување се поместуваат десно или лево од однапред одреденото растојание. Операторот може исто така да ја стави линијата за наведување на машината во средина.

За да ја поставите моменталната позиција на машината во централна линија, одберете го центарот на поместување на патеката (A). За да ја поместите линијата во лево, одберете го левото поместување на патеката (B). За да ја поместите линијата во десно, одберете го десното поместување на патеката (C).

ЗАБЕЛЕШКА: Поместувањето на патека се враќа на стандарна вредност при ВКЛУЧУВАЊЕ.

Поместување на една патека е оневозможено додека е активно снимањето на прилагодливите криви.

Вредноста на максималниот чекор на поместување што е дозволено со AutoTrac™ активно е 30 cm (12 in). Со неактивно AutoTrac™, на операторот му е дозволено поместување до 914 cm (360 in).

ЗАБЕЛЕШКА: Отстапувањето е својствено за сите диференцијално корегирани GPS системи врз сателитска основа.

Кога користите SF1, SF2, или SF3 диференцијални корекции (или кога користите RTK режим за брзо пребарување), патеката со текот на времето може да отстапува или при циклусите кај снагата на системот. Промената на патеката може да се користи за да компензира за отклонот на GPS.

Поместување на една патека не се препорачува со прилагодливите криви. Менувањето се заснова на моменталното одење по патеката, а не на геометријата на целата патека. Промената на патеката може да предизвика некои делови на патеката да се поблиску или подалеку од саканата патека. Поместување на една патека не прави надоместување заради својственото отстапувањето кај GPS-от кога се користат прилагодливите криви.

Копчето за центар на поместување на патеката е оневозможено со кривите AB. Користете ги копчињата за лево и десно поместување за да ги поместите и обновите кривите патеки AB.

Вкупните поместувања се видливи кога се уредува дадена права патека или насочувачката линија на кружна патека. Јасните менувања се прифатливи за сите патеки.

CZ76372,000077D-A8-21NOV16

Поставки за светлосната лента

ЗАБЕЛЕШКА: Светлосната лента уште се нарекува и индикатор за прецизноста на патеката.



PC15309—UN—04APR13
Големина на степенот на светлосната лента

Големина на степенот — Се користи за да се одреди вредноста на отстапувањето од патеката претставено со едно квадратче на светлосната лента.

Насока кон која треба да се управува — Кога оваа опција е избрана, светлата што светат лево од светлосната лента значат дека машината мора да се управува во лево за да се израмни со патеката на водење.

Насока на изместување — Кога оваа опција е избрана, светлата што светат лево од светлосната лента значат дека машината мора да се управува во десно за да се израмни со патеката на водење.

HC94949,000038F-A8-23SEP13

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Поставки за закривена патека



PC9529—UN—27OCT06

Ублажување на остри кривини ИСКЛУЧЕНО



PC9530—UN—27OCT06

Ублажување на остри кривини ВКЛУЧЕНО

A—Претходно поминување
B—Следно поминување—исклучено ублажување на остри кривини
C—Следно поминување—вклучено ублажување на остри кривини
D—Радиус на вртењето во поле

Непречени тесни вртења — Кога е овозможено, системот автоматски ја измазнува завземената патека што е многу тесна.

Активатор за снимање на крива — Снимањето на прилагодливата крива патека може да биде активирано мануелно или базирано на AutoTrac™ . Рачното поставување снима само кога се притиска копчето за снимање. AutoTrac™ го поставува снимањето кога AutoTrac™ е активно на проектираната линија, и потоа го запира снимањето кога AutoTrac™ е неактивно. Ако е одбрана поставката за AutoTrac™, копчето за снимање сеуште може да се користи.

Снимени продолжетоци на АВ Кривата — Продолжетоци во вид на права линија може да се додадат на почетокот и на крајот од кривата патека АВ. Продолжетоците се генерираат за 90 m (300 ft.). Со ВКЛУЧУВАЊЕ на поставките не се додаваат продолжетоците на претходно снимените криви АВ.

ЗАБЕЛЕШКА: Можеби ќе биде потребно да се исклучат продолжетоците за да се спречи меѓусебното вкрстување на линиите. Доколку линиите се вкрстат, остатокот од кривите може да не се генерира.



PC9905—UN—05FEB07

Радиус

R—Радиус на вртењето на приклучниот уред

Радиус на вртење на приклучниот уред во поле — Најмалиот радиус на вртење на приклучниот уред додека е во полето.

HC94949,0000390-A8-23NOV15

Поставки на кружна патека

PC20395—UN—08DEC14

Растојание до централна точка

Растојание до центар на ротација — Растојание од центар на кружницата до моменталното место. Растојанието го покажува само до 1609 m (5280 ft.).

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Вклучете за да се покаже копче на мапата за наведување.

CZ76372,0000739-A8-08DEC14

Растојание меѓу патеки

Растојанието меѓу патеките се користи во апликацијата за водење за да се одреди на колкаво растојание е секое поминување од претходното поминување. Проредот на патеката е сличен на работната широчина, но проредот на патеката единствено се користи за наведување и двете вредности се независни една од друга.

За да се одржи ширината на редовите меѓу минувањата, поставете го растојанието меѓу патеките да биде исто како и работната ширина. За да се обезбеди извесно преклопување при обработување на земјиштето или распрскување, или за да се земе во предвид извесното остапување кај GPS-от, направете го проредот на патеката помал од работната широчина.

HC94949,0000265-A8-23NOV15

Осетливост на управување

Осетливоста на управувањето со воланот ја нагодува агресивноста на системот за управување на AutoTrac. Со поголема осетливост, управувањето е поагресивно. Оваа поставка му дозволува на системот да се справува со тешки услови за рачно управување со воланот, како интегрални приклучни уреди со тешко влечно оптоварување. Со помала осетливост, управувањето е помалку агресивно, и му дозволува на системот да се справува со полесно влечно оптоварување и повисоки брзини.

Внесете број од 50 до 200. Зададената вредност е 70. Вредноста може да се менува врз основа на контролерот за управување



PC17128—UN—18JUN13

PC17129—UN—18JUN13

A—Интервал од 10 секунди

B—Интервал од 1 секунда
C—Модел на грешки на патеката

- Премногу ниско: Ако осетливоста на управувањето е премногу ниска, на приказот се гледа модел на бавно минување на грешките на патеката. На овој модел на грешки на патеката (C) му требаат околу 10 секунди (A) за да оди од една до друга страна. Ако се појават премногу грешки на патеката, зголемете ја осетливоста на управувањето по малку се додека не се достигне саканата прецизност.
- Премногу високо: Ако осетливоста на управувањето е на највисоко ниво, нема да се добие максимална прецизност на патеката. Ако осетливоста на управувањето е премногу висока, ќе има преголемо движење на предните тркала што ја намалува прецизноста и предизвикува непотребно абење на предната оска. На екстремно високи нивоа, движењето на машината ќе стане доволно големо за да предизвика осетливоста на управувањето моментално да се смени на стандардното ниво. Движењето на воланот што се гледа кога се одредува дали агресивноста е превисока се појавува на интервал од околу 1 секунда (B) од една до друга страна. Ако се појави преголемо движење на воланот, намалете ја осетливоста на управувањето по малку се додека не се достигне саканата перформанса.

ЗАБЕЛЕШКА: Нормално е да се види моментална грешка на патеката кога наидувате на голема бразда, длапка или промена на оптоварувањето на приклучниот уред. Соодветното нагодување на осетливоста на управувањето ќе ги намали грешките на патеката.

За повеќе информации за осетливоста на управувањето, користете го Центарот за помош на екран.

HC94949,0000377-A8-26SEP13

Постави патека за водење



PC17427—UN—17JUL13

A—Копче за поставување на патека
B—Додавање на патека за водење
C—Филтрирање/сортирање на патеките за водење

1. Изберете SET TRACK (постави патека) на главната страница за водење.
2. На листата на патеки за водење, или изберете постоечка линија за водење или креирајте нова.

За повеќе информации за креирање различни патеки за водење, користете го Центарот за помош на екран.

HC94949,00003B0-A8-23SEP13

Права патека

PC16661—UN—06MAR13

Права патека

Режимот за права патека му помага на операторот да вози прави паралелни патеки преку екран и со звучни тонови коишто ќе го предупредуваат дека машината излегла од патеката.

Правата патека му дозволува на операторот да креира почетна права патека за полето користејќи најразлични опции на патеката 0. Штом ќе се дефинира патеката 0 (референтна патека), се генерираат сите минувања за полето. Секое поминување е идентично на првото поминување за да не се појават грешки во управувањето во целото поле. Генерираните поминувања може да се користат за да се работи со Parallel Tracking (паралелно следење) или AutoTrac.

Методите на дефинирање на Track 0 (нулта патека):

- A + B - Дефинирана патека 0 со нејзино возење со возилото.
- A + Auto B - Дефинирана патека 0 со нејзино возење со возилото.
- A + Правец - Дефинирана патека 0 со нејзино возење до точката A и внесување однапред дефинирана вредност за правецот.
- Долж/Шир - Дефинирана патека 0 со внесување на однапред дефинирани вредности за географската ширина и географската должина за точките A и B.
- Долж/Шир + Правец - Дефинирана патека 0 со внесување на однапред дефинирани вредности за географската ширина и географската должина за точката A и внесување однапред дефинирана вредност за правецот.
- Машински пристап за A + B - Дефинирана патека 0 со нејзино возење со возилото.
- Машински пристап за A + Правец - Дефинирана патека 0 со нејзино возење до точката A и внесување однапред дефинирана вредност за правецот.
- Машински пристап за Долж/Шир + Правец - Дефинирана патека 0 со внесување на однапред дефинирани вредности за географската ширина и географската должина за точката A и внесување однапред дефинирана вредност за правецот.

ЗАБЕЛЕШКА: Патеката 0 може да биде дефинирана во текот на работа (на пример, садење), но некои копчиња не се достапни во текот на нејзиното создавање.

За повеќе информации за креирање прави патеки, користете го Центарот за помош на екран.

AL70325,000044F-A8-27NOV17

Брза линија

PC17394—UN—16JUN14

Функциски тастер за брза линија

Функцискиот тастер за брза линија може да се додаде на лентата со кратенки со користење на апликацијата за уредување на изгледот.

Изберете го функцискиот тастер за брза линија за да создадете наведувачка линија со користење на Auto B методата без информации за поставки. Патеката се именува автоматски. Повторно употребете го функцискиот тастер за да ја пребришете постоечката брза линија. За да ја сочувате брзата линија, отворете ја листата со наведувачка патека, изберете го копчето за уредување и преименувајте ја патеката.

CZ76372,000071D-A8-15JUL14

Водич на права патека

Кога се работи за прави патеки, не е неопходно да се возат патеките по одреден распоред. Најблиската патека е означена со подебела бела линија.

Бројот на патеката е прикажан под индикаторот за прецизност на патеката, и имаме автоматско ажурирање кога се наближува нова патека. Бројот на патеката го покажува бројот на одработените лини, и правецот од патеката со број 0. Правецот на патеката е прикажан во однос на патеката со број 0 (Север, Југ, Исток или Запад). Бројот на патеката се менува кога машината е на половина од патот помеѓу две патеки.

Индикаторот за прецизност на патеката го покажува растојанието на грешка поради отстапување од патеката. Грешката поради отстапување од патека го покажува растојанието од најблиската патека до машината. Грешката се зголемува со броењето се додека машината ја досегне точката на половина

меѓу две патеки. Откако ќе се достигне средишната точка, грешката се намалува со броењето како што машината се приближува на следната патека.

Индикаторот за предвидување на вртењето го прикажува растојанието до крајот на преминот во десниот горен дел од наведувачкиот приказ. Растојанието за предвиденото вртење се намалува со броењето и се огласува звук кога машината е на 10 секунди од пресекот на точката за вртење, и повторно кога предвидената точка за вртење е достигната.

CZ76372,0000737-A8-08DEC14

AB кривини

PC16662—UN—06MAR13

AB кривини



PC9028—UN—16APR06

Кривите AB му овозможуваат на работникот да вози по дадена крива линија во полето со две крајни точки (почеток и крај). Минувањата паралелни со патеките во било која насока се создаваат врз основа на првично поминатата патека. Секое минување се генерира од првично извозеното минување за да се гарантира дека грешките во управувањето нема да се пренесат низ целото поле.

ЗАБЕЛЕШКА: Види ги поставките за криви патеки за информации околу прилагодувањето на вашиот систем за оптимални перформанси.

Почетните снимени криви линии AB мора да бидат долги најмалку 3 m (10 ft) за да бидат валидни кривите AB за употреба при наведувањето.

Штом AB кривината (нултата патека) е снимена, десет дополнителни патеки се генерираат (пет поминувања на двете страни на нултата патека). Кога машината вози по петтата патека од нултата патека, уште десет патеки се генерираат во таа насока. Системот продолжува да генерира дополнителни поминувања кога машината вози по последното поминување прикажан на екранот. Машината мора да биде во рамките на 400 m (0.25 mi) од последната генерирана линија за системот да продолжи да генерира криви патеки. Ако машината се наоѓа во надворешните граници, може да одземе неколку минути за генерирање на патека на екранот близу машината. Во текот на ова време, на екранот се прикажува "пресметување на криви".

ЗАБЕЛЕШКА: Возможно е прескокнување на преминување во режим на AB кривини.

Поминувањата не се идентични копии на оригиналното поминување. Закривувањето на поминувањето се менува за да се поправи грешката меѓу поминувањата. Со секое наредно поминување, закривувањето на поминувањата стануваат поконвексни или поконкавни.

ЗАБЕЛЕШКА: Може да се појават пораки со остри кривини и патеки со завршеток, кога сте во режимот за криви патеки AB.

Кривите патеки AB се генерирани од праволиниски продолжетоци од 91 m (300 ft) прикачени на крајот од реалните патеки. Дополнително на автоматски додадените линии од 91 m (300 ft), истите ќе бидат продолжени со линиски продолжетоци пред и после снимената линија за да се направи порамнување со машината или да се продолжи патеката.

Кога е избрано поместување на дадена патека, моменталната патека е прилагодена и се обновуваат пет поминувања од двете страни. Кривата AB може да се користи после генерирање на почетните патеки. Дополнителни патеки се генерираат во текот на работата. Копчето за центар на поместување на патеката е оневозможено со кривите AB. Користете ги копчињата за лево и десно поместување за да ги поместите и обновите кривите патеки AB.

Користете го центарот за помош преку помошта од екранот за повеќе информации околу создавањето на кривите патеки AB.

CZ76372,000077E-A8-21NOV16

Водич за AB кривина

Најблиската патека е означена со подебела бела линија.

Бројот на патеката е прикажан под индикаторот за прецизност на патеката, и имаме автоматско ажурирање кога се наближува нова патека. Бројот на патеката го покажува бројот на одработените лини, и правецот од патеката со број 0. Правецот на патеката е прикажан во однос на патеката со број 0 (Север, Југ, Исток или Запад). Бројот на патеката се менува кога машината е на половина од патот помеѓу две патеки.

Индикаторот за прецизност на патеката го покажува растојанието на грешка поради отстапување од патеката. Грешката поради отстапување од патека го покажува растојанието од најблиската патека до

машината. Грешката се зголемува со броењето се додека машината ја досегне точката на половина меѓу две патеки. Откако ќе се достигне средишната точка, грешката се намалува со броењето како што машината се приближува на следната патека.

CZ76372,0000736-A8-08DEC14

Снимање права патека или навигација околу пречки



PC9030C—UN—27OCT06

Навигација околу пречки

PC15310—UN—09APR13

Копчиња за крива линија и права линија

A—Точка A
B—Точка B
C—Патеки генерирани од нултата патека
D—Закривени сегменти
E—Прави сегменти

1. Почнете снимање на AB кривини
2. Кога сакате да снимате права патека, изберете го копчето Straight Segment (прав сегмент).

ЗАБЕЛЕШКА: Правиот сегмент ќе "скокне" од каде што копчето за прав сегмент е притиснато се додека не се притисне копчето за крив сегмент или копчето за завршување (Done) за да ја заврши патеката.

3. Изберете го копчето за крива линија за да завршите со снимање на правата линија и продолжете со снимање на крива патека.

Оваа постапка може да бие од помош кога има долг прав дел од патеката или кога заобиколувате пречки.

Копчињата за крив и прав сегмент може наизменично да се вклучуваат за време на снимањето по потреба.

HC94949,00003C3-A8-13SEP13

Адаптивни кривини

PC16660—UN—06MAR13

Адаптивни кривини

Патеката со адаптивна кривина му дозволува на операторот да снима крива патека по која рачно управувал. Еднаш кога првото криво поминување ќе се сними и машината ќе се сврти, операторот може да активира Parallel Track (паралелна патека) или AutoTrac кога ќе се појави предвидената патека.

ЗАБЕЛЕШКА: Видете CURVE TRACK SETTINGS (поставки на патека со кривини) за информации за нагодување на Вашиот систем за оптимална работа.

Машината ќе биде водена долж последователни поминувања врз основа на претходното снимено поминување. Секое поминување се генерира од претходното поминување за да не се појават грешки во управувањето во целото поле.

ЗАБЕЛЕШКА: Прескокнувањето на поминувањето му дозволува на операторот да вози или да ја прескокне патеката која е веднаш до таа по која моментално вози. Прескокнувањето поминување не е можно при снимање на адаптивни кривини.

Генерираните поминувања не се идентични копии на оригиналното поминување. Промените во закривувањето на поминувањето ја одржува прецизноста меѓу поминувањата. Со секое наредно поминување, закривувањето на поминувањата стануваат поконвексни или поконкавни. Кога има потреба, операторот може да ја промени патеката на кривината каде било во полето управувајќи со машината надвор од предвидената патека.

ЗАБЕЛЕШКА: Пораките за остра кривина и за крај на патеката може да се појават кога се работи во режим на патека со адаптивни кривини.

Ако не се снима кривина, линијата нема да проектира и може само да помине со AutoTrac по достапните линии. Кога се снима, линиите ќе се проектираат на според претходната линија. Оваа сесија може да се користи за снимање на друга линија рачно, или операторот може да избере AutoTrac за активаторите на снимање на кривина и AutoTracking (автоматско следење) на проектираната линија.

ЗАБЕЛЕШКА: Промената на патеката не се препорачува кога се користат адаптивни кривини. Кога е во режим на адаптивни кривини, промената на патеката нема да компензира за GPS отклонот.

За повеќе информации за креирање патеки со адаптивни кривини, користете го Центарот за помош на екран.



PC9032—UN—17APR06

A—Проста кривина
B—Во квадрат
C—Спирална
D—S-кривина
E—“Тркачка” патека
F—Круг

Режимот на патеки со адаптивна кривина му дозволува на операторот да вози и да биде воден по различни видови поле.

- Проста кривина
- S-кривина
- Во квадрат
- “Тркачка” патека
- Спирална
- Круг

HC94949,0000394-A8-08DEC14

Водич на адаптивна кривина

ВАЖНО: Ако е потребна повторливост кај зачуваните податоци за патеката со адаптивни кривини, треба податоците за првичната патека и за последователните одења преку полето да се креираат со употреба на StarFire RTK прецизност. RTK базната станица треба да работи во режим на апсолутна база.

ЗАБЕЛЕШКА: Растојанието меѓу патеките за податоците за патеката со адаптивни кривини е константно. Ако се користи различна ширина на приклучниот уред кога се враќа на полето, новите податоци мора да се снимат.

Најблиската патека е означена со подебела бела линија. Индикаторот за прецизност на патеката го покажува растојанието на грешка поради отстапување од патеката. Грешката поради отстапување од патека го покажува растојанието од најблиската патека до машината. Грешката се зголемува со броењето се додека машината ја досегне точката на половина меѓу две патеки. Откако ќе се достигне средишната точка, грешката се намалува со броењето како што машината се приближува на следната патека.

Ако дадена крива не била снимена, линиите не се проектирани и операторот само може да го користи AutoTrac™ на достапните линии. Кога се снима, проектираните линии се вон претходните линии. Оваа сесија може да се користи за рачно снимање на друга линија, или операторот може да го одбере AutoTrac™ во активирачите за снимање на крива и AutoTrac™ на проектираната линија.

CZ76372,0000735-A8-08DEC14

Снимање на права патека во адаптивна кривина



PC9284—UN—29JUL06

Околу пречка

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company



PC9285—UN—08AUG06

Права патека

PC15311—UN—09APR13

Копчиња за крива линија и права линија

A—Избрана права линија
B—Правиот сегмент се генерира за да поврзе две точки
C—Патеката на трактерот не е снимена
D—Избрана крива линија
E—Патеката е снимена како права линија меѓу точките A и D
F—Копче за крива линија
G—Копче за права линија

1. Почнете со снимање на адаптивна кривина.
2. Кога сакате да снимате права патека, изберете го копчето Straight Line (права линија).

ЗАБЕЛЕШКА: Правиот сегмент ќе "скокне" од каде што копчето за прав сегмент е притиснато се додека не се притисне копчето за крив сегмент или копчето за завршување (Done) за да ја заврши патеката.

3. Изберете го копчето за крива линија за да завршите со снимање на правата линија и продолжете со снимање на крива патека.

Оваа постапка може да бие од помош кога има долг прав дел од патеката или кога заобиколувате пречки.

Копчињата за крив и прав сегмент може наизменично да се вклучуваат за време на снимањето по потреба.

ЗАБЕЛЕШКА: Најдолгиот прав сегмент што може да се креира е растојание од 0.8 км. (0.5 милји) (2,640 стапки). За поголемо растојание, линискиот сегмент нема да се поврзе со што ќе се создаде празнина во патеката.

HC94949,0000395-A8-13SEP13

Навигација околу пречки



PC9029—UN—17APR06



PC9030—UN—17APR06

A—Исклучено снимање
B—Вклучено снимање
C—Резултат на празнините при следното поминување
D—Рачно управување за повторно да се воспостави патеката

Кога се работи со адаптивни кривини во поле и кога се наидува на пречка, како на пример извор, телефонски столб или електричен вод, операторот мора да вози околу овие пречки.

ЗАБЕЛЕШКА: Користете го копчето за право за да снимите права линија околу пречката. Ова копче ја избегнува празнината во патеката.

ВКЛУЧЕНО снимање: Ако снимањето се остави додека се вози околу пречката, тоа заобиколување

на предвидената патека ќе се сними и ќе стане дел од патеката. На следното поминување кога се доближувате до тој дел во полето, предвидената патека за поминувањето на која што се наоѓа машината ќе го вклучи заобиколувањето. Машината ќе се управува долж обиколувањето. За да се исправи ова заобиколување, операторот мора рачно да ја управува машината и да го исправи заобиколувањето. Кога операторот ќе го помине заобиколувањето во полето и повторно ќе ја добие планираната патека може да се активира прекинувачот за продолжување и AutoTrac ќе го преземе управувањето со машината.

ИСКЛУЧЕНО снимање: Ако снимањето се исклучи при доближување на пречката и возење околу неа, а потоа снимањето повторно се вклучи кога пречката поминала и AutoTrac се активира за да се заврши поминувањето, ќе има празнина во снимената патека каде што била пречката. На следната патека кога машината се приближува до празнината, операторот мора да преземе рачно управување на машината и да вози преку празнината. Кога празнината е помината и предвидената патека е обновена, AutoTrac може да се активира и празнината нема да се појави во наредните поминувања се додека е вклучено снимањето во текот на за следното поминување.

HC94949,0000396-A8-13SEP13

Патека на кружење

PC17400—UN—08DEC14

Патека на кружење

Кружната патека му овозможува на операторот да создава линии за наведување во вид на концентрични кругови. Тоа е дизајнирано да се користи во поле со центар на ротација.

Една дадена кружна патека е врз основа на географската ширина и должина во центарот на ротацијата. Концентричните линии за наведување се создадени врз основа на патеки што се со проред до 1.6 km (1 mi.) од центарот на ротација.

Кружните патеки се дизајнирани за работа со центар на ротација на терен со наклон помал од 2%. Бидејќи кружните патеки создаваат проред меѓу кружници на рамна површина, проредот кај линиите за наведување и центарот на ротација на патеките не се совпаѓаат како што патеката се оддалечува од центарот на вртење при услови на наклонет терен. Ова растојание се должи на разликата помеѓу растојанието поминато на еден даден рид и на рамна површина. Разликата во растојанието се зголемува како што се зголемува наклонот.

Користете го поместувањето на патеки за да ги поместите патеките радијално поблизу или подалеку од централната точка. Поместувањето на патеките не ја поместува централната точка. Поместувањето на патеките му овозможува на операторот да користи приклучни уреди со различна ширина, земајќи ги во предвид различните должини на средиштето на вртливите кули, или да го земе во предвид издолжувањето или собирањето на средиштето на вртливите делови за наводнување. Ако е додаден, изменет или избришан раб на кружна патека, постоечките поместувања за таа патека се избришани. Користејќи го поместувањето кај патеките со раб се причинува приклучниот уред да не е порамнет со работ.

PC20395—UN—08DEC14

Растојание до централна точка

Растојанието до центаралната точка го прикажува растојанието од центарот на кружницата до моменталното место. Растојанието го покажува само до 1609 m (5280 ft.). Карактеристиката мора да биде вклучена во поставките за кружна патека за да се прикаже копчето на мапата за наведување. Веднаш откако копчето е на мапата за наведување, одберете го копчето за да се прикаже или сокрие растојанието.

Постојат две методи за создавање на кружни патеки:

Кружници од географска ширина/должина

PC20396—UN—08DEC14

Кружници од географска ширина/должина

- Ако се познати координатите на географска ширина и должина во центарот на ротација, внесете ја локацијата за да создадете кружна патека.

Возни кружници

PC20397—UN—08DEC14

Возни кружници

- Координатите на географска ширина и должина во центарот на ротација се пресметани од возната патека. Концентричните кружни линии за наведување се создадени од координатите.
- Препорачливо е да се вози целиот круг за оптимално пресметување на центарот на кружницата. Возењето повеќе од целиот круг не ја зголемува прецизноста на пресметката.

Користете го центарот за помош преку помоштa од екранот за повеќе информации околу создавањето на кружни патеки.

AL70325,000041F-A8-05APR17

Раб на кружна патека

PC17399—UN—08DEC14

ЗАБЕЛЕШКА: Работ на кружните патеки може да се користи само на екраните од 4 генерација. Информациите за работ не може да се користат на GreenStar™ 3 екраните.

Работ на кружните патеки ја преставува надворешната граница на центарот на ротација. Тој е прикажан како портокалова линија на мапата за наведување.

Со создавањето на еден даден раб на кружна патека се овозможува линиите за наведување да бидат генерирани почнувајќи од работ. Инаку, линиите за наведување се генерираат почнувајќи од центарот на ротација.

ЗАБЕЛЕШКА: Проредот на патеката и работната ширина мора да бидат еднакви за крајот на приклучниот уред за да се нареди до работ.

Кога се создадени линиите за наведување, работ претставува референтната точка, наместо центарот на кружницата. Тоа може да биде полезно ако се користат приклучни уреди со различен проред на патеки во исто поле. Само внесете нов проред на патеката, и линиите за наведување се прилагодени почнувајќи од работ. Линиите за наведување се генерираат врз основа на работ со користење на проредот на патеката и поместувањата. Доколку се избрише еден даден раб, линиите за наведување се создаваат од центарот кон надвор.

CZ76372,0000738-A8-15DEC14

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Наведување на кружна патека

Кога се работи за кружни патеки, не е неопходно да се возат патеките по одреден распоред. Најблиската патека е означена со подебела бела линија.

Бројот на патеката е прикажан под индикаторот за прецизност на патеката, и имаме автоматско ажурирање кога се наближува нова патека. Бројот на патеката го покажува бројот на одработените лини, и правецот од патеката со број 0. Правецот на патеката е прикажан во однос на патеката со број 0 (Север, Југ, Исток или Запад). Бројот на патеката се менува кога машината е на половина од патот помеѓу две патеки.

Индикаторот за прецизност на патеката го покажува растојанието на грешка поради отстапување од патеката. Грешката поради отстапување од патека го покажува растојанието од најблиската патека до машината. Грешката се зголемува со броењето се додека машината ја досегне точката на половина меѓу две патеки. Откако ќе се достигне средишната точка, грешката се намалува со броењето како што машината се приближува на следната патека.

CZ76372,0000734-A8-08DEC14

Гранична патека на областа со патеки

PC23147—UN—05OCT16

Гранична патека на областа со патеки

Граничната патека на областа со патеки креира наведувачки линии од димензиите на надворешната граница и проредот на патеките.

ЗАБЕЛЕШКА: Полната гранична патека не користи компензација на косини. Ако работите во поле на косина, препорачуваме да користите Прилагодливи криви.

Екранот креира три наведувачки линии базирани на граничната форма и проредот на патеките, една линија надвор од границата и две линии внатре од границата. Може да се зодадата и дополнителни гранични патеки додека машината се движи во полето.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога е избрано поместување на патека, сите патеки се прилагодуваат и регенерираат.

Право пополнување на патеки

Изберете го копчето за пополнување со снимениото за генерирање наведувачки линии користејќи право

пополнување низ целото поле во рамките на ограниченото. Правото пополнување на патеки го користи методот A + B на прави патеки за создавање наведувачки линии. Кога користите контрола на секција, препорачливо е да ги завршите преминувањата на патеките со пополнување во граничните области, пред да се користите со пополнување со снимениото.

Полната гранична патека не може да се извезе на друг екран. Ако граничната патека на областа со патеки е потребна за на друг екран, истата патека може да се генерира користејќи ја истата надворешна граница.

AL70325,0000454-A8-06NOV17

Наведување на граничната патека за областа со патеки

Најблиската патека е означена со подебела бела линија.

Бројот на патеката е прикажан под индикаторот за прецизност на патеката, и имаме автоматско ажурирање кога се наближува нова патека. Бројот на патеката го покажува бројот на одработените лини и правецот од патеката со број 0. Правецот на патеката е прикажан во однос на патеката со број 0 (Север, Југ, Исток или Запад). Бројот на патеката се менува кога машината е на половина од патот помеѓу две патеки.

Индикаторот за прецизност на патеката го покажува растојанието на грешка поради отстапување од патеката. Грешката поради отстапување од патека го покажува растојанието од најблиската патека до машината. Грешката се зголемува со броењето се додека машината ја досегне точката на половина меѓу две патеки. Откако ќе се достигне средишната точка, грешката се намалува со броењето како што машината се приближува на следната патека.

AL70325,0000455-A8-06NOV17

Префрлање на патека (поставеност на патеки)

PC17412—UN—15JUL13

Префрлањето на патека му овозможува на операторот да се префрла помеѓу наведувачките линии. Замената на патека може да се користи за создавање група со патеки (група со линии за управување) или да се користи од глобална група со патеки (сите достапни линии за управување на екранот). Кога се избрани, префрлањето на патека ги менува патеките за наведување базирано на редот на наведувачките линии во поставеноста на патеките.

